УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**

***ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА***

**на тема**

# ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ФАКТОР КОЈ ВЛИЈАЕ ВРЗ УСПЕХОТ ВО ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ


**Кандидат:**

**м-р Теута Јусуфи Бајрами**

**Број на индекс: 34**

**Ментор:**

**проф. д-р Валентина Гулевска**


**Б и т о л а, 2021 година**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**

***ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА***

**на тема**

# ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ФАКТОР КОЈ ВЛИЈАЕ ВРЗ УСПЕХОТ ВО ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

## ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОЦЕНА И

## ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

**проф. д-р Валентина Гулевска, ментор**
Педагошки факултет
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**проф. д-р Име Презиме, претседател**
Педагошки факултет
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**проф. д-р Име Презиме, член**
Педагошки факултет
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**проф. д-р Име Презиме, член**
Педагошки факултет
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**проф. д-р Име Презиме, член**
Педагошки факултет
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

ИЗЈАВА

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував законските прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди. Докторскиот труд е резултат на автентично истражување. Изјавата ја давам под целосна материјална и кривична одговорност.

Изјавила:
м-р Теута Јусуфи Бајрами

*Посветено на моите покојни родители, таткото Исмет и мајката Сејдије, кои ме израснаа со многу труд и изградија во мене морални вредности советувајќи ме на добро однесување кон другите. Ме воспитуваа да го ценам образованието, така што кај нив ја наоѓав мотивацијата за постигнување на оваа цел. Посветено и на мојот сопруг Дашмир кој ме поддржуваше во секој чекор кон постигнување на целта, и на мојот син Ф И Д А Н кој ми го исполни животот со многу љубов и радост.*

*Со многу љубов и почит, вашата Теута!*

БЛАГОДАРНОСТ

На почетокот сакам да изразам благодарност до мојата менторка, проф. д-р Валентина Гулевска, која постојано во текот на моите студии од трет циклус ми даваше голема поддршка, безгранични консултации, советувања и упатства, кои ми ги овозможи од првиот ден кога ја сретнав на Педагошки факултет – Битола, продолжувајќи и за време на подготовката за испитот *Образовна етика*. Голема благодарност за нејзината комуникација, транспарентност, соработка и навремени одговори, особено за изработката на докторската дисертација, со што ми овозможи да ја постигнам целта и денес да ја имаме финалната верзија на докторската дисертација.

Голема благодарност и до почитуваните професори кои исто така ми дадоа совети и упатства во текот на подготовките за полагање на испитите, и тоа: проф. д-р Добри Петровски за предметот *Менаџмент на човечки ресурси во образованието;* проф. д-р Татјана Атанасоска за предметот *Реформи во воспитанието и образованието;* проф. д-р Методија Стојановски за предметот *Образовно водство;* и проф. д-р Деан Илиев за предметите *Методологија на истражување во образовните науки* и *Високошколска дидактика*.

Благодарност до сите вработени на Педагошки факултет - Битола за гостопримството, особено до проф. д-р Љупчо Кевереска.

Докторската дисертација не ќе можевме да ја изработиме и оформиме без помошта и подршката од директорите, наставниците и учениците од основните училишта: *26 Јули* - Скопје*, Лирија* - Скопје, *Ванчо Прке* - Штип, *Коле Канински* – Битола*, Санде Штерјоски* – Кичево и *Башкими* - *Единство* – Гостивар. Голема благодарност до нив за тоа што беа отворени и овозможија да се реализира научното истражување за овој докторски труд.

Благодарност до моите браќа Башким и Азир, и до сите мои роднини, пријатели и колеги кои ми дадоа морална поддршка за постигнување на оваа цел.

# Содржина

Вовед ........................................ 11

**I ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ**

1. Етиката како наука ........................................ 18
2. Историски развој на етиката ........................................ 20
   2.1. Етичките концепции во Античка Грција ........................................ 20
   2.2. Етичките концепции во Антички Рим ........................................ 23
   2.3. Етичките концепции во средниот век (V век - XV век) ........................................ 24
   2.4. Етичките концепции во епохата на хуманизмот и ренесансата (XIV век – XVI век) ........................................ 25
   2.5. Етичките концепции во епохата на нововековната филозофија (XVI век – XIX век) ........................................ 26
   2.6. Етичките концепции во епохата на современата филозофија (XX век – XXI век) ........................................ 30
3. Дефинирање на клучните поими ........................................ 32
   3.1. Дефинирање на поими кои произлегуваат од насловот на трудот ........................................ 32
   3.2. Дефинирање на поими кои се среќаваат во хипотезите на трудот ........................................ 34
4. Етиката во наставниот процес ........................................ 35
   4.1. Етиката во наставните програми во Република Северна Македонија ........................................ 36
      4.1.1. Наставен предмет *Етика во религиите* ........................................ 37
      4.1.2. Наставен предмет *Етика* ........................................ 39
   4.2. Морално воспитание ........................................ 40
5. Професионалната етика на наставниците ........................................ 43
   5.1. Основни морални вредности и етички принципи на наставниците ........................................ 46
   5.2. Личноста и професионализмот на наставникот ........................................ 49

**II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

1. Предмет на истражувањето ........................................................................................ 54
2. Мотив и оправданост за истражувањето ..................................................................... 54
3. Научен и стручен придонес на истражувањето............................................................ 55
4. Цел на истражувањето ................................................................................................. 56
5. Задачи на истражувањето ............................................................................................ 58
6. Хипотези на истражувањето ........................................................................................ 59
    6.1. Општа хипотеза ...................................................................................................... 59
    6.2. Посебни хипотези .................................................................................................. 59
7. Варијабли на истражувањето ....................................................................................... 61
8. Методи, техники и инструменти на истражувањето .................................................. 61
    8.1.Методи на истражувањето ...................................................................................... 61
    8.2.Техники и инструменти на истражувањето ............................................................ 62
9. Популација на истражувањето ..................................................................................... 63
10. Методи на статистичка обработка на податоците од истражувањето ...................... 63
11. Етика во истражувањето ............................................................................................ 65

## III АНАЛИЗА НА ФАКТОРИТЕ И НА ДОВЕРЛИВОСТА НА ПРАШАЛНИЦИТЕ

1. Анализа на фактори на податоците од истражувањето со наставници...................... 67
2. Анализа на фактори на податоците од истражувањето со ученици .......................... 73
3. Утврдување на доверливоста на прашалникот за наставници ................................. 79
4. Утврдување на доверливоста на прашалникот за ученици ....................................... 82

## IV АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Општ опис на карактеристиките на популацијата и примерокот .............................. 86
    1.1. Општи податоци за наставници ............................................................................. 87
    1.2. Општи податоци за ученици .................................................................................. 90
2. Анализа на фреквенциите на добиените резултати од истражувањето ..................... 95
    2.1.Анализа на фреквенциите на добиените резултати од истражувањето

со наставници ............................................................................................................ 95
2.2.Анализа на фреквенциите на добиените резултати од истражувањето
со ученици .................................................................................................................107

3. Дескриптивна статистика на добиените резултати од истражувањето ..................119

3.1. Дескриптивна статистика на добиените резултати од истражувањето со
наставници ...............................................................................................................121
3.2. Дескриптивна статистика на добиените резултати од истражувањето со
ученици .....................................................................................................................127

4. Анализа за потврдување или отфрлање на хипотезите ..........................................133

4.1. Хипотези за анализирање ......................................................................................135
4.2. Анализа на посебни хипотези ................................................................................140
4.3. Анализа за добиени резултати од вкрстените тврдења.......................................164

5. SWOT анализа ........................................................................................................181

5.1. Добиени резултати од SWOT анализата со наставници ..................................183
5.2. Добиени резултати од SWOT анализата со ученици.........................................187
5.3. Компарација помеѓу добиениот резултат од SWOT анализата со наставници
и добиениот резултат од SWOT анализата со ученици ..........................................191
5.4. Вкупно добиени резултати од SWOT анализата со наставници и ученици .....193

**V ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**

1. Заклучоци и препораки ..........................................................................................199

**КОРИСТЕНА ЛТЕРАТУРА** ......................................................................................211

**СПИСОК НА ТАБЕЛИ** ..............................................................................................222

**СПИСОК НА ГРАФИКОНИ** ......................................................................................229

**ПРИЛОЗИ** ....................................................................................................233

Прилог бр. 1: Прашалник за наставници .................................................................. 233

Прилог бр. 2: Прашалник за ученици........................................................................ 236

Прилог бр. 3: Доверливоста на прашалникот за наставници ................................. 239

Прилог бр. 4: Доверливоста на прашалникот за ученици....................................... 240

## Вовед

Честопати во нашата околина слушаме како се зборува за образованието, за училиштата, за наставата, за наставниците и така натаму, и забележуваме дека речиси сите се согласуваат со фактот дека наставничката професија се перципира како нешто свето. Но, светоста или значењето на образованието мора да се потврди од страна на учениците, наставниците, и секој субјект кој е вклучен во образовните институции. Во никој случај не може да се замисли нешто како свето ако во себе не вклучува некаква добрина и нема вградени вредности. Наставниците треба да бидат многу внимателни во нивната работа и да не прават грешки, бидејќи овие грешки за определен временски период ќе бидат рефлектирани во сите области на општествениот живот и ќе донесат сериозни последици за целата општествена заедница. Со оглед на фактот дека меѓу другото, наставниците имаат моќ да ја обликуваат иднината на еден народ или заедница, можеме да кажеме дека од нив зависи каква ќе биде иднината на младите и какви ќе бидат идните граѓани на едно општество.

Модерните трендови во образованието бараат промени во наставничката подготовка, наставничките способности и вештини, наставничките компетенции, наставничкото однесување. Многу важно поле на промени во наставниот профил е промовирањето на нови резултати од професионалното усовршување, промените во верувањата и вредностите, вклучување и донесување на нови стратегии во наставата, вештини на подучување, прифаќање на нови знаења, промените во организацијата и структурата на училницата, вклучување во интерперсонална комуникација. Иако во образованието дејствуваат многу фактори кои влијаат врз успехот и постигнувањата на учениците, еден од клучните фактори кои ја предизвикуваат мотивацијата за прогрес и напредок во оваа сфера е професионалната етика на наставникот. Во таа смисла, една од најважните димензии во современиот воспитно-образовен процес е улогата, творештвото и личноста на воспитувачот - наставникот. Личноста на наставникот е толку важна, колку што се важни методите и принципите што тој ги применува. Заедно со промените во педагошката концепција и практика и со развојот на етиката, се ревитализира и улогата на наставникот. Воспитно - образовниот процес е сложена дејност. Затоа, сметаме дека

наставниците освен добрата професионална подготовка, која опфаќа: управувачка, педагошка, психолошка, социолошка, дидактичка и методичка подготовка, мора да имаат и високо ниво на професионална етика, а тоа со кратки зборови е: добро однесување, почитување и соработка меѓу себе и кон/со другите, да се позитивен пример за учениците, родителите, пошироката општествена заедница и меѓу себе, и др.

За да биде успешен во неговата професионална дејност, пред сѐ од наставникот се бара да ги исполнува следниве критериуми:

- Да практикува етички вредности;
- Да биде добро теоретски подготвен;
- Да биде способен да го спроведува теоретското знаење во неговата просветна работа;
- Да биде способен и вешт во својата струка;
- Да создаде позитивна клима во училницата;
- Да чекори со ритамот на развојот на науката и технологијата;
- Професионално да се развива и усовршува; и тн.

Го спомнуваме наставникот и ѝ даваме големо значање на неговата улога во воспитно - образовниот процес, бидејќи сметаме дека е фактор кој директно влијае врз успехот на постигнувањата на учениците и нивното однесување. За да се одржи професионалноста и етиката во работењето, како секоја институција, така и образовните институции креираат свој етички кодекс во кој детално се пропишани правата и обврските на сите субјекти во институцијата. Етичкиот кодекс е јавен и транспарентен документ, достапен за сите што сакаат да го прочитаат. Постои значителна разлика помеѓу етичкиот кодекс и кодексот на однесување. Етичкиот кодекс е збир на основни етички вредности и принципи според кои се донесуваат одлуки, додека кодексот на однесување е збир на упатства кои влијаат врз постапките и однесувањето на една личност или група луѓе во една организација. Кодексот на однесување потекнува од етичкиот кодекс и тој ги претвора правилата во специфични упатства што мора да ги следат членовите на организацијата.

Етичкиот кодекс за наставниците и стручните соработници го донесува училишниот одбор на училиштето (Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, 2019, член 19, алинеа 13, стр.10). Во Република Северна Македонија постои *Правилник за однесување на ученици, наставници и родители* ( во училиштето и

училишниот двор). Член 1 на овој правилник гласи: *Одредбите, правилата, задачите и упатствата што се предвидени со овој Правилник се задолжителни за сите вработени, учениците, родителите и посетителите на Училиштето. Кон почитувањето на овој Правилник должни се да се придржуваат сите наведени субјекти со цел да се овозможи непречено одвивање на целокупната воспитно – образовна работа, подигнување на работната дисциплина кај учениците и вработените, а со тоа и подигнување на авторитетот на Училиштето во средината во која живее и работи.* По барање на вработените, учениците или директорот и Училишниот одбор на училиштето можат да се прават измени и дополнување на Правилникот и истиот стапува на сила со неговото донесување од страна на Наставничкиот совет на училиштето.

Зошто е потребен етичкиот кодекс во наставничката професија? На поставеното прашање, Мурати (2013) го дава следниот одговор: „Различните професии одамна дефинирале правила за однесување на работниците кои инаку се нарекуваат кодекс, етички кодекс, или кодекс на однесување. На тој начин се зборува за кодекс на здравствени работници, кодекс на политичари, судии, новинари, службеници, полицајци, трговци, итн. Во областа на образованието и едукацијата овие правила отсекогаш биле, се и ќе бидат иманентни, бидејќи тие претставуваат основа за однесувањето со учениците. Токму тука, тие се разликуваат од другите професионални кодекси. Специфичноста на кодексот за однесување на наставниците е дидактичкиот и деонтолошкиот елемент. Кодексот ги опфаќа сите аспекти на однесување на наставниците, вклучувајќи ги личноста на наставникот, ставовите, акцијата и реакцијата, индивидуалните квалитети на наставникот и сл. Кодексот воспоставува вредности и правила кои важат не само за да се отстранат грешките или да се истакне скромноста и рационалноста на наставникот, туку и да се истакнат најдобрите вредности во напорната работа и одговорноста на наставникот при едукацијата и формирањето на нова личност. Ова е причината поради којашто треба да постои кодекс за наставничката професија. Кодексот треба да се одобри од институциите и надлежните здруженија за образование и да ја усвои формата и силата на формален документ“ (Murati, 2013, стр.103).

Мојата долгогодишна професионална работа како наставничка во основно образование ми овозможи да ја набљудувам од блиску поврзаноста на наставниците и нивните ученици. Бидејќи успехот во постигнувања на учениците ни е главна цел, бев

охрабрена за докторска дисертација да ја истражувам професионалната етика на наставниците во основните училишта, како фактор кој влијае врз успехот во постигнувањата на учениците. Кога зборуваме за успехот во постигнувањата на учениците, под поимот „постигнување“, во овој докторски труд, го подразбираме севкупното напредување и развивање на личноста на учениците од основните училишта (холистички пристап), а не само успехот на постигнувањата во знаењата. За да дадеме појасна претстава на нашата цел, процесот на учење и постигнување ќе го разгледаме низ призмата на афективниот домен.

Учењето претставува сложен психички процес што предизвикува промена во однесувањето на личноста која се јавува како резултат на усвоено знаење и искуство. Учењето опфаќа усвојување на знаења, информации, навики, вештини и способности. Тоа е процес на памтење податоци. Американскиот психолог Бенџамин Блум забележал дека 95 % од прашањата на тестовите со кои се оценуваат постигнувањата на учениците во училиштата, бараат од учениците да мислат на најниско ниво (повторување на информации). Поради тоа, во 1965 година, Блум, заедно со своите соработници, ја развил класификацијата на нивоата на учење, од најелементарни до најкомплексни, позната како Блумова таксономија.  Според оваа класификација, постојат три домени на учење, односно, три начини на усвојување на определена содржина: когнитивен домен (усвојување на знаења), афективен домен (усвојување на ставови и вредности) и психо-маторен домен (усвојување на вештини).

Афективниот домен примарно се однесува на емоциите и на чувствата на учениците, вградени во процесот на учењето. Такви афективни елементи во процесот на учењето се препознаваат како: интерес, ентузијазам, внимание, свесност, чувствителност, активно слушање и други вредности поврзани со различните искуства на учење. Резултатите, пак, од постигнувањата на учениците, во афективниот домен експертите ги дефинираат како „ставови на учениците за определена област од наставниот материјал“ и како „ниво на интерес за областа“ (Nuzzi & Narvaez, 2007, стр. 8). Токму поради тоа, мерливоста на постигнувањата на целите на учењето и на резултатите од учењето во афективниот домен е многу потешка за одредување отколку во когнитивниот и психо-моторниот домен. Сепак, може да се каже дека афективниот домен се фокусира на

емоционалните искуствата на учениците во процесот на учењето. Генерално, постојат индикатори кои го бележат прогресот на капацитетите на учениците во овој домен. Така, на пр., развојот во ова подрачје обично започнува со пасивно примање на информации и се движи сè до активно ангажирање на учениците во процесот на учењето (учествување во дискусии, критичко мислење, решавање на проблеми и сл.) во кое се вградени нивните верувања, вредности и ставови.

Современите истражувања покажуваат дека афективните состојби, како што се мотивацијата, активното слушање, стресот и други состојби, играат важна улога во процесот на учењето. Стресот, на пример има екстремно негативно влијае врз функционирањето на когнитивните способности за памтење и повторување. Од друга страна, пак, мотивацијата, како позитивна емоционална состојба, има голем ефект врз невро-психолошкото функционирање на организмот, бидејќи поттикнува излачување на определена доза допамин во човековиот мозок. Активното слушање, пак, е втемелено врз емпатијата. Активниот слушател се обидува целосно да ги разбере чувствата, идеите и гледиштата на својот соговорник (Sanford, 2020).

Сите горенаведени констатации упатуваат на заклучокот дека професионалната етика на наставниците е еден од позначајните фактори што влијаат врз успехот во постигнувањата на учениците. Во таа насока беше спроведено и истражувањето на овој докторски труд.

Докторската дисертација ја организиравме на следен начин:

- Прв дел, е теоретскиот пристап кон проблемот, кој е делен на пет глави, во кои се потрудивме да дадеме сеопфатен опис на темата која се обработува, и ги дефиниравме клучните поими. Во овој дел наведовме дефиниции и појаснувања од различни домашни и светски автори.
- Втор дел е методологијата на истражувањето. Во овој дел се опишува основната методолошка рамка за прибирање и обработка на добиените податоци од истражувањето.
- Трет дел, анализата на фактори и на доверливоста на прашалниците. Со анализата на фактори во почетокот направивме проценка на соодветноста на добиените податоци од

истражувањето, а нивото на корелација помеѓу варијаблите ни ја потврди валидноста на добиените податоци, и ни откри одреден број на фактори за секој прашалник. Тврдењата кои имаат висока корелација меѓу себе се класифицирани под ист број на фактор. Со анализата на доверливоста откривме дека мерачот (Ликерт скалата) кој е користен во ова истражување е многу доверлив за двата прашалници.

- Четврт дел е анализата и интерпретацијата на добиените резултати од истражувањето. Во почетокот на овој дел, посебно се анализираат добиените резултати од прашалникот за наставници и добиените резултати од прашалникот за ученици, каде направивме анализа на фреквенциите, дескриптивна анализа (минимална и максимална вредност, аритметичка средина, стандардна девијација и варијанса), анализа за потврдување или отфрлање на хипотезите (со Хи – квадрат тест), анализа на вкрстени тврдења од двата прашалници, и SWOT анализата со наставници и  ученици.
- Петтиот дел ги опфаќа заклучоците и препораките кои произлегуваат од истражувањето и добиените емпириски индикатори.
- Во завршниот дел на докторската дисертација наведена е користена литература, список на табели, список на графикони и прилози.

# I ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

## 1. Етиката како наука

Кога зборуваме за етиката, неопходно е прво да го разбереме значењето на поимот *етика*, неговата појава и развој, како  и предметот на проучување на оваа наука.

Поимот етика потекнува од грчкиот збор *ήθος* (ethos) што значи *обичај, навика, карактер*. Поимот *етика* се среќава уште во делата на античките филозофи, особено во филозофскиот опус на Аристотел. Во неговото дело *Никомахова етика,* Аристотел ја елаборира својата концепција за моралното воспитување. Латинскиот пандан за ethos е именката mos, moris со исто значење. Во секојдневниот говор, честопати зборовите етика и морал се употребуваат како синонми, но тие се разликуваат по тоа што првиот термин се однесува на теоријата на етиката, додека вториот термин е наука која го проучува моралот, односно, конкретните човекови постапки.

Според Донев (2019), многу научници сметаат дека терминот *ethos,* во науката се употребува со повеќесемантичко значење. Така, според Вилхелм Вунт, грчкиот поим *ethos* ги означува првенствено навиките, вообичаените дејства, т.е. обичаите според кои луѓето се раководат во своето однесување, но, може да ги означува и внатрешните, волеви, душевни својства и одлики на личноста, т.е. личните, морални карактеристики на човекот.

Етиката своите корени ги има во филозофијата, таа се нарекува уште и *морална филозофија* или ***филозофија на моралот*.** Во истражувањето на моралот, филозофите се раководеле од различни цели. Моралот може да се проучува со цел да се опише, да се објасни, да се разбере онаков како што се јавува во севкупниот човечки личен и општествен живот. Збирот на сите духовни перцепции и операции (набљудување, анализа, разбирање, толкување, објаснување и сл.) може да се означи со хеленскиот збор *теорија*, кој изворно значи набљудување, согледување. Од друга страна, пак, целта на истражувањето на моралот може да биде ***практична*.** Тогаш теоријата не е приоритет, а интересот се насочува кон утврдување, формулирање на принципи, норми и правила (непишани и пишани) по кои треба да се раководиме во практичниот живот. Врз основа, и во зависност од овие цели, т.е. од изборот на едната од нив, етиката се дели на две основни гранки (области) на проучување: *теориска етика* (или *метаетик*а) и *практична етика* (или *нормативна етика*) (Симоновска & Скаловски, 2012).

Теориската етика или метаетиката (гносеологијата, социологијата и психологијата на моралот) се занимава со најопштите прашања за етиката воопшто. Таа ја истражува заснованоста и изворот на моралот и моралните норми, нивната цел и нивната смисла

(Симоновска & Скаловски, 2012). Ако анализата, објаснувањето и разбирањето на моралниот феномен беа целите на теориската етика, тогаш нормативната етика настојува да ги формулира и образложи нормите на правилното, исправното и доброто постапување (Симоновска & Скаловски, 2012).

Етиката како наука не е условена од околности кои можат да бидат поволни или неповолни за личните цели на поединецот. Етичкото однесување е тесно поврзано со секојдневните принципи и правила на живеење на поединецот, кои имаат морална основа. Да се зборува за етика значи да зборуваме за суптилни вредности, за принципи и норми на етичко однесување, како и должности на секој совесен човек. Основите на овие принципи се поставуваат во раното детство, во семејството, а подоцна се развиваат низ воспитно-образовниот процес. Улогата на образованието, во овој поглед, се состои во тоа да му овозможи на човекот да ги развие своите креативни потенцијали, вклучувајќи го при тоа и чувството за одговорност за сопствениот живот и за остварувањето на неговата цел (Delors et al., 1995). Оттука произлегува и единствената причина секогаш и одново да се става акцент на етичките аспекти во образованието. Според Гулевска (2012), во документот наречен Maastricht Treaty, на пр., народите на Европската Унија се изјаснуваат за тоа дека би сакале себе си да се видат како компетентна и динамична светска економија, поткрепена со знаење и способност за раст и одржување (Maastricht Treaty, 1992). Но, и покрај тоа што модерните образовни политики се притиснати од економските и финансиските фактори, сепак, тие и понатаму остануваат генератори и креатори на нови системи на вредности во кои примордијално значење има развојот на човековите културни и духовни квалитети. Во таа насока, суптилните промени во општеството најнепосредно се одразуваат врз воспитно-образовниот систем. Станува збор за образование кое прима различни форми, во различно време и различно место, и поради тоа има огромна важност за формирањето на моралното единство кое е неопходно за социјална кохезија и хармонија. Реформите во образовните системи обично создаваат структури, програми и наставни планови кои треба да го поттикнуваат напредокот и социјалното единство (Sadovnik, 2010). Сепак, во балансирањето меѓу вредносните системи и образовните политики не треба да се занемари и судирот (конфликтот) што настанува меѓу нив, како резултат на егзистенцијата на односите на моќ во општеството. Според експертите, експанзијата на образованието ширум светот денес, не претставува само функционална потреба на пазарот на трудот, туку е

поттикната од граѓанското демократско верување дека развојот на образованието е потреба на цивилното општество (Sadovnik, 2010). Системите на вредности истовремено го градат и културниот капитал на поединецот во дадено општество. Стекнувањето на овој капитал не продуцира само материјален профит, туку претставува карактеристична акумулација на човековиот труд и напор за самореализација. Потенцијалот што се создава со овој капитал се однесува на интелектуално-сензитивните капацитети на човековото битие и на неговата моќ за перцепција на општествената макроструктура. Специфичното проучување на човечкиот живот од етички аспект подразбира и проучување на индивидуалната автентичност како и проучување на социјалната димензија на човековото живеење (Гулевска, 2012). Гледано во целина, образованието се наметнува како општествен модел за хуманистичко и интелектуално развивање на личноста.

## 2. Историски развој на етиката

Етиката се развивала низ неколку фази или етапи од историјата на општествениот развој, почнувајќи од времето на Античка Грција и Антички Рим, каде големо значање ѝ се придавало на добродетелта на човекот, преку Средниот век, кој се карактеризирал со влијание на религијата и строга дисциплина во воспитувањето, хуманизмот и ренесансата, каде етиката добила нов развој со барањата на хуманистите за почитување на личноста на детето, па сѐ до појавата на модерна етика, каде се посветува посебно внимание на моралното воспитување на учениците во училиштата и современите етички теории.

### 2.1.Етичките концепции во Античка Грција

Античките филозофи кои посветувале посебно внимание на етиката и моралот се: Сократ, Платон и Аристотел.

Сократ (469-399 год. п.н.е.) се смета како прв морален филозоф, бидејќи тој прв ја истакнува идејата за морално совршенство. Сократ прв ја изнел идејата за улогата на воспитувањето и воспитувачите врз моралниот развој на личноста на детето. Според него, доблеста е знаење и може да се учи, односно, знаењето за добродетелта е исто што и самата добродетел. Кој знае што е добро, што е добродетел, тој и живее така како што бара

добродетелта. Никој не прави грешка намерно, често зборувал Сократ. Ако сакаат луѓето морално да живеат тие мораат да имаат јасни и правилни погледи за добродетелта. Според Сократ, неморалното однесување е последица на незнаењето како правилно да се постапува. Затоа, тој барал воспитување на умот, на разумот, т.е. изградување и формирање на правилни морални поими. Оттука, интелектуалното воспитување тој го поистоветувал со моралното (Миовска-Спасева, 2010). Сократ сметал дека: „ниту еден човек не го избира злото доброволно, не греши намерно, туку затоа што не вложува труд да постигне вистинско знаење за она што е навистина добро или зло. Значи, добродетелта е знаење и таа може да се научи“ (Симоновска & Скаловски, 2012).

Бидејќи Сократ сметал дека добродетелта е знаење, тој се обидел да го подигне нивото на знаење кај луѓето и со тоа да ги направи подобри.

Платон (427-347 година п.н.е.) бил ученик на Сократ и учител на Аристотел. Тој креирал свој филозофски систем кој е познат како филозофија на објективниот идеализам. Платон во неговиот систем покажува интерес за две теми: теорија на идеите (учење за доброто и вредноста на животот) и праведна држава (етичко – политичко учење). Централен проблем на Платоновата филозофија е *учењето за идеите*. Тој разликувал два света: *свет на идеи* и *свет на појавното*. Светот на појавното или на нештата е предметен и преоден свет. Тоа е нестварен свет, бидејќи нештата се само одраз на идеите кои се вечни, непроменливи, совршени и единствени. Тие постојат надвор од времето и просторот, во царството на идеите. Идеите се обрасци на стварите. Светот на идеите, за Платон, е царство на светлина и добрина. Највисока идеја е идејата за *доброто*, на која ѝ се подредени идејата на вистината, убавината и справедливоста (Миовска-Спасева, 2010). Во темата *теорија на идеи*, Платон им дава големо значање на три идеи, и тоа на: идејата за *доброто*, идејата за *вистината* и идејата за *убавината*, врз основа на кои тој посочува на анализа на моралните форми и моралните стандарди. Својата теорија за воспитувањето и образованието на децата ја изложил во делото *Држава*. Платон, првенствено се интересирал за етичко култивирање на детската душа (Wolfsdorf, 2015). Големиот идеалист ја спроведува оваа мисла до крајност и тврди дека целта на човековото живеење се состои од морално воспитување и дека целото општество заеднички треба да се стреми кон таа цел (Barrow, 2010). Воспитувањето го сметал за најважно средство за остварување на неговата идеална држава. Тоа е суштинска

потреба на државата, па затоа и грижата за него треба целосно да ја преземе државата (Миовска-Спасева, 2010).

Аристотел (384-322 година п.н.е.) е основач на перипатетичката филозофска школа *Ликеј*, каде држел предавања за етиката и прв го употребил терминот ethos во неговото филозофско значење. Аристотел разликувал три компоненти на воспитувањето: физичко, морално и умствено воспитување. Со оглед на тоа што тој не гледал изолирано на овие три компоненти туку на нивната меѓусебна тесна поврзаност, воспитувањето воопшто го сфаќа како спој на физичкото, моралното и умственото воспитување. (Миовска-Спасева, 2010). Аристотел изнел свои гледишта и во однос на моралното воспитување. Тој не застанал на сфаќањата на Сократ и Платон за формирање на добродетели по пат на стекнување знаења, туку направил чекор напред. Имено, тој увидел дека знаењата сами по себе не се доволни за морално воспитување, туку се потребни и морални навики и практични вежби, преку кои ќе се применуваат моралните принципи. Така тој истакнувал дека не е доволно само да се знае што е добро, па да се постапува добро, туку е потребно и стекнување навики и така да се постапува во животот. Значи, во областа на моралното воспитување, Аристотел посебна важност им придавал на моралните навики кои се формираат со вежбање, односно со практична примена на моралните принципи. Добродетелите, смета тој, се формираат со работа, вежбање, дејност. За моралниот развиток, според мислењето на Аристотел, се значајни три работи: природните предиспозиции, развивањето навики и разумот (Миовска-Спасева, 2010). Аристотел за моралните добродетелти сметал дека претставуваат средина на две крајности. Оваа средина уште ја нарекувал *златна средина*, бидејќи таа нема никаква врска со аритметичката средина, туку со рационалното, свесно однесување на луѓето. Во однос на редоследот на сферите на кои треба да се однесува воспитанието, Аристотел ја има предвид својата психологија. Прво треба да се образува неразумскиот, а потоа разумскиот, односно прво нагонот, а потоа разумот. Јасно е и тоа, зашто срцето и волјата, па и желбата кај децата постојат уште со раѓањето, а пак размислувањето и умот природно се појавуваат со напредувањето (Поповска, 2018). Аристотел дава две категории кои се исклучително важни за овој морален развој: времето и искуството. За разлика од својот учител Платон, кој верувал дека општествениот живот на човекот може да се организира според урнекот на вечните идеи, Аристотел својата теорија за државата ја засновал врз објективно и систематско проучување на разновидните облици на државно уредување кои биле познати

во историјата до неговото време. Според Аристотел, целосно остварување на суштината (ентелехијата) на човечката природа може да се постигне само во заедница со други луѓе.

### 2.2. Етичките концепции во Антички Рим

Антички Рим бил цивилизација која се развила од мала земјоделска заедница, која подоцна станала една од најголемите империи во античкиот свет. Во историскиот развиток на Рим, теориите за воспитувањето поминале три развојни периоди, и тоа: теориите за воспитувањето во Римското Кралство, во Римската Република, и во Римското Царство.

Во Римското Кралство (до VI век п.н.е.) се избирале најцврстите и најсилните деца за да се воспитуваат да бидат добри земјоделци и војници.Воспитувањето во овој период не било ограничено само на семејството, туку, децата се воспитувале и да ја сакаат татковината, односно се воспитувале за живот во римската заедница. Посебно внимание се обрнувало на моралното воспитување. Децата биле воспитувани на послушност и почитување на боговите, на постарите и на обичаите, потоа на храброст, пожртвуваност, скромност и љубов кон татковината (Миовска-Спасева, 2010).

Во периодот на Римската Република (од VI век п.н.е. до I век) се појавиле првите основни училишта, наречени *лудус* (lat. ludus, i, m = игра). Училиштата биле приватни, а во нив се учело основни знаења како што се: читање, пишување и сметање. Исто така, се учело и за *Законот на 12-те таблици* (т.е. кодификување/кодекс на обичајните правила) што го сочинувале правата и должностите на римските граѓани. Воспитувањето во првите неколку века во републиканскиот период останало речиси исто како и во родовскиот период, со таа разлика што повеќе почнало да се обрнува внимание на патриотското републиканско воспитување. Така, децата се воспитувале на должност и верност на Републиката, на храброст, чесност, скромност, умереност, чувство на достоинство, и на други добродетели. На децата им се раскажувале приказни за познатите предци, за битките и херојствата (Миовска-Спасева, 2010). Според Ленгландс (2018), најважни доблести кои требало да се негуваат кај децата биле: храброста, праведноста, побожноста и скромноста. Воспитувањето било под надзор на државата која овластувала државен чиновник (цензор) да води сметка за воспитувањето на децата да не добие штетни облици.

Во периодот на Римското Царство, т.н. императорски период (од 30 год. до 476 год.) приватните училиштата станале државни, со цел да го сочуваат римското општество од

пропаѓање. За оваа цел им биле потребни голем број на чиновници (цензори). Чиновниците, меѓу другите должности кои ги имале спрема државата, требало да вршат надзор над јавниот морал и обичаите.

### 2.3. Етичките концепции во средниот век (V век - XV век)

Во период на Средниот век општеството било под силно влијание на религијата, особено на христијанската религија. Првите училишта во Средниот век биле црковни. Нив ги отворала црквата, бидејќи ѝ биле потребни свештеници кои ќе го воспитуваат народот во духот на христијанството и христијанскиот морал, а пред сè, во духот на послушност и верност на божјата волја. Според тоа, основна задача на овие училишта била да подготвуваат свештенички кадар. Дисциплината во овие училишта била многу строга, дури и сурова. Физичките казни биле широко применувани, и тоа секојдневно. Главна морална добродетел која требала да се формира кај децата била понизноста, покорноста и послушноста (Миовска-Спасева, 2010). Во период на развиениот феудализам (XI век - XIV век), покрај црковните училишта, се основаат и градски училишта, со цел да се развијат и зајакнат градовите, трговијата и занаетчиството. Главна цел на овие училишта била пишувањето и сметањето затоа што овие знаења биле неопходни за развој на трговијата и занаетчиството. Моралното воспитување во овие училишта имало религиски карактер. Основни доблести во етичкото воспитание биле: разборитоста, праведноста, постојаноста и умереноста (Bejczy & Bejczy, 2011). Во Средниот век, исто така, се основале и првите универзитети во светот. Според Guinness World Records (Oldest higher-learning institution, oldest university), UNESCO (Medina of Fez) и многу научници, најстариот е Универзитетот Ал - Каравијин (University of al-Qarawiyyin, кој се пишува и како Al-Karaouine или Al Quaraouiyine), основан од жена чие име е Фатима ал – Фихри, во 859 година, во Фес – Мароко, Северна Африка. Во почетокот беше основан како џамија која исто така се викаше Џамија Ал – Каравијин, тука моралното воспитување се учело преку лекциите за познавање на исламската религија. "Универзитетот е познат уште од Европскиот среден век како центар на исламската култура" (Britannica). Фатима ал – Фихри, ја основала и Библиотеката на Унивезитетот Каравијин, која исто така се смета како најстара во светот (Oswald, 2017). Ал-Каравијин сè уште функционира како џамија, библиотека и универзитет. Значајно место

во овој период заземаат универзитетите од Европа, особено од Италија. Универзитетите основани во Средниот век покрај образовна имале и воспитна функција.

### 2.4. Етичките концепции во епохата на хуманизмот и ренесансата (XIV век – XVI век)

Во епохата на хуманизмот и ренесансата училиштата добиле нова развојна карактеристика. Насоката на вниманието на просветата била фокусирана на личните квалитети на детето со акцент на проучување на неговите духовните одлики. Училиштата во оваа епоха имаат поинаков однос кон учениците, во споредба со средновековните училишта. Хуманистите бараат почитување на личноста на учениците и внимателно однесување кон нив. Строгата дисциплина со физички казни, која била карактеристична за училиштата од Средниот век, била отфрлена. Ренесансната етика се појавува како еклектичка комбинација на идеи од средновековната христијанска етика и Платоновите и Аристотеловите етички концепции, вклучувајќи и елементи од стоицизмот (Lines & Ebbersmeyer, 2013). Мишел Монтењ (1533-1592) е француски филозоф кој дал голем придонес за развојот на моралното воспитување на учениците. Тој тврдел дека со моралното воспитување, учениците треба да се воведат во општествениот живот и да ги запознаат нормите на општествено – моралното однесување, односно, учениците треба да се воспитуваат на скромност, учтивост, да ја сакаат вистината, да водат сметка за единството на сопствените мисли, зборови и дела. Сето тоа тие ќе можат да го постигнат не со морални поуки туку со примери и морални вежби, не со просто слушање туку со сопствена активност, не со голи зборови и поуки туку со примери и дела (Миовска-Спасева, 2010).

### 2.5. Етичките концепции во епохата на нововековната филозофија (XVI век – XIX век)

Во етичките концепции во епохата на нововековната филозофија се ревидирани многу традиционални морални вредности. Во овој период влијание врз етичките и воспитни концепции имаат голем број филозофи и педагози.

Јан Амос Коменски (1592-1670) бил чешки педагог, еден од најголемите педагози на Европа, кој е значаен за развојот на дидактиката. Во неговото дело *Големата дидактика* посветил посебно внимание на моралното воспитување. Коменски во човекот гледа

најсовршено суштество на кое му е потребно воспитување за да може да се подготви за вечен живот. Оваа подготовка се состои во запознавање со *науките*, *моралот* и *религијата*. Оттука, таа подразбира три вида воспитување: умствено, морално, и религиозно (Миовска-Спасева, 2010).

Барух Спиноза (1632-1677) бил холандски филозоф. Во неговото главно дело *Етика* дава одговори на прашањата зошто сакаме или мразиме и дали сме слободни или не.

Џон Лок (1632-1704) бил англиски филозоф. Најголемо значење му придавал на моралното воспитување. Според него најважни задачи на моралното воспитување се: *формирање на карактерот*; *формирање морална дисциплина*; и *развој на волјата.* Целта на воспитувањето, според Лок, е формирање на џентлмен. Под овој термин тој подразбирал човек кој умее смислено и далекувидно да ги води своите работи, кој има смисла за практичните потреби. Џентлменот е човек со здраво тело и здрав дух, се бори за личен успех и лична среќа, поседува фини манири и умее учтиво да се однесува во својата класна средина (Миовска-Спасева, 2010).

Жан Жак Русо (1712-1778) бил швајцарско - француски филозоф, социолог, педагог, писател и композитор. Русо смета дека природата на децата се разликува од природата на возрасните и според него, развојот на детето се дели на четири периоди, и тоа: прв период е од раѓањето до 2 години, втор период е од 2 до 12 години, трет период е од 12 до 15 години и четврт период е од 15 до 18 години. Моралното воспитување зазема место во четвртиот период, бидејќи тоа, според него може да се добие само во пошироката општествена средина. Кога детето станува зрело и ќе здобие навики за да ги вреднува луѓето, ќе може да го разликува доброто од лошото. На моралното воспитување Русо му определува три основни задачи: *воспитување на добри чувства, воспитување на добро расудување* и *воспитување на добра волја*. Остварувањето на првата задача се постигнува не со морални поуки туку со добри примери, со морални дела кои развиваат добри чувства. Основно средство за постигнување на втората задача е изучувањето на биографиите на познатите луѓе. Добрата волја пак, се развива со правење добри дела (Миовска-Спасева, 2010).

Емануел Кант (1724-1804) бил германски филозоф. Сметал дека „нашето познание потекнува од нашата свест, од нашиот чист ум, па според тоа и изворот на моралот е во нашата свест, во нашата чиста морална свест. Оттука, сè што правиме, секоја наша постапка е раководена од нашата свест, дека тоа ни е должност, т.е. дека секоја наша

постапка е постапка на должност, што значи дека практичните последици на еден чин не играат никаква улога во процената на етичката, моралната конотација на тој чин. Вистинскиот мотив на етичкото постапување мора да биде сосема автономен и мора, макар во интенција, да важи универзално. Заклучно, должноста е основа на моралот, т.е. исправни морални дејства се оние кои се извршени од должност.” (Донев, 2019, стр.73).

Абрахам Харолд Маслов (1908 – 1970) бил американски психолог познат по својата пирамида или хиерархија на потребите. Хиерархијата на потребите Маслов ја дели на пет нивоа, почнувајќи од најниско до највисоко ниво: 1. Физиолошки потреби (храна, вода, воздух...); 2. Безбедносни потреби (сигурност, здравје, вработување,...); 3. Потреби за љубов и припадност (семејство, пријатели, социјални групи,...); 4. Потреби за почит (почит кон себе – достоинство, постигнување, почит од другите – почитување, престиж) и 5. Потреби за самоактуелизација (реализирање на личен потенцијал, самодоверба, креативност, моралност, решавање проблеми, итн.) (Pettijohn, 1996). Како што се приметува, најниските нивоа на пирамидата се состојат од најосновни потреби, додека најсложените потреби се на врвот на пирамидата. Со исполнување на потребите на едно ниво, личноста се мотивира со потребите од следното ниво, и тн. Маслов на моралот му дава големо значење со тоа што го става на врвот на хиерархијата, и го смета како потреба на личноста од највисоко ниво.

Лоренс Колберг (1927 - 1987), Харвардски психолог, сметал дека основната цел на воспитанието и образованието треба да биде моралниот развој на личноста. Пристапот на Колберг започнува со претпоставката дека луѓето се мошне мотивирани да истражуваат и да бидат компетентни во функционирањето во нивните средини. Во контекст на општествената средина, тоа нè води кон имитирање на моделите и улогите што ги сметаме за компетентни и авторитативни. Така, во раното детство, докази за правилноста на постапките на детето се постапките на возрасните модели. Колберг, исто така, сметал дека постојат заеднички обрасци во општествениот живот, забележани во општествените институции, како што се семејствата, врсничките групи, структурите и постапките за клан или општественото донесување на одлуки, како и соработката за заедничка одбрана и одржување. Настојувајќи да станат компетентни учесници во такви институции и средини, младите луѓе од сите култури покажуваат слични шеми на однесување и размислување. Фазите на морален развој кај младите соодветствуваат на редоследот на прогресивно-инклузивните социјални кругови (семејството, врсниците, пошироката заедница и сл.). Од

овие причини, секоја фаза на моралниот и когнитивниот развој кај човекот е тесно поврзана со свесното размислување за односите на правдата, грижата и почитта, изложени во еден поширок круг на општествени односи. Колберг сметал дека моралното размислување, кое е основа за етичко однесување, има шест препознатливи развојни конструктивни фази. Овие шест разл,ични фази, тој ги групирал во три нивоа:

- претконвенционално ниво
- конвенционално ниво и
- постконвенционално ниво .

Исто така, секое од овие три нивоа го дели на две посебни фази. Секое ниво содржи по две фази. На тој начин се добиваат шест фази во моралниот развој на личноста.

*Претконвенционално ниво*

Децата што се помали од девет години немаат личен кодекс на морални норми. Нивната морална свест се обликува според стандардите на возрасните. Децата на таа возраст се трудат да ги следат моралните норми на возрасните.

Фаза 1. Послушност поради страв од казн.33а

Детето развива морално однесување за да не биде казнето.

Фаза 2. Индивидуализам и размена

Во оваа фаза децата осознаваат дека кај возрасните постојат различни ставови во поглед на донесувањето на моралните судови.

*Конвенционално ниво*

Повеќето млади луѓе почнуваат да размислуваат за универзалните морални вредности во периодот на адолесценцијата. При тоа, своето морално расудување го засноваат врз моралните норми кои се прифатливи за општествената група на која припаѓаат.

Фаза 3. Добри меѓучовечки односи

Поединецот развива морално однесување кое се одобрува од средината за да биде прифатен како добра личност од страна на другите луѓе.

Фаза 4. Одржување на општествениот поредок

Поединецот станува свесен за пошироките правила на општествено однесување. Во оваа фаза неговите морални судови се однесуваат на почитување на правилата, односно придржување кон законот за да се избегне вината.

*Постконвенционално ниво*

На ова ниво, индивидуалното расудување на поединецот е засновано врз автономни морални принципи кои се темелат врз лични размислувања за праведноста. Според Колберг, ова постконвенционалното ниво на морално расудување можат да го достигнат само 10-15% од возрасната популација. Повисоките фази на моралниот развој на човекот му обезбедуваат поголеми капацитети (способности) за донесување на праведни одлуки.

Фаза 5. Општествен договор и индивидуални права

Поединецот станува свесен дека иако постојат правила, закони и конвенционални норми за добро однесување, кои се прифатени од најголемиот број луѓе, сепак, постојат моменти кога тие правила за добро однесување работат против интересите на одредени групи на луѓе.

Фаза 6.: Универзални принципи

Луѓето во оваа фаза имаат развиено свој кодекс на морални норми кои можат да се совпаднат или не се совпаѓаат со конвенционалното ниво за добро однесување. Таквите принципи можат да важат за сите луѓе. На пример, универзални етички принципи се правдата и еднаквоста. Поединецот што го достигнал ова ниво на морален развој ќе биде подготвен да дејствува за да ги брани овие начела дури и ако тоа значи да се оди против конвенционалноста во општеството, односно да се страда поради последиците од неодобрувањето. Колберг верувал дека поединците постепено напредуваат во моралниот развој, односно дека ги поминуваат сите фази редоследно, без „прескокнување“ (Kohlberg, 1981). Знаењето и искуството стекнато во секоја фаза од моралниот развој, според него, служи како основа за напредување во следната фаза. Овој мислител смета дека примарна цел на секој образовен систем треба да биде моралното воспитание на личноста, а не тоа да биде второстепена задача. Во училиштата треба да се негува критичкото размислување и

почитувањето на различностите. Ако се прифати ставот дека образованието има важна улога во процесот на создавањето на општествените вредности, тогаш, логично е да се дојде до заклучок дека основната задача на воспитувачите и наставниците не е само да ги подготват младите луѓе за конкурентност на пазарот на трудот, туку и да ги подготват за живот во заедница, односно да ги израстат во добри и доблесни граѓани на едно демократско општество. Доброто образование, според Колберг, мора да го најде патот кон вистинскиот баланс помеѓу знаењето и вредностите.

### 2.6. Етичките концепции во епохата на современата филозофија (XX век – XXI век)

Во XX век темата на етиката како наука е моралот заснован на ненасилство и почитување на животот. Етиката на ненасилство се развива во современите етички теории, како што се: утилитаризамот, етиката на одговорноста, консеквенцијализмот и етиката на грижа. Една од најпознатите етички концепции со истражување во областа на педагогијата е концепцијата за социјалното учење на Алберт Бандура, професор по социјални науки и психологија на Универзитетот Стенфорд.

Бандура открил дека општествените модели се важен извор за учење на нови однесувања и дека, во голем мера, влијаат врз етичкиот развој на личноста. Според него, учењето е двонасочен процес: индивидуата учи од околината, но, и околината учи од индивидуата. Со помош на своите дела, човекот може да го менува светот. Бандура сметал дека луѓето се активни суштества, обработувачи на информации и промислувачи на поврзаноста помеѓу постапките и последиците од нивното однесување. Акцентот во неговата теорија е ставен врз рефлектирањето на ставовите и реакциите на другите луѓе врз однесувањето на поединецот. Насилното однесување кај човечките суштества се јавува единствено кога врз индивидуата негативно влијаат животната средина (опкружувањето) и когнитивните фактори. На таков начин, луѓето учат едни од други преку симулација и рефлексија (Bandura, 1997). Факторите кои влијаат врз процесот на социјалното учење се:

*Внимание*

Ги вклучува моделите, настаните и карактеристиките на набљудувачот.

*Ретенција*

Ги вклучува помнењето и организирањето на симболични докази.

*Репродукција*

Ги вклучува саморефлексијата, физичките капацитети и повратните информации.

*Мотиваци*

Ги вклучува оформените ставови на индивидуата.

Бандура вршел голем број на истражувања со цел да ја докаже својата теорија. Неговиот најпознат експеримент е *Куклата Бобо*. Овој експеримент се одвивал со помош на три групи деца. На првата група деца, со помош на видео материјал, им бил прикажан возрасен човек кој се однесувал насилно спрема куклата Бобо. На втората група деца им бил прикажан возрасен човек кој се однесувал насилно спрема куклата Бобо и на крајот од видеото за таквото однесување добил награда. На третата група деца им бил прикажан ист начин на однесување кон куклата, со тоа што, на крајот од видеото, возрасниот човек за таквото однесување добил казна. Потоа, на децата им било дозволено да играат со куклата. Резултатите од експериментот покажале дека децата го имитирале однесувањето на возрасниот човек, односно, дека во текот на играта постапувале агресивно со куклата (момчињата биле поагресивни од девојчињата). Насилно однесување најмногу покажале децата на кои им бил прикажан видео материјалот во кој насилното однесување било наградено. Како што претпоставил Бандура, наголема веројатност едно однесување да биде усвоено е ако тоа однесување се смета за вредно.

# 3. Дефинирање на клучните поими

## 3.1. Дефинирање на поими кои произлегуваат од насловот на трудот

Клучни поими во насловот на нашата тема за докторска дисертација се *професионална етика на наставниците* и *успех во постигнувањата на учениците.*

За да се разберат овие клучни поими пред сè треба да се анализира и разбира терминологијата, затоа во продолжение ги презентираме следните дефиниции за *професионална етика на наставниците* и *успех во постигнувањата на учениците.*

- Дефинирање на поимот ***професионална етика на наставниците***

*Професионалната етика* дава низа обврски, норми и задачи кои треба, мора, нужно е да ги извршуваат професионалците во таа област. Тоа се нарекува и деонтологија - етичко-философско учење за должностите, т.е. за моралните закони, прописи, барања, налози и упатства, односно морален систем (норми и должности) на една професија (Донев, 2019).

"Професионалната етика на наставникот, во секој случај, треба да ја има предвид комбинацијата на: законски обврски, етички вредности, педагошки и институционални цели" (Xheladin Murati, 2019).

- Дефинирање на поимот ***успех во постигнувањата на учениците***

*Постигнувањето* претставува чин на остварување на некаква цел, додека, пак, под изразот *постигнувања на учениците* подразбираме квалитативна и квантитативна работа на учениците. Дефинициите за *постигнувањата на учениците* може да варираат во зависност од личноста на ученикот, условите во средината за учење и целите на образовниот систем. *Успехот во постигнувања на ученииte* може да се смета за постепено чекорење од една кон друга посакувана состојба. Под успех во постигнувањата кај учениците го подразбираме севкупното напредување и развивање на личноста на учениците од основните училишта: успехот на постигнувањата во знаењата, успешно стекнатите навики за учење, мотивацијата за учење, етичките вредности и тн. Успехот претставува варијабла на мотивацијата и перцепцијата на ученикот дека задачата може да ја заврши со успех, доколку вложува разумен напор. Затоа, наставникот мора свесно да го организира учењето на учениците во делови што се остварливи, така што ученикот може постојано да го согледува напредокот кон целта. Учењето е главна цел на образованието. Обично се дефинира како промена во нечие однесување, знаење, ниво на вештини или разбирање кое е долготрајно или трајно и се стекнува преку искуства, а не преку процесот на растење или стареење (Wallance, 2015). Според тоа, успешните ученици не се едноставно поединци кои знаат повеќе од другите. Тие, исто така, имаат повеќе ефективни и ефикасни стратегии за учење,

различни пристапи за користење на нивното однесување кога не се случува учење (Dembo, 2004).

- Дефинирање на поимот ***етика***

Постојат голем број на дефиниции за поимот етика. Во најопшти црти, секоја од овие дефиниции ја скицира етиката како филозофска дисциплина која го проучува практичното поведение на човекот во секојдневниот живот, односно, се интересира за интерференцијата помеѓу доброто и злото. Според Мур (2018), етиката како наука вложува напор да се разбере поединецот и да се проникне во индивидуалната драма на постоењето на секоја личност. Според други експерти, етиката претставува филозофска дисциплина која се занимава со проучување на моралот (Нирнбершки процес, 2019), односно, таа е гранка на филозофијата која се занимава со проучување на принципите на однесување на една личност или на група луѓе. Етиката е позната и под името морална филозофија. Основни принципи за кои се интересира етиката се: вистинитост, искреност, лојалност, почитување, праведност, интегритет и сл. (Surbhi, 2018).

- Дефинирање на поимот ***морал***

*Моралот* е обичај, норма, правило на однесување, кој ги регулира односите меѓу луѓето во една заедница (на пример, односот на човекот кон светот, кон другите луѓе и кон самиот себеси). Моралот е и социјално, културно и религиозно убедување на индивидуата или на група луѓе кое ја обликува свеста на човекот за тоа што е правилно или погрешно. Моралните правила и стандарди се создавани од општеството и културата на една заедница низ долг временски период. Основни морални принципи врз кои се потпира една култура се: разбирање, вистинољубивост, дарежливост и сл. (Surbhi, 2018).

- Дефинирање на поимот ***ставови***

Ставовите се чувства или емоции кон определени факти или состојби. Тие претставуваат поглед на светот на една личност, кој го дефинира начинот на кој личноста размислува или чувствува. Ставовите имаат силно влијание врз донесувањето на одлуки, преземањето на активности, мотивацијата итн. Ставовите можат да бидат позитивни, негативни или неутрални, односно да изразуваат допаѓање или недопаѓање на некого кон нешто (Surbhi, 2017).

## 3.2. Дефинирање на поими кои се среќаваат во хипотезите на трудот

Во докторскиот труд се среќаваат и други поими како што се: *мотивација за учење, работни навики за учење, етички вредности*, *професионални етички стандарди* и сл., кои исто така имаат голема важност во расветлувањето на проблематиката на истражувањето. Во продолжение ќе дадеме кратки дефиниции за нив.

- Дефинирање на поимот ***мотивација*** *за учење* кај учениците

*Мотивацијата* е психички процес што го наведува едно лице да се обиде да задоволи некоја потреба. Наједноставниот модел на односот помеѓу мотивацијата и учењето претпоставува дека кога постои потреба, мотивацијата ќе доведе до погон што ќе го активира однесувањето на поединецот (Ahmad, 2008). *Мотивација за учење* претставува тенденција да се најдат значајни и вредни активности поврзани со учењето во училиштето и од нив да се извлече максимална корист.

- Дефинирање на поимот ***работни навики за учење***

*Навиките за учење* може да се опишат како методи или средства за добивање информации, односно, за решавање на проблеми, развој на вештини, стекнување знаења и завршување на училишните обврски (Urh & Jareb, 2014). Ефикасните ученици имаат одредена работна рутина и дисциплиниран однос кон своите обврски, па така, може да се рече дека тие имаат стекнато работни навики за учење.

- Дефинирање на поимот ***етички вредности***

*Етичките вредностите* се дефинираат како принципи и идеали, кои им помагаат на луѓето во проценувањето на она што е чесно, праведно и приоритетно во животот. Тие се стимули за размислување и се разликуваат од една до друга личност. Вредностите се однесуваат на важни и трајни верувања или принципи, врз основа на кои индивидуата носи одлуки во животот. Тие делуваат како стандарди за однесување и сериозно влијаат на емоционалната состојба на личноста. Според експертите, етичките вредности можат да бидат лични, културни или корпоративни (Surbhi, 2017). Етичките вредности, по

дефиниција, се позитивни и тие често бараат да се протегаме надвор од нашите сопствени интереси за да ги почитуваме, да ги заштитуваме, да им служиме и да им помагаме на другите (Thornton, 2015).

- Дефинирање на поимот ***професионални етички стандарди***

*Етичките стандарди* претставуваат збир на принципи, правила и норми, кои водат кон определено однесување во дадена етичка рамка (*My Accounting Course, Accounting Dictionary*, 2019). Етичките стандарди за наставната професија главно се потпираат на интегритетот на личноста на наставникот.

## 4. Етиката во наставниот процес

Образованието отсекогаш претставувало основна движечка сила во креирањето на етички парадигми и стандарди за перципирање, евалуирање и дејствување. Во пресрет на предизвиците од новиот милениум, заедно со издигнувањето на свеста за заедничките човечки вредности и за припаѓањето кон глобалниот културен простор, уште еднаш експлицитно се потврдува значењето на образованието за развојот и одржувањето на стабилни, мирни и демократски општества (Гулевска, 2015).

Професијата воспитувач, наставник, педагог има многу важна општествена улога. Наставниците ги водат учениците низ воспитно-образовниот процес и ги подготвуваат за нивната иднина. Од нив се очекува да ги поучуваат учениците да стекнуваат знаења, да ги откриваат и развиваат нивните способности и да помагаат во процесот на формирање на ставови. Од овде произлегува потребата воспитувачот, наставникот и педагогот успешно да го организира и раководи воспитно-образовниот процес и притоа, да ги почитува личноста на ученикот и неговите права. Имајќи ги предвид овие факти може да заклучиме дека улогата на воспитувачот, наставникот и педагогот е многу комплексна и опфаќа повеќе сегменти. Ова ја наметнува потребата од постојано подобрување на квалитетот на иницијалното образование и континуирано организирање на обуки на идните воспитувачи, наставници и педагози, личности кои низ воспитно-образовниот процес ќе ги водат идните млади генерации. Етиката во наставниот процес се занимава со проучување на

однесувањето на учениците од една страна и со проучување на однесувањето на наставниците, од друга страна. Моралните принципи промовирани во етичкиот кодекс на училиштето може да се сметаат како стандард за однесување на учениците, наставниците, директорот на училиштето, стручната служба (педагог, психолог, социолог) и другите вработени. Според Лисман, „доминантната цел за вклучувањето на етиката во наставата е да им помогне на учениците да развијат капацитет за критичко размислување за етичките прашања. Втората цел е да се поттикне моралниот развој на учениците“ (Лисман, 2013, стр.71).

### 4.1. Етиката во наставните програми во Република Северна Македонија

Образовниот систем е задолжен да овозможи едукативен, образовен развој, напредок и успех во постигнувањата за секое дете, односно ученик, без разлика на неговиот психо – физички развој, социо – економски статус, или етничка припадност, со цел детето да се подготви за подобра иднина, да биде флексибилно и подготвено за избор на подобри можни решенија во секојдневните животни проблеми. За да се постигне горенаведеното треба да се постапува по добро организиран наставен план и програма.

Во Република Северна Македонија, Бирото за развој на образование ги составува планот и програмите за воспитно - образовниот процес и ги предлага во Министерство за образование и наука, од каде се очекува и нивното утврдување од страна на министерот. Сето ова е предвидено и со *Законот за основно образование*, каде во член 25, став 2, се вели: „Во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои, на предлог на Бирото, а ги утврдува министерот“ (*Закон за основно образование*, Консолидиран текст.)

Во *наставниот план за деветгодишното основно образование*, за секое оделение од I до IX одделение се предвидуваат: задолжителни и изборни предмети, како и неделен и годишен фонд на наставни часови за секој предмет и одделение.

*Наставната програма* е посебна за секој предмет. Во наставната програма се предвидува: во кое одделение се реализира дадениот предмет, неделен и годишен фонд на наставни часови, цели на наставата, теми и одреден број на часови за реализација на наставата, конкретни цели, содржини, поими, активности и методи за секоја тема,

дидактички препораки, следење и оценување на постигањата на учениците, просторни услови за реализирање на наставната програма, норматив за наставен кадар, потпис и датум на утврдување на наставната програма од страна на министерот.

Бидејќи во трудот ги истражуваме состојбите во основното образование во Република Северна Македонија, ги анализиравме содржините од областа на етиката во наставниот план и наставните програми за основно образование и дојдовме до заклучок дека само два премети ја тангираат оваа проблематика, и тоа: *Етика во религиите* како изборен предмет во VI одделение и *Етика* како задолжителен предмет во VII одделение.

### 4.1.1. Наставен предмет *Етика во религиите*

Наставниот предмет *Етика во религиите* во наставниот план е застапен со 2 часа неделно и 72 часа годишно. Учениците од VI одделение, по своја волја и во согласност со своите родители се определуваат да го изучуваат овој предмет. Во наставната програма за овој наставен предмет прецизно се опишани: општи цели (за наставната програма), конкретни цели, содржини, поими, активности и методи (за секоја тема).

Општи цели на наставата се:

- Учениците да се запознаат со етиката како наука за доброто и моралот;
- Учениците да се запознаат со основите на етиката на православното христијанство, етиката на исламот, етиката на католичкото учење, етиката на јудаизмот и етиката на евангелско-методистичкото учење;
- Учениците да ги познаваат основните етички поими на религиите;
- Учениците да усвојат основни знаења од: Библијата, Куранот, Талмудот и начините на нивното читање и разбирање;
- Учениците да осознаат дека религијата ги поучува луѓето да го прифаќаат и почитуваат хуманото однесување меѓу луѓето;
- Учениците да ги запознаат и почитуваат различните религии на граѓаните во македонското општество і
- Учениците да развиваат вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите.

Како што се забележува и во општите цели на овој наставен предмет, со оваа наставна програма учениците ќе можат да усвојуваат знаења од етиката што се темелат на православното христијанство, исламот, јудаизмот, католичкото и евангелско-методистичкото учење, исто така, учениците ќе можат да ги развиваат способностите за морално расудување и ќе се поттикнуваат да ги почитуваат хуманите односи меѓу луѓето.

Наставната програма за предметот *Етика во религиите* се состои од три теми, каде третата тема се состои од три поттеми, и тоа:

Тема I: *Етиката како наука за доброто и моралот*. За реализирање на оваа тема во наставната програма се предвидени 10 наставни часа и се обработуваат содржини од етиката како наука за доброто и моралот.

Тема II: *Етика во религиите*. За реализирање на оваа тема во наставната програма се предвидени 20 наставни часа и се обработуваат содржини кои даваат преглед на заедничките принципи на религиските учења.

Тема III *е изборен дел* од наставниот предмет во кој се обработуваат содржини за религиските учења. За реализирање на изборниот дел од наставниот предмет предвидени се 42 наставни часа. На учениците им се дава можност да изберат да ја изучуваат етиката на една од религиите што се најзастапени во Република Северна Македонија, т.е. учениците се определуваат да учаат само една од следните 5 теми:

Наставниот предмет *Етика во религиите* создава основа за секој ученик да се запознае со етиката и моралните вредности на горенаведените религии. Исто така со изучувањето на овој предмет се очекува учениците да стекнат основа да ги прошират знаењата и вештините за етиката и моралот. Наставата по овој предмет ја изведува професор - специјалист по методика на наставата по религиско образование.

### 4.1.2. Наставен предмет *Етика*

Наставниот предмет *Етика* е задолжителен предмет за учениците од VII одделение, а во наставниот план е застапен со 1 час неделно и 36 часа годишно. Во наставната програма

за овој наставен предмет, исто така прецизно се опишани: општи цели (за наставната програма), конкретни цели, содржини, поими, активности и методи (за секоја тема).

Општи цели на наставата се:

- Учениците да се запознаат со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот<
- Учениците да ги откријат и да ги почитуваат етичките односи<меѓу луѓето;
- Учениците да се запознаат со универзалните етички вредности і
- Учениците да се запознаат и да го прифатат бонтонот во современото општество;
- Учениците да развиваат вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите.

Во општите цели на наставниот предмет *Етика* се забележува дека со оваа наставна програма учениците ќе се запознаат со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот, со универзалните етички вредности, како и да станат способни да ги откриваат и да ги почитуваат хуманите односи меѓу луѓето. Преку наставата по овој предмет учениците исто така ќе развиваат вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите.

Наставната програма за предметот *Етика* се состои од три наставни теми, додека вкупниот број на наставните часови (36) се дели подеднакво за трите наставни теми, т.е. по 12 наставни часа за секоја наставна тема.

Тема I: *Етиката и моралот*. Во првата тема се обработуваат содржини од етиката и моралот. Учениците се запознаваат и со основните етички пораки на Св. Климент Охридски како прв и најзначаен македонски етичар.

Тема II: *Универзални етички вредности*. Во втората тема се обработуваат содржини за етиката во целиот свет, за универзалната етика, за универзалните етички вредности како што се: чесност, вистина и праведност, за етика на здравјето, за екологијата и за информатичката етика.

Тема III: *Добро однесување*. Во оваа тема се обработуваат содржини за: доброто однесување, за однесувањето во семејство, за однесувањето во училиштето, за однесувањето меѓу другарите, за доброто однесување во јавноста и кон другите луѓе.

Наставата по наставниот предмет Етика ја изведува наставник со завршен Филозофски факултет, кој се стекнал со звањето *Дипломиран професор по Филозофија*.

### 4.2. Морално воспитание

Моралното воспитание е организирана дејност со цел да се постигне морално формирање, обликување или морално усовршување на личноста како дел од општеството. Моралното воспитание се подразбира и како процес во кој се формираат морални погледи, верувања и навики кај личноста на детето, со што тоа би размислувало, чуствувало и постапувало во согласност со моралните норми на општеството. За да имаме морално воспитано општество, неопходно е вложување на ангажман во повеќе димензии. Процесот на моралното воспитание е сложен и долготраен. Во него имаат влијание разни фактори и истиот се дели на одредени етапи. Според Вукасовиќ (1978), процесот на моралното воспитание се дели на три етапи и тоа: формирање на морално спознание, формирање на морално уверување и формирање на морално однесување и дејствување.

Моралното спознание, всушност, значи морално образование, стекнување на морални поими и категории, познавање на моралните норми и ставови, морални правила и принципи и познавање на општо прифатениот систем на морални вредности. Формирање на морално познание е првата фаза од формирањето на моралната личност и не е гаранција за моралното однесување и дејствување. Морални уверувања имаме кога моралните поими и принципи не се податоци учени формално, туку, кога покрај нивното спознание, формиран е и внатрешен став, т. е. кога овие ставови станувaат движечка сила за однесување и дејствување на личноста. Однесувањето и дејствувањето, пак, го покажуваат вистинскиот морал на поединецот. Целта на моралното спознание и моралните уверувања е да ја исполнат личноста со содржина, (т.е. со морални принципи и соодветни правила, кои треба да се совладаат во процесот на морално воспитание) и да помогнат во формирањето

на моралното однесување и дејствување на личноста Основен услов за постигнување на моралното дејствување е формирањето на моралните навики. Сето ова не е можно да се постигне само со морално советување,туку, потребно е и активно учествување во таквите животни ситуации каде природно се појавуваат етички дилеми.

Врз моралното воспитание на личноста на детето влијаат повеќе значајни фактори меѓу кои, како најзначајни, ќе ги наведеме семејството и воспитно-образовните институции.

Секое човечко суштество има потреба да биде перципирано, да му се даде слобода да размислува, интерпретира и создава, да негува емоции и да има право на избор. Во тој контекст, улогата на семејството претставува клучен фактор за развојот и правилното воспитување на детето, односно за формирање на здрава личност. Функционалното семејство е корисно не само за благосостојбата на детето, туку и за родителите и за пошироката заедница. Социјалната кохезија на општеството во целина зависи од кохезијата на семејната единица. Експертите (Lattanzi - Licht, 1996) се согласуваат дека кохезијата во рамките на семејната единица започнува со комуникација. Најкохезивни семејства се оние семејства каде што партнерите соработуваат еден со друг, ефикасно комуницираат и се договараат кога донесуваат одлуки за тоа како да се справат со своите деца, бидејќи тие учат како да се однесуваат гледајќи ги и имитирајќи ги возрасните. Оттаму, родителите имаат огромно влијание врз етичкиот развој на своите деца.

Воспитно - образовните институции како што се градинките, училиштата, студенските домови и т.н. имаат значајно влијание врз моралното воспитување на младите генерации. Универзалните напори за подобрување на социјалните вештини и позитивното однесување на учениците во училиштата можат да се имплементираат преку наставни програми и педагошки пристапи кои вклучуваат настава за социјални вештини, поттикнување на позитивни интеракции помеѓу учениците, инклузија и прифаќање. Овие пристапи вклучуваат зголемен фокус врз односите, ангажманот и позитивното управување со училницата и однесувањето на учениците. Значајна улога за моралното воспитување на учениците во училиштето има наставникот. Наставникот, со неговите морални ставови, вредности, навики, убедувања и дисциплина служи како етички модел за учениците. Наставниците имаат обврска да им овозможат на децата да формираат свои убедувања и ставови (Hand, 2018). Доколку со учениците наставникот е љубезен, доверлив, искрен, праведен и т.н., тогаш ќе има позитивно влијание и во моралниот развој на учениците, а со

тоа, меѓу другото ќе ги зајакне и моралните вредности кај учениците. За реализација на целите и задачите на моралното воспитување, наставникот во училиште користи *методи на морално воспитание.* Според експертите, методите на морално воспитание се: „метод на советување, метод на убедување, метод на создавање навики и метод на превенција" (Vukasoviç, 1978, стр. 188). Со помош на горенаведените методи, наставникот може да постигне успех во етичкиот развој кај учениците со морално советување, додека со морално убедување наставникот успева да ја поттикне внатрешната мотивација кај учениците за морално дејствување, а со тоа, се создаваат и навики за морално дејствување. Со превенцијата, пак, наставникот успева да ги спречи лошите навики и дејствија кај учениците и да ги убеди да не постапуваат погрешно и неправилно.

## 5. Професионалната етика на наставниците

*Големината на наставничката професија се наоѓа во љубовта кон ученикот и почитувањето на неговата личност, во развој на силата на интелектот на ученикот како протагонист на иднината.*

Џеладин Мурати

Суштинските промени во развојот на човештвото во почетокот на 21 век и активизацијата на човечката дејственост доведоа до многукратно влијание на човекот врз светот што го опкружува. Овие промени можат да се забележат во природата, во општеството, се одразуваат дури и врз животот на самиот човек, односно, добиваат глобален карактер.

Филозофскиот и културолошкиот вектор на етиката во современата ера на информациската цивилизација треба да биде насочен не само кон природно-етичката и хуманитарната експертиза на новите идеи, туку и кон методолошкиот елемент на научниот фундамент.

Професионалната етика како дел од општата етичка теорија се карактеризира и со практичен карактер. Во последните децении, авторите од Република Северна Македонија, посветуваат сѐ поголемо внимание на етиката како елемент од професионализмот. Така Шуклев и Дракулевски во нивното дело *Стратегиски менаџмент* за етиката велат:

„Етиката, всушност, го отсликува моралот како перцепција на лично убедување, морално однесување и верување за некоја ситуација, па тоа се отсликува како нешто што е морално или добро наспроти лошо и неморално. Но, дали едно етичко однесување е добро може да се разгледува од повеќе перспективи: од перспектива на личен интерес, кога се смета дека едно лице настојувајќи да го постигне својот сопствен интерес прави добро и за општеството. Вториот аспект е доколку некоја индивидуа постојано го промовира својот интерес на сметка на другите, таа индивидуа нема да биде прифатена од останатите и ќе биде изолирана; третиот аспект е кога етиката се базира на нешто добро или нешто лошо. Последниот аспект за морално однесување води кон хуманоста и поврзаноста на луѓето во своите односи“ (Шуклев & Дракулевски, 2001, стр. 25).

Професионалната етика на наставникот, според експертите од оваа област (Webster &Whelen, 2019) се појавува во три подрачја од професионализмот: *професионално знаење* (поседува продлабочено знаење од предметната област, ги познава учениците и знае како тие учат), *професионална пракса* (планира и имплементира ефективно поучување и учење, креира и одржува позитивна околина за учење со поддршка и грижа за учениците) и *професионален ангажман* (се ангажира за својот професионален развој и комуницира со колегите, родителите и пошироката општествена заедница).

За да биде добар и успешен во неговата професија, наставникот треба да ги поседува следниве квалитети:

- *човечки квалитети*, како на пример висок степен на емоционална интелегенција, емпатија итн.,
- *педагошки квалитети*, со што би бил добар водач на учениците и добар организатор на воспитно – образовниот процес,

- *морални квалитети*, со што би ја извршувал својата должност врз основа на морални ставови и вредности, морален закон и морални норми.
- *граѓански квалитети,* со што би бил одговорен за своето однесување и постапување врз основа на пишаните законски норми.

Наставникот е дел од општеството, така што тој ја покажува својата професионална етика во комуникацијата со другите субјекти од воспитно-образовниот процес. Оваа релација на професионална комуникација може да биде повеќеслојна:

- наставник – ученик,
- наставник – наставник,,
- наставник – службеници (директор, педагог, психолог, социолог, итн.)
- наставник - родители, и
- наставник – заедница.

Според некои истражувачи, „професионалната етика на наставниците треба да се занимава со норми, вредности и принципи кои ќе го водат нивното професионално однесување. Прва морална и професионална обврска на наставникот е да обезбеди соодветни насоки и помош за учениците да учат и да растат“ (Loreto, 2017, стр.37). Во таа насока, наставникот мора во секој миг да остава добар впечаток кај неговите ученици, да ги мотивира и да ги едуцира за етичко однесување со цел кај нив да ја поттикне добрината и убавото поведение. Исто така, наставникот треба да афирмира колегијалност со другите наставници, да гради односи на праведност и соработка. Според експертите од оваа област, „колегијалните и социјалните односи на наставникот треба да бидат живи и стимулирачки. Во односот со колегите и со учениците, наставникот треба да создаде хармонија и разбирање“ (Murati, 2013, стр.110).

Кога се зборува за професионалната етика на наставниците, не може да не се спомне и *педагошката етика* која се занимава со истражување и анализа на однесувањето, поведението на наставниците, особено поведението на наставниците кон учениците, и обратно, поведението на учениците кон наставниците. Една од најважните задачи на педагошката етика е морално-педагошката подготовка на идниот учител. За педагошката дејност применливи се речиси сите основни морални норми, како и одделните норми кои го одразуваат специфичниот карактер на педагошките односи. Најзначајни педагошки морални норми се *педагошката праведност* и *педагошкиот авторитет*. Праведноста,

воопшто, се карактеризира со соодветност на односите и почитување на достоинството на субјектите во меѓусебната комуникација и интеракција во сферата на образованието, од една страна, и нивното општествено признание, правата и обврските што тие ги имаат, од друга страна. Воспитаноста, добрината, принципиелноста и човечноста на учителот се пројавуваат во неговите конкретни постапки спрема учениците. Односот на учениците спрема учењето најчесто зависи од педагошката праведност на учителот. Затоа, „педагошкиот авторитет на учителот претставува своевидна дисциплина со чија помош тој го регулира поведението на учениците и влијае врз нивните убедувања“ (Гулевска, 2010, стр. 18). Наставникот е должен да покаже посветеност во работата со учениците и во односот кон својата професија и кон заедницата. Морална и законска обврска на наставникот е да биде буден и „да чува етичка стража над училишната заедница“ (Forster, 2019, стр. 36). Тој мора да поседува највисоки етички стандарди и да се придржува кон етичките принципи на педагошката етика, односно, да биде модел на етичко однесување за учениците.

### 5.1. Основни морални вредности и етички принципи на наставниците

Вредностите, моралот, етиката, ставовите и принципите се фактори кои управуваат со нашиот карактер и нашето однесување кон себеси и кон другите. Според Темков (2010), најзначајни морални вредности кои треба да ги поседуваат и практикуваат луѓето во заедничкото живеење (а за истите сметаме дека треба да ги поседуваат и практикуваат и наставниците) се:

- *Толеранција* - трпеливост, сфаќање дека другите луѓе имаат свои карактеристики и дека тие се различни од нас, разбирање на разликите меѓу луѓето и непротивење со нив, поднесување туѓо постоење, мислење, верување или погледи.
- *Помош* - давање нешто некому, како поддршка и придонес за неговото живеење или работење. Помошта дава поткрепа на луѓето и им ги олеснува

задачите и тешкотиите, овозможува согласување меѓу луѓето во добрите намери и соработка во дејствувањето.

- *Грижа* - заинтересираност за состојбата на некого или на нешто, желба да им биде добро, и такво сообразно човечко постапување. Грижата сведочи за нашето искрено чувство за другите луѓе или за некоја работа.
- *Разбирање* - умно размислување и однесување. За заедничкиот живот на луѓето тоа значи меѓусебно добро сфаќање на животот, како и на целите, намерите и постапките на другите і
- *Соработка* - заедничко извршување на работата, помош при работата, особено од колега со кого се делат задачите и работното време. Со поделбата на работата таа се извршува полесно и се добива подобар успех.

Од она што беше кажано погоре, сметаме дека вредностите се квалитети или стандарди на однесување. Тие помагаат да се формираат *принципите* кои се правила што регулираат нечие однесување.

Моралните вредности и ставовите на наставниците како и етичките принципи и стандарди на наставниците имаат силно влијание врз однесувањето на учениците. Тие, исто така, ги регулираат односите на наставниците кон другите наставници - колеги, кон раководителите на училиштето, кон професионалните службеници, кон родителите на учениците, кон заедницата итн.. Сето тоа влијае и врз успехот или неуспехот во постигнувањата на учениците.

Според Синдикатот за образованието во Финска (OAJ, 2019), јадрото на наставата се состои од четири основни вредности:,

- *Достоинство* (или почитување на човештвото),,

  Наставниците мора да ја почитуваат секоја личност, без оглед на полот, возраста, религијата, социјална,а положба, потеклото, способностите и постигнувањата, і

  *Вистинитост,*

  Вклучува насочување на учениците во навигацијата низ животот и околината. Искреноста кон себеси и кон другите и меѓусебното почи іување во секоја комуникација е основен аспект на работата на наставниците.,
- *Праведност,*

Вклучува особено іпромовирање на еднаквост, недискриминација и избегнување на фаворизирање,

- *Одговорност и слобода .*

  Наставниците имаат право на сопствени вредности, но во нивната работа, одговорноста е врзана за нивната основна задача и нејзините стандарди, како што се законодавството и наставната програма.

Колеџот за наставници во Онтарио – Канада (Ontario College of Teachers, 2019), јасно ги дефинира целите на етички стандарди и етичките вредности на наставничката професија, и тоа:

1. *Целите на етичките стандарди за наставничката професија* се:

- да ги инспирираат членовите на училишната заедница да ја рефлектираат и да ја поддржат честа и достоинството на наставничката професијата; ,
- да ги идентификуваат етичките одговорности и обврски во наставничката професија;
- да донесуваат етички одлуки и да промовираат етички дејствија во наставничката професија; и.
- да се залагаат за довербата на јавноста кон наставничката професијата.

**2.** *Етички стандарди за наставничката професија* се**:**

- *Грижа*: Етичкиот стандард за грижа вклучува емпатија, прифаќање, интерес и увид за развој на потенцијалот на учениците.
- *Почит*: Суштина на етичкиот стандард за почит се довербата и фер однесувањето. Наставниците го почитуваат човечкото достоинство, емоционалната благосостојба и когнитивниот развој на учениците. Професионалните односи на наставниците со учениците, колегите, родителите, старателите и јавноста се засноваат на доверба ,
- *Доверба*: Етичкиот стандард на доверба отелотворува правичност, отвореност и искреност о
- *Интегритет*: Искреноста, сигурноста и моралното дејствување се отелотворени во етичкиот стандард за интегритет. Континуираното размислување им помага

на наставниците во остварувањето интегритет во нивните професионални обврски и одговорности.

Етичките принципи кои подолу ќе бидат елаборирани, претставуваат заедничка основа за развој на етичката свест на наставниците. Одговорноста на наставниците е да дејствуваат во согласност со овие главни вредности:

„- *Човечки вредности и човекови права*

Работата на наставниците е заснована на вредности и принципи утврдени со универзалните човекови права, особено Конвенцијата на ОН за правата на децата. Овие права мора да се промовираат и бранат во образованието за рано детство и во училиштата. Неповредливоста на човековата индивидуална слобода и потребата за безбедност и грижа се основни за секој човек.

- *Почит и еднаквост*

Личноста и интегритетот на секоја личност мора да бидат исполнети со почит. Никаква форма на угнетување, индоктринација или предрасуди не смее да се толерира. Сите ученици во училиште имаат право на учество и да бидат слушнати и земени предвид нивните гледишта. Тие треба да имаат право на слобода во рамките на образовната заедница.

- *Професионален интегритет*

Етичката свест и високите професионални компетенции се основа на професионалниот интегритет и се од суштинско значење во создавање на добри услови за игра, учење и градење на личноста на ученикот.

- *Приватност*

Почитувањето на стандардите за доверливост и информации е од клучно значење за наставниците. Секој има право на приватност. Со личните податоци мора да се управува на начин на кој ќе се заштити интегритетот и достоинството на децата, учениците, родителите, колегите и сите други вработени во училиштето. Електронското ширење на информации бара посебна критичка свест" ("Professional ethics," 2019).

## 5.2. Личноста и професионализмот на наставникот

Прфесионалните вредности на наставникот можат да се нарекуваат и доблести на наставничката професија кои треба да ги поседува секој наставник во процесот на подучување, во неговото однесување и дејствување кон учениците, кон нивните родители, кон колегите наставници итн.

Некои експерти (Kraja, 2012), за личноста и професионализмот на наставникот ни велат:,

- *Наставникот треба да ги продлабочува знаењата за неговиот предмет*

Во тесниот профил, следејќи го современото знаење, новите информации што ги носат брзите трансформации во неговата дисциплина, новите искуства, со постојано проширување и актуелизирање на знаењето во неговата научна дисциплина.

- *Наставникот треба да има педагошка подготовка или поточно дидактичко- методска подготовка,*

Меѓу основните барања кои се директно поврзани со про,есионализмот на наставникот, спаѓа и педагошко-психолошката и методска подготовка.

- *Наставникот треба да е во тек со основните педагошки проблеми,*

Како професионалец, наставникот треба да ја знае наставната програма на училиштето во кое работи, дидактиката и основните принципи на неговиот предмет, методологијата на неговиот предмет, за да може да го организира наставниот процес, да го познава процесот на поучување и учење, да има педагошки такт итн,

- *Наставникот треба да има страст за работа со деца, љубов и почит кон нивната личност,*

Ученикот не се согласува со рамнодушниот однос кон него. Тој не се согласува со неправдите, со пристрасноста на наставниците. Тој го сака наставникот како свој човек, во кого се надева дека ќе најде разбирање, доверба, почит, сериозност, но не толерира навреда.

- *Наставникот не треба да биде догматичен, туку креативен по содржина и метод.,*

Од наставникот се бара да има ново мислење, иновација, почитување и спроведување на наставните програми, училишните прописи итн.

- *Наставникот треба да биде етички модел за учениците и пошироко во општеството,*

Наставникот е јавна личност. Тој, сосема природно, е предмет на набљудување од страна на учениците, родителите и пошироката заедница и затоа мора да биде претпазлив во однесувањето и во начинот на облекување, затоа што е набљудуван и имитиран.

Во продолжение се потрудивме да објасниме на кој начин наставниците можат да ги демонстрираат нивните професионални вредности, без кои тие не би биле добри и успешни наставници. Предвид зедовме неколку основни вредности на наставниците, како што се: интегритет, почит, грижа, праведност, достоинство и одговорност.

а*) Наставниците демонстрираат интегритет преку:*

- Создавање и одржување на соодветни професионални односи.

- Постапувајќи со непристрасност, вистинитост, искреност и чесност.

- Верувајќи во сите ученици и давајќи им можност да го постигнат нивниот потенцијал, бидејќи секој од нив е уникатен, надарен и талентиран и сака да успее.

- Преземајќи одговорност, дури и кога им е најтешко.

б) *Наставниците демонстрираат почит преку:*

- Признавање дека односите со учениците и нивните семејства мора да се засноваат на меѓусебно почитување и доверба.

- Дејствување со колеги од образованието и пошироката заедница на начин кој ја подобрува професијата.

в) *Наставниците демонстрираат грижа преку:*

- Емпатија и соработка со учениците, нивните семејства, колегите наставници и заедницата.

- Посветување на благосостојбата и учењето на учениците преку нивното позитивно влијание, професионално расудување и емпатија во пракса.

- Поздравување на учениците секој ден, кога се почнува и кога се завршува со часовите, давајќи им на учениците позитивна енергија.

- Дискусија со учениците за нивното хоби, дарби, таленти и тешкотии со цел да се надминат сите препреки кај учениците кои имаат потреба за помош, а од друга страна да се откријат надарени и талентирани ученици на кои им треба помош да го зајакнат потенцијалот кој го имаат. Во текот на дискусиите наставникот им споделува примери на успешни ученици или познати успешни личности за да ја поттикне волјата за успех и кај нив.

- Обезбедување на материјали за учење, соодветни на возраста и интересите на учениците.

*г) Наставниците демонстрираат праведност кога:*

- Наставниците постапуваат фер и разумно.

- Наставниците се посветени на благосостојбата на поединците и заедницата, и на општото добро.

- Наставниците се посветени на благосостојбата на сите ученици подеднакво.

- Наставниците им излегуваат во пресрет на сите ученици подеднакво.

- Наставниците праведно и фер ги оценуваат учениците за нивните постигнувања.

д) *Наставниците го демонстрираат достоинство преку:*

- Вреднување и прифаќање на различноста на учениците.

- Рамноправно третирање на учениците, со грижа и емпатија.

- Почитување на уникатноста на семејното потекло.

- Вреднување на напорот и потенцијалот на учениците.

е) *Наставниците демонстрираат одговорност преку*:

- Давање приоритет на образованието и благосостојбата на сите ученици  кои се под нивна грижа.

- Вклучување во постојан професионален развој и подобрување на стратегиите за поучување и учење. i

- Тимска работа и соработка со колегите наставници во најдобар интерес на образованието и благосостојбата на нивните ученици.

Во денешно време е многу тешко да се биде добар наставник и етички модел за учениците. Затоа сметаме дека најдобри наставници се оние кои успешно и на најдобар начин ги практикуваат и демонстрираат своите етички вредности, како кон учениците така и кон нивните родители, колегите наставници, раководителите на училиштето, стручните соработници и останатите вработени во училиштето, но и кон заедницата. Наставникот знае дека не едуцираат само методите и постапките, туку едуцира и самиот тој со неговото однесување. Тоа во педагогијата се нарекува скриен курикулум со кој „наставникот, понекогаш и несвесно, пренесува определени пораки кај учениците, кои, на различни начини, учениците ги прифаќаат и ги обработуваат “ (Kadriu, 2016, стр.75).

# II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на истражување во овој истражувачки труд беше професионалната етика на наставниците во основните училишта во Р. С. Македонија и нејзиното влијание врз успехот во постигнувањата на учениците.

## 2. Мотив и оправданост за истражувањето

Професионалната етика на наставниците е клучен фактор кој влијае врз постигнувањата на учениците не само во основното образование, туку во сите нивоа на образованието, во континуитет, почнувајќи од градинките каде ги имаме воспитувачите, кои треба да ги потикнуваат етичките вредности кај децата во градинка, за потоа да се продолжи во основните училишта, средните училишта, па дури и во високото образование.

Бидејќи во основно образование се градат темелите на општеството, каде денешните ученици ќе бидат протагонисти на општеството во иднина, многу е важно кај овие ученици да се изгради моќна основа која ќе им ја олесни и подобри иднината, учениците треба да се подготват за да наоѓаат решенија на проблемите на кои често ќе наидуваат во животот, да се флексибилни и критични во различни ситуации, да донесуват правилни одлуки, да можат да разликуваат што е правилно а што е погрешно, што е добро а што е лошо, и тн.

Гледајќи од овој аспект сметаме дека наставникот е тој кој повеќе може да влијае врз успехот на постигнувањата на учениците, бидејќи наставникот:

- ја поттикнува желбата кај учениците за повисок успех во учењето;
- ги мотивира учениците за повисок успех;
- ги мотивира учениците за подобро однесување кон другите;
- создава работни навики за учење кај учениците; и
- создава етички вредности кај учениците.

Но, за жал наставникот може и негативно да влија врз посакуваниот успех на постигнувањата кај учениците, спротивно на горенаведеното.

Тргнувајќи од овој факт, се мотивиравме да ја истражуваме оваа проблематика (Професионалната етика на наставниците во основните училишта и нејзиното влијание врз успехот во постигнувањата на учениците), и се потрудивме да дадеме јасна слика за реалната состојба во основните училишта во Р.С. Македонија.

## 3. Научен и стручен придонес на истражувањето

Истражувањето ни даде јасна слика за состојбата во основните училишта за професионалната етика на наставниците и нејзиното влијание врз успехот на постигнувањата на учениците, додека со SWOT анализата дознавме:

- кои етички вредности се *јака старана* во работењето на наставниците, и се клучни за развој на професионалната етика на наставниците;и

- кои критични точки се *слаба страна* во работењето на наставниците, и го попречуваат развојот на професионалната етика на наставниците.

Кому ќе му служат добиените резултати од истражувањето,

- Истражувањето им излегува во пресрет на креаторите на образовните политики кои можат да ги користат добиените резултати од истражувањето за планирање на нови образовни политики.
- Добиените резултати од истражувањето ќе им служат на образовните институции кои се одговорни за напредокот на воспитно-образовниот процес во основните училишта, како што се:
  - Министерството за образование , наука,
  - Бирото за развој на образование, и
  - Основните училишта во Република Северна Македонија.,
- Добиените резултати од истражувањето ќе им служаат на наставниците и на учениците, и тоа:
  - на наставниците да се усовршуваат во практикувањето на етички стандарди со што ќе ја подобруваат нивната професионална етика; и
  - на учениците за повисок успех во нивните постигнувања, земајќи ги предвид: нивниот успех во учењето; навиките за учење; мотивацијата за учење и етичките вредности кај учениците.

Успехот во постигнувањата на учениците треба да претставува голем предизвик за нашето општество, затоа се надеваме дека заклучоците и препораките од ова истражување ќе се земат предвид од горенаведените одговорни институции, со цел подобрување на актуелната состојба во нашите основни училишта.

## 4. Цел на истражувањето

Ова истражување за докторска дисертација имаше за цел да ја испита професионалната етика на наставниците во основните училишта во Р. С. Македонија и нејзиното влијание врз успехот во постигнувањата на учениците.

За да се констатира реалната состојба на професионалната етика на наставницте во основните училишта во Р. С. Македонија, беше спроведено емпириско истражување, и со помош на добиените резултати можевме да дојдеме до одредени сознанија за професионалната етика и нејзиното влијание врз успехот во постигнувањата на учениците во основните училишта во Р. С. Македонија и според нив донесовме заклучоци и препораки.

За да се постигне целта на истражувањето, се потрудивме да добиеме одговори на следниве прашања:,

- Дали професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата на учениците?
- Дали наставниците учествуваат во обуки за етика и интегритет во наставничката професија?
- Дали наставниците ги почитуваат и афирмираат правата на децата?
- Дали наставниците се под влијание на стереотипи и предрасуди?
- Дали наставниците претставуваат етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности?
- Дали основните училишта имаат креирано свој етички кодекс?
- Дали наставниците ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс?
- Дали учениците ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс?
- Дали наставниците заедно со учениците креираат посебен кодекс за однесување во училницата?
- Дали критериумите за оценување наставниците ги прават достапни за сите ученици на почетокот на учебната година?
- Дали наставниците им овозможуваат на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат меѓу себе ,

- Дали наставниците останувaат за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците)?
- Дали наставниците имаат искуство во креирање на индивидуален наставен план за ученици со послаб успех во учењето?
- Дали наставниците имаат искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици?
- Дали наставниците имаат искуство во креирање на посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот?
- Дали наставниците редовно ги прегледуваат домашните задачи и им даваат на учениците повратни информации за сработеното?
- Дали наставниците им дозволуваат на учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина?
- Дали наставниците ги прекоруваат учениците кога ќе направат пропусти или грешки, или им укажуваат на можни решенија?
- Дали наставниците учествуваат во организирање на воннаставни активности?.
- Дали наставниците водат ученичка секција и подготвуваат содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа?
- Кои етички вредности се *јаки страни* кај наставниците и се клучни за развој на професионалната етика на наставниците и
- Кои критични точки се *слаби страни* кај наставниците и го попречуваат развојот на професионалната етика на наставниците.

## 5. Задачи на истражувањето

За успешна реализација на овој истражувачки труд за докторска дисертација беа предвидени неколку задачи за истражувачот, наставниците и учениците.

Задачи на истражувачот беа следниве:

- Користење на адекватна литература од различни автори кои го третираат проблемот на професионалната етика на наставниците и успехот во постигнувањата на учениците;
- Креирање на *прашалници, скала на проценка* и SWOT анализа за: наставници и ученици;
- Спроведување на истражувањето со наставници и ученици од основните училишта во Р.С. макединија, со цел да се соберат / приберат податоците;
- Обработка на добиените податоци од наставниците и учениците;
- Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето, донесување на заклучоци за потврдување или отфрлање на хипотезите;
- Донесување на заклучоци и препораки кои произлегуваат од истражувачкиот труд.

Задачи на испитаниците, односно задачи на наставниците и учениците беа следниве:

- По добивање на линкот на електронскиот прашалник, испитаниците требаше внимателно да го прочитаат прашалникот;
- Требаше искрено да одговорат, односно да го наведат нивното мислење за секое прашање;
- Требаше искрено да го изразат својот став за секое тврдење;
- Требаше искрено да го наведат нивното мислење за она што се бара во делот на SWOT анализата; и
- На крај требаше да кликнат на копчето SUBMIT за успешно да ни биде испратен пополнетиот прашалник.

## 6. Хипотези на истражувањето

### 6.1. Општа хипотеза

Практикувањето на професионални етички стандарди во работењето на наставниците во основните училишта во Р. С. Македонија влијае врз успехот во постигнувањата на учениците.

### 6.2. Посебни хипотези

*Посебна хипотеза 1*

Успехот во учењето кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето од страна на наставниците во училиштето.

- Поединечна хипотеза 1.1. *Транспарентноста во оценувањето на постигнувањата на учениците не зависи од работното искуство на наставниците.*
- Поединечна хипотеза 1.2. *Успехот во постигнувањата на учениците зависи од транспарентноста на критериумите за оценување што ги практикуваат наставниците.*
- Поединечна хипотеза 1.3. *Ангажманот на наставниците во воннаставните активности на училиштето не зависи од нивното работно искуство* і
- Поединечна хипотеза 1.4. *Постигнувањата на учениците во воннаставните активности и во секциите не зависат од нивниот успех во учењето.,*

*Посебна хипотеза 2*

Навиките за учење кај учениците зависат од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето.

- Поединечна хипотеза 2.1. *Помошта што им ја пружаат наставниците на учениците во совладувањето на школските задолженија, не зависи од нивното работно искуство.*

- Поединечна хипотеза 2.2. *Помошта што ја добиваат учениците од наставниците за совладувањето на школските задолженија, не зависи од нивниот успех во учењето.*

*Посебна хипотеза 3*

Мотивацијата за учење кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето.

- Поединечна хипотеза 3.1. *Мотивирањето на учениците за учење од страна на наставниците не зависи од нивното работно искуство*.
- Поединечна хипотеза 3.2. *Мотивирањето за учење кај учениците не зависи само од нивниот претходно постигнат успех во учењето*.

*Посебна хипотеза 4*

Развојот на етичките вредности кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето.

- Поединечна хипотеза 4.1. *Поттикнувањето на развојот на етички вредности кај учениците од страна на наставниците не зависи од нивното работно искуство*.
- Поединечна хипотеза 4.2. *Поттикнувањето на развојот на етички вредности кај учениците од страна на наставниците не зависи од нивниот претходно постигнат успех во учењето.*

## 7. Варијабли на истражувањето

*Независна варијабла:*

- Практикување на етички стандарди од страна на наставниците во училиштата.

*Зависни варијабли:*

- Успех во учењето кај учениците;
- Навики за учење кај учениците;
- Мотивација за учење кај учениците;и
- Етички вредности кај учениците.

## 8. Методи, техники и инструменти на истражувањето

### 8.1. Методи на истражувањето

За да се реализира истражувањето, потребно ни беше да се користат различни научно - истражувачки методи. Во ова истражување беа користено следниве методи:

- **Метод на теориска анализа** – со помош на овој метод можевме да претставиме еден општ теориски преглед и да направиме темелна анализа на проблемот кој се истражуваше, со што можевме да донесеме заклучоци и теориски да го објасниме проблемот што се истражуваше.

- **Дескриптивен метод** – со помош на овој метод можевме да го опишеме проблемот кој се истражуваше, врз основа на фактите и другите податоци со кои се соочуваме во секојдневниот живот, а истите му припаѓаат на предметот на истражување. Овој метод, исто така ни служеше за опишување на податоците и фактите што ги собравме со нашата истражувачка работа.

- **Компаративен метод** – Во нашиот истражувачки труд потребно ни беше да се користи компаративниот метод бидејќи ги анализиравме вкрстените тврдења од прашалникот за наставници и прашалникот за ученици. Исто така направивме компарација на добиените резултати од SWOT анализата со наставници и SWOT анализата со ученици.

- **Статистички метод** – беше неопходен за нашиот истражувачки труд, бидејќи со помош на овој метод можевме да ги обработиме емпириски добиените податоци, да

ги направиме табелите, дијаграмите и графиконите, а потоа можевме да ги интерпретираме добиените резултати. и

Со **дескриптивна статистика** пресметавме, анализиравме и интерпретиравме: фреквенции, минимална и максимална вредност, аритметичка средина, стандардна девијација, варијанса и Хи - квадрат тест.

### 8.2. Техники и инструменти на истражувањето

За емпириското истражување дизајниравме електронски Прашалник за наставници и електронски Прашалник за ученици. Прашалниците беа составени од четири дела, и тоа:

- *Првиот дел* беше со информативен карактер за наставници / ученици. Го сочинуваат општи информации за истражувањето;
- *Вториот дел* беше со прашања за општи податоци на наставниците / учениците;
- *Третиот дел б*еше со *Скала на проценка (Ликерт скала)*; и
- Во *четвртиот дел* ја додадовме SWOT анализата.

## 9. Популација на истражувањето

Истражувањето се направи во шест основни училишта во Р.С. Македонија, каде беа опфатени:

- предметни наставници; и
- ученици од VI до IX одделение.

## 10. Методи на статистичка обработка на податоците од истражувањето

Емпириското истражување за нашиот докторски труд се реализираше со помош на претходно подготвените електронски прашалници за наставници и ученици и SWOT анализата со наставници и ученици која исто така се реализираше електронски.

По собирањето и прибирањето на податоците, истите ги обработивме со програмата Microsoft Excel 2010, потоа сите собрани податоци ги кодиравме и ги подготвивме за статистичка анализа која ја направивме со софтверскиот пакет IBM SPSS Statistics верзија 26 (Statistical Package for Social Science - Статистички пакет за општествени науки).

По внесувањето на податоците во програмата, беше извршена статистичка обработка и беа добиени резултатите кои ќе ги анализираме и интерпретираме во посебно поглавје. Добиените резултати можат дополнително да се анализираат и интерпретираат.

Обработката на статистичките податоци беше извршена посебно за добиените податоци од наставниците и посебно за добиените податоци од учениците, и тоа со методи и техники како што се:

- *Анализа на доверливоста*;
- *Анализа на фактори* - се прави на сериозни истражувања за да се потврди валидноста на направеното истражување. Со анализата на фактори имавме за цел:

- да го намалиме бројот на варијаблите што се поврзани едни со други во помал број на важни фактори и независни едни од други, и
- да ја откриеме структурата на односот на варијаблите, односно, да ги класифицираме варијаблите.

Оваа анализа ја направивме поминувајќи низ четири основни фази, и тоа:

- Во *првата фаза* направивме проценка на соодветноста на податоците за анализа на фактори. Проценката ја направивме користејќи ги трите методи кои ни ги овозможува статистичката програма SPSS, а тие се: создавање на матрицата за корелација меѓу варијаблите, тестот Бартлет и Кајзер-Мејер-Олкин (KMO).
- Во *втората фаза* целта ни беше да добиеме што е можно помалку фактори кои ќе ја претставуваат врската помеѓу варијаблите во висок степен.
- *Трета фаза* беше ротација на фактори каде целта ни беше да добиеме фактори кои можеме да ги именуваме и интерпретираме. Најкористениот метод на ротација е Ортогоналната ротација, каде добиените фактори немаат корелации меѓу себе, така

што во нашиот труд е спроведен методот на ротација на Варимакс (Varimax with Kaiser Normalization)

- *Четврта фаза* беше именување на фактори. За оваа фаза детално може да се види кај интерпретацијата на резултатите добиени од програмата SPSS за анализата на фактори.

- *Дескриптивна статистика* - (вкупен број на испитаници, фреквенција, процент, минимална и максимална вредност, аритметичка средина, стандардна девијација, варијанса);
- *Кростабулации* - (вредност на Хи – квадрат тестот на Пирсон, степен на слобода и степен на сигнификација т.е. степен на значајност);
- *Анализа на вкрстени прашања* од прашалникот за наставници и прашалникот за ученици и
- *SWOT анализа* на етичките вредности и критичните точки на наставниците во нивното работење.

## 11. Етика во истражувањето

Истражувањето во овој истражувачки труд за докторска дисертација беше спроведена согласно етичките правила за истражување и стандардите за научно – истражувачка работа. Најпрво разговаравме со директорите на основните училишта, и од нив се побара согласност за реализирање на истражувачкиот труд.

Прашалникот, скалата на проценка и SWOT анализата беа анонимни, а на првата страница од нив беше приложено упатство за пополнување. Испитаниците беа доброволно вклучени во истражувањето, и истите од почеток беа информирани за целта на истражувањето.

# III

# АНАЛИЗА НА ФАКТОРИТЕ

# И НА ДОВЕРЛИВОСТА НА ПРАШАЛНИЦИТЕ

## 1. Анализа на фактори на податоците од истражувањето со наставници

Проценката на соодветноста на добиените податоци од истражувањето со наставници ја направивме со анализа на фактори почнувајќи со КМО и Бартлет тестот.

**Табела бр. 1:** Вредности на тестот КМО

| Вредности на тестот КМО | Интерпретација |
|---|---|
| 0.90 | Совршено |
| 0.80 | Многу добро |
| 0.70 | Добро |
| 0.60 | Просечно |
| 0.50 | Слабо |
| под 50 | Не се прифаќа |

Како што се забележува во табела број 1, дадени се вредностите и нивната интерпретација на КМО тестот, врз основа на кои се почнува и анализата на фактори.

**Табела бр. 2:** KMO and Bartlett's Test

| | |
|---|---|
| Kaiser-Meyer-Olkin Measure of Sampling Adequacy. | .793 |

| | | |
|---|---|---|
| Bartlett's Test of Sphericity | Approx. Chi-Square | 838.754 |
| | df | 190 |
| | Sig. | .000 |

Во табела број 2 се забележува дека вредноста на КМО тестот за добиените податоци од истражувањето со наставници е **0.793.** Високата вредност од 79.3% ни покажува дека податоците се *многу соодветни* за да ја извршиме анлизата на фактори. Соодветноста на податоците ни ја подврдува и тестот Бартлет каде се забележува и вредноста на корелацијата меѓу варијаблите која е статистички значајна **0.000 .**

**Табела бр.3:** Број на фактори според вредноста *Eigen* и вкупен процент на објаснување на варијансата (прашалник за наставници)

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | | Rotation Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 5.802 | 29.011 | 29.011 | 5.802 | 29.011 | 29.011 | 3.327 | 16.634 | 16.634 |
| 2 | 2.096 | 10.481 | 39.492 | 2.096 | 10.481 | 39.492 | 2.920 | 14.600 | 31.234 |
| 3 | 1.734 | 8.670 | 48.162 | 1.734 | 8.670 | 48.162 | 2.390 | 11.949 | 43.183 |
| 4 | 1.414 | 7.072 | 55.234 | 1.414 | 7.072 | 55.234 | 2.189 | 10.944 | 54.127 |
| 5 | 1.084 | 5.421 | 60.655 | 1.084 | 5.421 | 60.655 | 1.306 | 6.528 | 60.655 |
| 6 | .995 | 4.976 | 65.631 | | | | | | |
| 7 | .908 | 4.542 | 70.173 | | | | | | |
| . . . | | | | | | | | | |
| 16 | .360 | 1.799 | 95.632 | | | | | | |
| 17 | .305 | 1.527 | 97.158 | | | | | | |
| 18 | .272 | 1.358 | 98.516 | | | | | | |
| 19 | .162 | .809 | 99.326 | | | | | | |
| 20 | .135 | .674 | 100.000 | | | | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

Анализата направена со методот на екстракција, кој има за цел да ги анализира главните компоненти, се покажува во табела бр.3, каде се гледа дека имаме вкупно 20 варијабли. Вредноста *Eigen* како важни фактори ги препознава оние кои се поголеми од 1, додека вредностите кои се помали од еден статистиката *Eigen* не ги зема предвид. Со

анализата  на нашите податоците предвид се земаат 5 фактори, т.е. идентификувани се вкупно 5 главни фактори кои ја сочинуваат вкупната објаснета варијанса од 60.655 %, значи ова ја покажува вкупната моќност на петте главни фактори. За да добиеме повисок процент на вкупната објаснета вријанса, повторно е спроведена анализа на фактори со методот на ротација Варимакс.

Анализата на фактори ја повторивме откако ја анализиравме табелата број 4 која ја покажува матрицата на ротација на фактори, каде се забележува дека сите вкупно 20 варијабли се поделени на пет фактори. Варијаблите кои се класифицирани во ист фактор подразбира дека тие имаат висока корелација меѓу себе, што значи дека имаат слични карактеристики. Вредностите кои се прифаќаат треба да се над 50 %, затоа во нашата анализа на фактори побаравме од програмата SPSS да ни ги покаже вредностите кои се над 50% за секоја варијабла, и затоа кај некои варијабли не се покажува нивната вредност, тоа значи дека тие имаат помала вредност од 50 %  и истите треба да се отстранат од анализата на фактори за да се добие помал број на фактори ако е можно, кои во поголем процент ќе ја објаснат варијансата на факторите и нивната вкупна моќ.

**Табела бр. 4:** Матрица на ротација на факторите

| | Фактори | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | .875 | | | | |
| Училиштето во коешто работам има креирано свој етички кодекс. | .813 | | | | |
| Учениците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | .733 | | | | |
| Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата. | .701 | | | | |
| Критериумите за оценување ги правам достапни за сите ученици на почетокот на учебната година. | | .706 | | | |
| Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина. | | .617 | | | |
| Водам ученичка секција и подготвувам содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа. | | .614 | | | |
| Учествувам во организирање на воннаставни активности за учениците од училиштето во кое работам. | | .586 | | | |
| Наставниците од училиштето во коешто работам се под влијание на стереотипи и предрасуди. | | | | | |
| Заедно со учениците имаме креирано посебен кодекс за однесување во училницата. | | | | | |
| Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици. | | | .813 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за ученици со послаб успех во учењето. | | | .787 | | |
| Имам искуство во креирање на посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот. | | | .732 | | |
| Сум учествувал/а во обуки за етика и интегритет во наставничката професија. | | | .540 | | |
| Им овозможувам на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат. | | | | .714 | |
| Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното. | | | | .635 | |
| Не ги прекорувам учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажувам на можни решенија. | | | | .550 | |
| Често останувам за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците). | | | | | |
| Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците. | | | | | .833 |
| Наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности. | | | | | .565 |

Extraction Method: Principal Component Analysis. Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

Како што се забележува во табела бр. 4 , варијабли кои имаат помала вреднот од 50% и треба да се отстранат од анализата на фактори се:.

1. Наставниците од училиштето во коешто работам се под влијание на стереотипи и предрасуди.
2. Заедно со учениците имаме креирано посебен кодекс за однесување во училницата и.
3. Често останувам за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците).

**Табела бр. 5:** Број на фактори според вредноста *Eigen* и вкупен процент на објаснување на варијансата по отстранување на трите варијабли со помала вредност од 50%

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | | Rotation Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 5.006 | 29.444 | 29.444 | 5.006 | 29.444 | 29.444 | 2.977 | 17.514 | 17.514 |
| 2 | 2.061 | 12.122 | 41.566 | 2.061 | 12.122 | 41.566 | 2.579 | 15.173 | 32.687 |
| 3 | 1.585 | 9.323 | 50.889 | 1.585 | 9.323 | 50.889 | 2.353 | 13.841 | 46.528 |
| 4 | 1.308 | 7.694 | 58.583 | 1.308 | 7.694 | 58.583 | 1.821 | 10.712 | 57.240 |
| 5 | 1.028 | 6.050 | 64.633 | 1.028 | 6.050 | 64.633 | 1.257 | 7.393 | 64.633 |
| 6 | .923 | 5.432 | 70.064 | | | | | | |
| 7 | .749 | 4.404 | 74.468 | | | | | | |

| ⋮ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | .280 | 1.644 | 97.991 | | | | | | |
| 16 | .195 | 1.145 | 99.136 | | | | | | |
| 17 | .147 | .864 | 100.000 | | | | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

Во табела број 5 се покажуваат резултатите добиени по повторување на анализата на фактори, каде се гледа дека вкупен број на варијаблите се 17, а вкупниот број на факторите останува ист, значи повторно имаме пет главни фактори, но со повисок вкупен процент на објаснување на варијансата кој е 64.633 %.

**Табела бр. 6:** Матрица на ротација на факторите добиена по отстранување на трите варијабли со помала вредност од 50%

| | Фактори | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | .899 | | | | |
| Училиштето во коешто работам има креирано свој етички кодекс. | .833 | | | | |
| Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата. | .756 | | | | |
| Учениците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | .731 | | | | |
| Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина. | | .739 | | | |
| Критериумите за оценување ги правам достапни за сите ученици на почетокот на учебната година. | | .726 | | | |
| Водам ученичка секција и подготвувам содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа. | | .672 | | | |
| Учествувам во организирање на вонндаставни активности за учениците од училиштето во кое работам. | | .529 | | | |
| Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за ученици со послаб успех во учењето. | | | .800 | | |
| Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици. | | | .794 | | |
| Имам искуство во креирање на посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот. | | | .740 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Сум учествувал/а во обуки за етика и интегритет во наставничката професија. | | | .554 | | |
| Им овозможувам на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат. | | | | .783 | |
| Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното. | | | | .615 | |
| Не ги прекорувам учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажувам на можни решенија. | | | | .502 | |
| Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците. | | | | | .882 |
| Наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности. | | | | | .529 |

Extraction Method: Principal Component Analysis.  Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

Табела бр. 6 го покажува конечниот резултат на факторската анализа каде се воочува дека имаме пет фактори што се добија со анализата на фактори со вкупно 17 тврдења кои беа користени за анализата. Тврдењата кои имаат висока корелација меѓу себе се класифицирани под ист број на фактор.

По добивање на конечниот резултат треба да се направи именување на факторите. Врз основа на резултатите што се прикажани во табела бр. 6, ги анализиравме тврдењата и за именување на факторите ги зедовме предвид тврдењата  кои имаат најголема тежина во факторот каде се класифицирани и нивната заедничка карактеристика, а тврдењата кои имаат мала тежина не се земени предвид за именување на факторите.

Под *фактор 1* се земаат предвид сите тврдења бидејќи нивните вредности на тежина се: (.899); (.833); (.756) и (.731). Бидејќи тврдењата под фактор 1 се однесуваат на етичкиот кодекс, овој фактор го именуваме како *фактор на етичкиот кодекс*.

Под *фактор 2* се земаат предвид првите две тврдења кои се со повисока вредност на тежина и тоа: (.739) и (.726). Заедничка карактеристика на овие тврдења е транспарентноста во работењето на наставникот, оттука овој фактор го именуваме како фактор на *транспарентноста на наставникот*.

Под *фактор 3* се земаат предвид првите три тврдења бидејќи се со повисоки вредности на тежина, и тоа: (.800); (.794) и (.740). Врз основа на заедничката карактеристика на овие три тврдења, фактор 3 го именуваме како фактор на *искуството за креирање на индивидуален наставен план* според потребите на учениците.

Под *фактор 4* се земаат предвид тврдењата со вредностите (.783) и (.615). Заедничка карактеристика на овие тврдења е тоа што имаат за цел да ја поттикнуваат мотивацијата за учење кај учениците, оттука овој фактор го именуваме како фактор на *мотивацијата за учење* кај учениците.

Под *фактор 5***,** бидејќи имаме само две тврдења со вредности на нивна тежина од (.882) и (.529), ќе ги земеме предвид и двете. Нивна заедничка карактеристика е професионалната етика на наставникот, затоа и овој фактор го именуваме како фактор на *професионалната етика на наставникот*.

Анализата на фактори е анализа на валидноста на добиените податоци од истражувањето. Валидноста на истражувањето се потврдува врз основа на вредностите на варијаблите, односно нивото на нивната корелација. Колку се поблиски овие вредности до 1, толку е поголема валидноста. Бидејќи со анализата на фактори на прашалникот за наставници добивме резултати со високи вредности каде највисоката вредност на тежина е (.899), можеме да констатираме дека *прашалникот обезбедува висока валидност*.

## 2. Анализа на фактори на податоците од истражувањето со ученици

За да ја утврдиме валидноста на прашалникот за ученици, со статистичката програма SPSS направивме факторска анализа. Во табела број 7, дадени се вредностите и нивната интерпретација на КМО тестот, врз основа на кои се почнува и анализата на фактори на прашалникот кој ни беше дизајниран за ученици.

**Табела бр. 7:** KMO and Bartlett's Test

| | | |
|---|---|---|
| Kaiser-Meyer-Olkin Measure of Sampling Adequacy. | | .869 |
| Bartlett's Test of Sphericity | Approx. Chi-Square | 3057.616 |
| | df | 190 |
| | Sig. | .000 |

Во табела бр. 7 се забележува дека вредноста на КМО тестот за добиените податоци од истражувањето со ученици е **0.869.** Вредноста од 86,9% на КМО тестот ни покажува дека податоците се *совршени* за да ја извршиме анализата на фактори. Соодветноста на

податоците ни ја потврдува и тестот Бартлет, каде се забележува и вредноста на корелацијата меѓу варијаблите која статистички е значајна **0.000 .**

Анализата направена со методот на екстракција се покажува во табела бр.8, каде се воочува дека имаме вкупно 20 варијабли. Според анализата на нашите податоци, предвид се земаат 6 фактори, т.е. статистиката *Eigen* идентификува вкупно 6 главни фактори кои ја сочинуваат вкупната објаснета варијанса од 58.619 %, значи ова ја покажува вкупната моќност на шест главни фактори.

**Табела бр. 8:** Број на фактори според вредноста *Eigen* и вкупен процент на објаснување на варијансата (прашалник за ученици)

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | | Rotation Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 5.466 | 27.332 | 27.332 | 5.466 | 27.332 | 27.332 | 3.363 | 16.813 | 16.813 |
| 2 | 1.528 | 7.642 | 34.974 | 1.528 | 7.642 | 34.974 | 3.061 | 15.303 | 32.116 |
| 3 | 1.344 | 6.721 | 41.696 | 1.344 | 6.721 | 41.696 | 1.501 | 7.504 | 39.619 |
| 4 | 1.234 | 6.171 | 47.867 | 1.234 | 6.171 | 47.867 | 1.422 | 7.109 | 46.728 |
| 5 | 1.114 | 5.568 | 53.435 | 1.114 | 5.568 | 53.435 | 1.248 | 6.241 | 52.970 |
| 6 | 1.037 | 5.184 | 58.619 | 1.037 | 5.184 | 58.619 | 1.130 | 5.649 | 58.619 |
| 7 | .924 | 4.622 | 63.241 | | | | | | |
| 8 | .829 | 4.145 | 67.386 | | | | | | |
| ⋮ | | | | | | | | | |
| 17 | .472 | 2.359 | 94.751 | | | | | | |
| 18 | .414 | 2.071 | 96.821 | | | | | | |
| 19 | .325 | 1.626 | 98.448 | | | | | | |
| 20 | .310 | 1.552 | 100.000 | | | | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

За да добиеме повисок процент на вкупната објаснета вријанса, повторно е спроведена анализа на фактори со методот на ротација Варимакс.

Анализата на фактори ја повторивме откако ја анализиравме табелата број 9 која ја покажува матрицата на ротација на фактори, каде се забележува дека сите, вкупно 20

варијабли, се поделени на шест фактори според меѓусебната корелација, односно според сличните карактеристики кои ги имаат.

Бидејќи вредностите кои се прифаќаат треба да се над 50%, во нашата анализа на фактори од програмата SPSS побаравме да ни ги покаже вредностите кои се над 50% за секоја варијабла. За варијаблите кои имаат помала вредност од 50% во табелата не се покажува никаква вредност, затоа истите треба да се отстранат од анализата на фактори за да се добие помал број на фактори ако е можно, кои во поголем процент ќе ја објаснуваат варијансата на факторите и нивната вкупна моќ.

**Табела бр. 9:** Матрица на ротација на факторите

| | Фактори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Наставниците од училиштето во коешто учам ме охрабруваат самостојно да истражувам нови содржини. | .723 | | | | | |
| Наставниците од училиштето во коешто учам секогаш ми помагаат кога имам потешкотии во учењето. | .710 | | | | | |
| Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача. | .708 | | | | | |
| Ставовите на наставниците за определени содржини од наставниот материјал ме импресионираат. | .688 | | | | | |
| Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина. | .633 | | | | | |
| Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата. | | | | | | |
| Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | | .668 | | | | |
| Заедно со некои предметни наставници имаме изработено посебен кодекс за однесување на учениците во училницата. | | .662 | | | | |
| Учениците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | | .654 | | | | |
| Училиштето во коешто учам има креирано свој етички кодекс. | | .649 | | | | |
| Се угледувам на постапките и однесувањето на моите наставници. | | .516 | | | | |
| Често останувам за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите. | | | | | | |
| Учествувам во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.). | | | .803 | | | |
| Членувам во секции што ги водат наставници од моето училиште. | | | .743 | | | |
| Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги споредиме. | | | | .810 | | |
| Не се плашам кога ќе направам пропуст или грешка во одговорот на некое прашање. | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставниците ни ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година. | | | | | | |
| Наставниците од училиштето во коешто учам се под влијание на стереотипи и предрасуди. | | | | | .783 | |
| Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците. | | | | | | .756 |
| Кога ќе пораснам, би сакал да бидам наставник. | | | | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis. Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

Во табела бр. 9 забележани се варијаблите кои имаат помала вредност од 50% и истите треба да се отстранат од анализата на фактори, а тие се:

1. Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата.
2. Често останувам за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите.
3. Не се плашам кога ќе направам пропуст или грешка во одговорот на некое прашање.
4. Наставниците ни ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година .
5. Кога ќе пораснам, би сакал да бидам наставник.

**Табела бр. 10:** Број на фактори според вредноста *Eigen* и вкупен процент на објаснување на варијансата по отстранување на 5 варијабли со помала вредност од 50%

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | | Rotation Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 4.379 | 29.193 | 29.193 | 4.379 | 29.193 | 29.193 | 3.012 | 20.083 | 20.083 |
| 2 | 1.424 | 9.492 | 38.685 | 1.424 | 9.492 | 38.685 | 2.460 | 16.403 | 36.486 |
| 3 | 1.249 | 8.325 | 47.011 | 1.249 | 8.325 | 47.011 | 1.454 | 9.692 | 46.178 |
| 4 | 1.122 | 7.478 | 54.489 | 1.122 | 7.478 | 54.489 | 1.247 | 8.311 | 54.489 |
| 5 | .961 | 6.408 | 60.897 | | | | | | |
| 6 | .903 | 6.022 | 66.919 | | | | | | |
| . . . | | | | | | | | | |
| 12 | .494 | 3.295 | 92.547 | | | | | | |
| 13 | .432 | 2.881 | 95.428 | | | | | | |
| 14 | .370 | 2.464 | 97.892 | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | .316 | 2.108 | 100.000 | | | | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

Во табела бр. 10 се покажуваат резултатите добиени по повторување на факторската анализа на прашалникот за ученици, каде се забележува дека вкупен број на варијаблите се 15, вкупниот број на факторите се намалува на четири, додека вкупниот процент на објаснување на варијансата изнесува 54.489% .

Ако се прави компарација на резултатите од првата и втората факторска анализа на прашалникот за ученици, воочливо е дека со првата факторска анализа имаме шест фактори со вкупна објаснета варијанса од 58.619 % , додека со втората факторска анализа имаме четири фактори со вкупна објаснета варијанса од 54.489 % . Оттука констатираме дека со редуктирање на пет варијабли кои имаат помала вредност од 50 % , добивме помал број на фактори кои со заедничката вкупна моќ или тежина која ја имаат се приближуваат до вкупната моќ на шесте фактори од првата анализа.

**Табела бр. 11:** Матрица на ротација на факторите добиена по отстранување на 5 варијабли со помала вредност од 50%

| | Фактори | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача. | .769 | | | |
| Наставниците од училиштето во коешто учам секогаш ми помагаат кога имам потешкотии во учењето. | .766 | | | |
| Наставниците од училиштето во коешто учам ме охрабруваат самостојно да истражувам нови содржини. | .719 | | | |
| Ставовите на наставниците за определени содржини од наставниот материјал ме импресионираат. | .672 | | | |
| Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина. | .622 | | | |
| Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги споредиме. | | | | |
| Учениците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | | .705 | | |
| Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | | .700 | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Училиштето во коешто учам има креирано свој етички кодекс. | .662 | | |
| Заедно со некои предметни наставници имаме изработено посебен кодекс за однесување на учениците во училницата. | .653 | | |
| Се угледувам на постапките и однесувањето на моите наставници. | .532 | | |
| Учествувам во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.). | | .817 | |
| Членувам во секции што ги водат наставници од моето училиште. | | .785 | |
| Наставниците од училиштето во коештo учам се под влијание на стереотипи и предрасуди. | | | .676 |
| Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците. | | | .608 |

Extraction Method: Principal Component Analysis. Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

Табела бр. 11 го покажува конечниот резултат на факторската анализа на прашалникот за ученици, каде се забележува дека имаме четири фактори кои се добија со анализата на фактори со вкупно 15 тврдења кои беа користени за анализата. Тврдењата кои имаат висока корелација меѓу себе се класифицирани под ист број на фактор, додека тврдењето *Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги споредиме* со првата анализа имаше вредност на тежина од (.810) додека со втората факторска анализа на оваа варијабла ѝ се намалува вредноста под 50 % . Бидејќи има мала вредност оваа варијабла нема да се зема предвид.

По добивање на конечниот резултат од анализата на фактори треба да се направи именување на факторите. Врз основа на резултатите кои се прикажани во табела бр. 11, ги анализиравме тврдењата и за именување на факторите ги зедовме предвид тврдењата кои имаат најголема тежина во факторот каде се класифицирани и нивната заедничка карактеристика, а тврдењата кои имаат мала тежина не се земени предвид за именување на факторите.

Под *фактор 1* се земаат предвид сите тврдења бидејќи нивните вредности на тежина се: (.769); (.766); (.719); (.672) и (.622). Заедничка карактеристика на овие тврдења е тоа што учениците се чуствуваат охрабрени, поддржани, импресионирани за учење, а исто така и помогнати да ги надминат тешкотиите, т.е. учениците се мотивирани за учење од страна на наставниците. Оттука овој фактор го именуваме како фактор на *мотивацијата за учење* кај учениците.

Под *фактор 2* се земаат  предвид тврдењата кои имаат повисоки вредности на тежина, и тоа: (.705); (.700); (.662) и (.653). Бидејќи тврдењата под фактор 2 се однесуваат на етичкиот кодекс, овој фактор го именуваме како *фактор на етичкиот кодекс*.

Под *фактор 3* се земаат  предвид и двете тврдења бидејќи имаат високи вредности на тежина, и тоа: (.817) и (.785),  што значи дека имаат висока корелација меѓу себе. Врз основа на заедничката карактеристика на овие тврдења, фактор 3 го именуваме како фактор на *воннаставните активности на учениците* организирани од нивните наставници.

Под *фактор 4* имаме само две тврдења со вредности на нивна тежина од (.676) и (.608). Според нивната заедничка карактеристика на тврдењата, овој фактор го именуваме како фактор на *стереотипи и предрасуди* на наставниците кон нивните ученици.

Според конечниот резултат од факторската анализа на прашалникот за ученици каде се приметува дека највисоката вредност на тежина е (.769) , можеме да  констатираме дека *прашалникот обезбедува многу добра валидност*.

## 3. Утврдување на доверливоста на прашалникот за наставници

Анализа на доверливоста на прашалникот се прави со цел да се утврди дали прашалникот кој се користел за собирање и прибирање на податоците ја мери целта на истражувањето.

Со постапката за анализа на доверливоста, се пресметуваат коефициентите кои ја одредуваат доверливоста на вкупните резултати на мерачот, како што е на пример Ликерт скалата, која е користена во овој истражувачки труд, и се добиваат информации за односот помеѓу прашањата на мерачот.

Најкористен модел за анализата на доверливоста е моделот Alpha, додека интерпретацијата на доверливоста на мерачот според коефициентот Cronbach Alpha (α) е како што следува на табела бр.13.

**Табела бр. 12:** Интерпретација на доверливоста според коефициентот Cronbach Alpha (α)

| Вредности на Cronbach Alpha (α) | Интерпретација |
|---|---|

| | |
|---|---|
| 0.00 ≤ α ≤ 0.50 | Мерачот не е доверлив (мерачот е неприфатлив) |
| 0.50 ≤ α ≤ 0. 60, | Доверливоста на мерачот е мала |
| 0.60 ≤ α ≤ 0. 70, | Доверливоста на мерачот е сомнителна |
| 0. 70 ≤ α ≤ 0.80 | Мерачот е доверлив (мерачот е прифатлив) |
| 0.80 ≤ α ≤ 0.90 | Мерачот е многу доверлив |
| 0.90 ≤ α ≤ 1.00 | Мерачот е со висок степен на доверливоста (мерачот е одличен) |

**Табела бр. 13:** Статистика на доверливоста на прашалникот за наставници

| Cronbach's Alpha | Cronbach's Alpha Based on Standardized Items | N of Items |
|---|---|---|
| .816 | .841 | 20 |

Во табела бр. 13 се покажува доверливоста на прашалникот за наставници, каде се забележува коефициентот Cronbach Alpha (α), кој покажува висок степен и тоа (.816), т.е. 81.6% , коефициент што ни покажува дека мерачот кој е користен во ова истражување е многу доверлив. Табела бр.13 се смета како главна табела на оваа анализа бидејќи ни ја утврдува доверливоста на Ликерт скалата која е користена во прашалникот.

**Табела бр. 14:** Вкупна статистика на тврдењата од прашалникот за наставници

| | Scale Mean if Item Deleted | Scale Variance if Item Deleted | Corrected Item-Total Correlation | Squared Multiple Correlation | Cronbach's Alpha if Item Deleted |
|---|---|---|---|---|---|
| Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците. | 79.3056 | 73.691 | .040 | .247 | .821 |
| Сум учествувал/а во обуки за етика и интегритет во наставничката професија. | 80.6481 | 66.922 | .250 | .233 | .822 |
| Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата. | 79.5556 | 67.034 | .491 | .603 | .803 |
| Наставниците од училиштето во коешто работам се под влијание на стереотипи и предрасуди. | 81.5648 | 74.865 | -.095 | .213 | .842 |
| Наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности. | 79.2963 | 68.996 | .468 | .447 | .806 |
| Училиштето во коешто работам има креирано свој етички кодекс. | 79.5000 | 66.383 | .497 | .682 | .803 |
| Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | 79.6574 | 66.134 | .513 | .776 | .802 |
| Учениците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | 79.9722 | 66.438 | .474 | .537 | .804 |
| Заедно со учениците имаме креирано посебен кодекс за однесување во училницата. | 79.3519 | 68.062 | .526 | .492 | .804 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Критериумите за оценување ги правам достапни за сите ученици на почетокот на учебната година. | 79.3889 | 68.389 | .433 | .436 | .807 |
| Им овозможувам на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат. | 79.4444 | 71.819 | .162 | .233 | .818 |
| Често останувам за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците). | 79.7685 | 63.993 | .564 | .520 | .798 |
| Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за ученици со послаб успех во учењето. | 79.8426 | 62.246 | .622 | .738 | .793 |
| Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици. | 79.7870 | 64.169 | .551 | .685 | .799 |
| Имам искуство во креирање на посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот. | 80.5000 | 67.673 | .212 | .331 | .825 |
| Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното. | 79.2315 | 69.077 | .488 | .448 | .806 |
| Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина. | 79.1574 | 70.825 | .399 | .342 | .810 |
| Не ги прекорувам учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажувам на можни решенија. | 79.3611 | 67.485 | .520 | .483 | .803 |
| Учествувам во организирање на воннаставни активности за учениците од училиштето во кое работам. | 79.4815 | 64.981 | .626 | .508 | .796 |
| Водам ученичка секција и подготвувам содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа. | 79.6019 | 65.943 | .525 | .454 | .801 |

Табела бр. 14 ни ја утврдува доверливоста за секое тврдење од прашалникот, тука се забележува дека коефициентот Алфа покажува висока вредност за секое тврдење. Со бришење на конкретно тврдење од мерачот и со споредување на неговиот коефициент на Алфа со општиот коефициент на Алфа може да се види дека вредностите на Алфа за секое тврдење се многу блиску со вредноста на општиот коефициент на Алфа кој во нашиот случај е (.816) или се пониски. Ова значи дека сите тврдења треба да се земат предвид и да се дел од мерачот.

**Табела бр. 15:** Рангирање на тврдењата од прашалникот за наставници според нивната вредност на коефициентот Алфа, ако тие се избришат од мерачот

| | Cronbach's Alpha if Item Deleted |
|---|---|
| Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за ученици со послаб успех во учењето. | .793 |
| Учествувам во организирање на воннаставни активности за учениците од училиштето во кое работам. | .796 |
| Често останувам за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците). | .798 |
| Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици. | .799 |
| Водам ученичка секција и подготвувам содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа. | .801 |
| Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | .802 |
| Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата. | .803 |
| Не ги прекорувам учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажувам на можни решенија. | .803 |
| Училиштето во коешто работам има креирано свој етички кодекс. | .803 |

| | |
|---|---|
| Учениците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | .804 |
| Заедно со учениците имаме креирано посебен кодекс за однесување во учлиницата. | .804 |
| Наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности. | .806 |
| Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното. | .806 |
| Критериумите за оценување ги правам достапни за сите ученици на почетокот на учебната година. | .807 |
| Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина. | .810 |
| Им овозможувам на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат. | .818 |
| Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците. | .821 |
| Сум учествувал/а во обуки за етика и интегритет во наставничката професија. | .822 |
| Имам искуство во креирање на посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот. | .825 |
| Наставниците од училиштето во коешто работам се под влијание на стереотипи и предрасуди. | .842 |

Во табела бр. 15 имаме рангирање на тврдењата според нивната вредност на коефицентот Алфа, почнувајќи од најмалата вредност кон највисоката вредност на коефициентот Алфа. Тврдењата со најмал коефициент на Алфа се тврдења кои ја зголемуваат доверливоста на прашалникот, додека тврдењата со највисок коефициент на Алфа се тврдења кои ја намалуваат доверливоста на прашалникот. Тврдењата кои немаат големи отстапувања од општиот коефициент на Алфа се тврдења кои не ја менуваат, туку ја поддржуваат доверливоста на мерачот.

На пример:

- Ако првото тврдење го избришеме од мерачот, општиот коефициент на алфа кој е (.816) ќе биде (.793) што значи дека без првото тврдење од табела бр.16 би имале помал коефициент на Алфа, т.е. помала доверливост на мерачот, односно прашалникот.
- Ако го избришеме од мерачот последното тврдење , општиот коефициент на алфа кој е (.816) ќе биде (.842), што значи дека без последното тврдење од табела бр.15 би имале повисок коефициент на Алфа, т.е. повисока доверливост на мерачот, односно прашалникот.

## 4. Утврдување на доверливоста на прашалникот за ученици

Табела бр.16. е главна табела за анализата на доверливоста на прашалникот за ученици, таа ни ја утврдува доверливоста на Ликерт скалата како мерач кој е користен во прашалникот за ученици.

**Табела бр. 16:** Статистика на доверливоста на прашалникот за ученици

| Cronbach's Alpha | Cronbach's Alpha Based on Standardized Items | N of Items |
|---|---|---|
| .820 | .837 | 20 |

Во табела бр. 16 се приметува коефициентот Cronbach Alpha (α) кој покажува висок степен и тоа (.820), т.е. 82 % , коефициент кој ни покажува дека мерачот кој е користен во ова истражување со учениците е *многу доверлив*.

**Табела бр. 17:** Вкупна статистика на тврдењата од прашалникот за ученици

| | Scale Mean if Item Deleted | Scale Variance if Item Deleted | Corrected Item-Total Correlation | Squared Multiple Correlation | Cronbach's Alpha if Item Deleted |
|---|---|---|---|---|---|
| Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците. | 72.1877 | 127.281 | .262 | .171 | .818 |
| Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата. | 72.0973 | 123.497 | .506 | .394 | .808 |
| Наставниците од училиштето во коешто учам се под влијание на стереотипи и предрасуди. | 73.7918 | 132.739 | -.014 | .112 | .836 |
| Се угледувам на постапките и однесувањето на моите наставници. | 72.8908 | 120.600 | .392 | .222 | .812 |
| Кога ќе пораснам, би сакал да бидам наставник. | 74.1655 | 123.458 | .263 | .191 | .820 |
| Училиштето во коешто учам има креирано свој етички кодекс. | 72.3123 | 120.475 | .528 | .412 | .806 |
| Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | 72.1843 | 119.993 | .593 | .564 | .803 |
| Учениците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | 72.6775 | 121.744 | .467 | .339 | .808 |
| Заедно со некои предметни наставници имаме изработено посебен кодекс за однесување на учениците во училницата. | 72.5785 | 120.511 | .426 | .249 | .810 |
| Наставниците ни ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година. | 72.2082 | 123.642 | .404 | .250 | .812 |
| Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги споредиме. | 72.4283 | 123.363 | .321 | .218 | .816 |
| Наставниците од училиштето во коешто учам секогаш ми помагаат кога имам потешкотии во учењето. | 72.1348 | 120.332 | .595 | .560 | .804 |
| Често останувам за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите. | 73.5000 | 115.608 | .525 | .346 | .804 |
| Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача. | 72.1195 | 120.861 | .548 | .516 | .805 |
| Наставниците од училиштето во коешто учам ме охрабруваат самостојно да истражувам нови содржини. | 72.4334 | 117.911 | .607 | .473 | .801 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина. | 72.1143 | 123.763 | .433 | .291 | .811 |
| Не се плашам кога ќе направам пропуст или грешка во одговорот на некое прашање. | 72.7969 | 123.923 | .293 | .191 | .817 |
| Ставовите на наставниците за определени содржини од наставниот материјал ме импресионираат. | 72.5887 | 120.742 | .501 | .352 | .807 |
| Учествувам во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.). | 72.5017 | 125.112 | .243 | .253 | .820 |
| Членувам во секции што ги водат наставници од моето училиште. | 73.3669 | 122.506 | .282 | .226 | .820 |

Табела бр. 17 ни ја утврдува доверливоста за секое тврдење од прашалникот за ученици, тука се гледа дека коефициентот Алфа покажува висока вредност за секое тврдење. Со бришење на конкретно тврдење од мерачот и со споредување на неговиот коефициент на Алфа со општиот коефициент на Алфа може да се види дека вредностите на Алфа за секое тврдење се многу блиску со вредноста на општиот коефициент на Алфа, кој во нашиот случај е (.820) или се пониски. Ова значи дека сите тврдења треба да се земат предвид и да се дел од мерачот.

**Табела бр. 18:** Рангирање на тврдењата од прашалникот за ученици според нивната вредност на коефициентот Алфа, ако тие се избришат од мерачот

| | Cronbach's Alpha if Item Deleted |
|---|---|
| Наставниците од училиштето во коешто учам ме охрабруваат самостојно да истражувам нови содржини. | .801 |
| Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | .803 |
| Наставниците од училиштето во коешто учам секогаш ми помагаат кога имам потешкотии во учењето. | .804 |
| Често останувам за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите. | .804 |
| Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача. | .805 |
| Училиштето во коешто учам има креирано свој етички кодекс. | .806 |
| Ставовите на наставниците за определени содржини од наставниот материјал ме импресионираат. | .807 |
| Учениците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | .808 |
| Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата. | .808 |
| Заедно со некои предметни наставници  имаме изработено посебен кодекс за однесување на учениците во училницата. | .810 |
| Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина. | .811 |
| Се угледувам на постапките и однесувањето на моите наставници. | .812 |
| Наставниците ни ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година. | .812 |
| Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги споредиме. | .816 |
| Не се плашам кога ќе направам пропуст или грешка во одговорот на некое прашање. | .817 |

| | |
|---|---|
| Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците. | .818 |
| Кога ќе пораснам, би сакал да бидам наставник. | .820 |
| Учествувам во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.). | .820 |
| Членувам во секции што ги водат наставници од моето училиште. | .820 |
| Наставниците од училиштето во коешто учам се под влијание на стереотипи и предрасуди. | .836 |

Во табела бр.18, како што се забележува, најмал коефициент на Алфа е со вредност (.801), а највисок коефициент на Алфа е (.836), што значи дека нема големи отстапувања од општиот коефциент на Алфа, кој во нашиот случај е (.820). Според ова можеме да констатираме дека во прашалникот за ученици имаме тврдења кои не ја менуваат, туку ја поддржуваат доверливоста на мерачот.

# IV

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

# НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Општ опис на карактеристиките на популацијата и примерокот

Во активниот регистар за основни училишта во Р.С. Македонија, кој го води Министерството за образование и наука, регистрирани се 362 основни училишта.

За да дојдеме до очекуваните резултати, во емпириското истражување кое се реализираше електронски, доброволно беа вклучени ученици од VI до IX одделение и наставници кои предаваат на оваа возрасна група на ученици. Истражувањето се реализираше во шест основни централни училишта од Р.С. Македонија, и тоа:

1. ОУ "26 Јули" - Шуто Оризари, Скопје
2. ОУ "Лирија" - Чаир, Скопје
3. ОУ "Ванчо Прке" – Штип
4. ОУ "Коле Канински" – Битола
5. ОУ "Санде Штерјоски" – Кичево
6. ОУ "Башкими - Единство" - Гостивар

Во ОУ "26 Јули" - Шуто Оризари, Скопје, наставата се реализира на македонски наставен јазик и на албански наставен јазик. Вкупен број на ученици во текот на учебната година 2020/2021 е 2115 ученици, додека вкупниот број на наставници е 104. Во нашето

истражување од ова училиште беа вклучени 24 наставници и 102 ученици. Вкупно 126 испитаници.

Во ОУ "Лирија" - Чаир, Скопје, наставата се реализира на албански наставен јазик. Вкупен број на ученици во текот на учебната година 2020/2021 е 930, додека вкупниот број на наставници е 54. Во нашето истражување беа вклучени 11 наставници и 72 ученици. Вкупно 83 испитаници.

Во ОУ "Ванчо Прке" – Штип, наставата се реализира на македонски наставен јазик. Вкупен број на ученици во текот на учебната година 2020/2021 е 572 ученици, додека вкупниот број на наставници е 59. Во истражувањето беа вклучени 11 наставници и 73 ученици. Вкупно 84 испитаници.

Во ОУ "Коле Канински" – Битола, наставата се реализира на македонски наставен јазик. Вкупен број на ученици во текот на учебната година 2020/2021 е 836 ученици, додека вкупниот број на наставници е 88. Во истражувањето беа вклучени 11 наставници и 88 ученици. Вкупно 99 испитаници.

Во ОУ "Санде Штерјоски" – Кичево, наставата се реализира на македонски, на албански и на турски наставен јазик. Вкупен број на ученици во текот на учебната година 2020/2021 е 1430 ученици, додека вкупниот број на наставници е 123. Во нашето истражување од ова училиште беа вклучени 29 наставници и 160 ученици. Вкупно 189 испитаници.

ОУ "Башкими - Единство" – Гостивар, наставата се реализира на македонски, на албански и на турски наставен јазик. Вкупен број на ученици во текот на учебната година 2020/2021 е 1157 ученици, додека вкупниот број на наставници е 143. Во нашето истражување од ова училиште беа вклучени 22 наставници и 91 ученици. Вкупно 113 испитаници.

Како што се забележува од горенаведените податоци, во истражувањето беа вклучени 108 наставници и 586 ученици, вкупно 694 испитаници.

### 1.1. Општи податоци за наставници

По првиот дел на електронскиот Прашалник за наставници кој беше со информативен карактер, следуваше вториот дел кој беше составен од четири прашања за општи податоци на наставниците, и тоа:

1. Основно училиште
2. Работно искуство
3. Пол
4. Датум на анкетирање

Општите податоци за наставници кои беа вклучени во истражувањето ги презентираме во табелите број 19, 20, 21, 22 и графиконот број 1.

**Табела бр. 19:** Податоци за наставниците според основното училиште каде работат

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | ОУ "26 Јули" - Шуто Оризари, Скопје | 24 | 22.2 | 22.2 | 22.2 |
| | ОУ "Лирија" - Чаир, Скопје | 11 | 10.2 | 10.2 | 32.4 |
| | ОУ "Ванчо Прке" - Штип | 11 | 10.2 | 10.2 | 42.6 |
| | ОУ "Коле Канински" - Битола | 11 | 10.2 | 10.2 | 52.8 |
| | ОУ "Санде Штерјоски" - Кичево | 29 | 26.9 | 26.9 | 79.6 |
| | ОУ "Башкими - Единство" - Гостивар | 22 | 20.4 | 20.4 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 19 се прзентирани податоци за наставниците кои беа вклучени во истражувањето, според основните училишта каде ја вршат воспитно - образовната дејност. Со ист број, истовремено и најмал број на наставници, учествувале основните училишта "Лирија" - Скопје, "Ванчо Прке" - Штип и "Коле Канински" - Битола и тоа со 11 наставници по училиште, односно по 10.2% од вкупниот број на наставници. Од ОУ "Башкими - Единство" - Гостивар имаме 22 наставници кои изнесуваат 20.4% од вкупниот број на наставници и 24 наставници, односно 22.2% од ОУ "26 Јули" - Скопје, додека најголем број и тоа 29 наставници или 26.9% имаме од ОУ "Санде Штерјоски" - Кичево. Вкупниот број на наставници кои доброволно го пополнија електронскиот прашалник е 108.

**Табела бр. 20:** Податоци за наставниците според работното искуство

| | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | 0 - 10 год. | 35 | 32.4 | 32.4 | 32.4 |
| | 11 - 20 год. | 45 | 41.7 | 41.7 | 74.1 |
| | 21 - 30 год. | 18 | 16.7 | 16.7 | 90.7 |
| | 31 - 40 год. | 8 | 7.4 | 7.4 | 98.1 |
| | над 40 год. | 2 | 1.9 | 1.9 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 20 се презентирани податоци за наставниците според нивното работно искуство, каде се забележува дека доминираат наставниците со работно искуство од 11- 20 години, нивната фреквенција покажува 45 наставници, односно 41.7% од вкупниот број. На второ место се наставниците со работно искуство од 0 – 10 години, каде нивната фреквенција е 35 наставници, односно 32.4% од вкупниот број на наставници. Кумулативниот процент од наставниците со работно искуство од 0-10 години и 11-20 години изнесува 74.1%, што значи дека во истражувањето најмногу биле вклучени наставници од овие две категории. Најмалку биле вклучени наставници со работно искуство над 40 години и тоа само 2 наставници, односно 1.9% и наставници со работно искуство од 31 – 40 години каде се воочува дека нивната фреквенција покажува 8 наставници, односно 7.4% од вкупниот број на наставниците кои беа вклучени во истражувањето.

**Табела бр. 21:** Податоци за наставниците според полот

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Машки | 24 | 22.2 | 22.2 | 22.2 |
| | Женски | 84 | 77.8 | 77.8 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Табела бр.21 ни покажува дека во нашето истражување биле вклучени повеќе наставници од женски пол, и тоа 84 наставници, односно 77.8% од вкупниот број на наставници, додека од машки пол биле вкупно 25 наставници, односно 22.2% од вкупниот број на наставници кои биле вклучени во нашето истражување.

**Табела бр. 22:** Анкетирани наставници според нивното работно искуство и нивниот пол

| | | | Пол: | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Машки | Женски | Total |
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | Count | 9 | 26 | 35 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | % of Total | 8.3% | 24.1% | 32.4% |
| | 11 - 20 год. | Count | 9 | 36 | 45 |
| | | % of Total | 8.3% | 33.3% | 41.7% |
| | 21 - 30 год. | Count | 4 | 14 | 18 |
| | | % of Total | 3.7% | 13.0% | 16.7% |
| | 31 - 40 год. | Count | 2 | 6 | 8 |
| | | % of Total | 1.9% | 5.6% | 7.4% |
| | над 40 год. | Count | 0 | 2 | 2 |
| | | % of Total | 0.0% | 1.9% | 1.9% |
| Total | | Count | 24 | 84 | 108 |
| | | % of Total | 22.2% | 77.8% | 100.0% |

Во табела бр. 22 и графикон бр.1 се покажува јасна слика на анкетирани наставници според нивното работно искуство и нивниот пол, каде исто така се забележува дека доминира женскиот пол во секоја категорија поделени според нивното работно искуство, и наставниците со работно искуство од 11-20 години и 0-10 години.




**Графикон бр.1** Анкетирани наставници според нивното работно искусво и нивниот пол

### 1.2. Општи податоци за ученици

Вториот дел на електронскиот Прашалник за ученици беше составен од пет прашања за општи податоци на учениците, и тоа:

1. Основно училиште,
2. Одделение,
3. Пол,
4. Успех постигнат во минатата учебна година,
5. Датум на анкетирање.

Општите податоци за учениците кои беа вклучени во истражувањето ги презентираме во табелите број 24, 25, 26, 27, 28, 29 и гарфиконите број 2 и 3.

**Табела бр. 23:** Податоци за учениците според основното училиште каде учат

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | ОУ "26 Јули" - Шуто Оризари, Скопје | 102 | 17.4 | 17.4 | 17.4 |
| | ОУ "Лирија" - Чаир, Скопје | 72 | 12.3 | 12.3 | 29.7 |
| | ОУ "Ванчо Прке" - Штип | 73 | 12.5 | 12.5 | 42.2 |
| | ОУ "Коле Канински" - Битола | 88 | 15.0 | 15.0 | 57.2 |
| | ОУ "Санде Штерјоски" - Кичево | 160 | 27.3 | 27.3 | 84.5 |
| | ОУ " Башкими - Единство" - Гостивар | 91 | 15.5 | 15.5 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 23 се прзентирани податоци за учениците кои беа вклучени во истражувањето, според основните училишта каде што учат. Во истражувањето најмногу ученици се вклучија од ОУ "Санде Штерјоски"- Кичево и тоа 160 ученици, односно 27.3% од вкупниот број на ученици кои беа вклучени во истражувањето. По нив се учениците од ОУ "26 Јули" - Скопје и тоа 102 ученици, односно 17.4 % , учениците од ОУ "Башкими - Единство" – Гостивар и тоа 91 ученици, односно15.5 %, и учениците од ОУ "Коле Канински" – Битола и тоа со 88 ученици, односно 15%. Најмалку ученици учествувале од ОУ "Ванчо Прке" – Штип и тоа 73 ученици, односно 12.5 %, и учениците од ОУ "Лирија" – Скопје и тоа 72 ученици, односно 12.3 %. Вкупниот број на ученици кои доброволно го пополнија електронскиот прашалник е 586.

**Табела бр. 24:** Податоци за учениците според одделението во кое учат

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | VI | 129 | 22.0 | 22.0 | 22.0 |
| | VII | 158 | 27.0 | 27.0 | 49.0 |
| | VIII | 148 | 25.3 | 25.3 | 74.2 |
| | IX | 151 | 25.8 | 25.8 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 24 презентирани се податоци за учениците според одделението во кое учат. Како што е прикажано во табелата, нема некоја голема разлика во бројот на учениците кои учествувале во истражувањето според нивното одделение во кое учат. Најмногу ученици имаме од  VII одделение и тоа 158 ученици, односно 27% од вкупниот број на ученици кои бе вклучени во истражувањето, додека најмалку ученици имаме од VI одделение и тоа 129 ученици, односно 22%. Од VIII одделение имаме 148 ученици, односно 25.3%, а од  IX одделение имаме 151 ученици, односно 25.8% од вкупниот број на ученици.

**Табела бр. 25:** Податоци за учениците според полот

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Машки | 251 | 42.8 | 42.8 | 42.8 |
| | Женски | 335 | 57.2 | 57.2 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Табела бр. 25 ни покажува дека во нашето истражување биле вклучени повеќе ученици од женски пол, и тоа 335 ученици, односно 57.2% од вкупниот број на ученици, додека од машки пол биле вклупно 251 ученици, односно 42.8 % од вкупниот број на ученици кои биле вклучени во нашето истражување.

**Табела бр. 26:** Анкетирани ученици според нивното  одделение и пол

| | | | Пол: | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Машки | Женски | Total |
| Одделение: | VI | Count | 55 | 74 | 129 |
| | | % of Total | 9.4% | 12.6% | 22.0% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | VII | Count | 67 | 91 | 158 |
| | | % of Total | 11.4% | 15.5% | 27.0% |
| | VIII | Count | 74 | 74 | 148 |
| | | % of Total | 12.6% | 12.6% | 25.3% |
| | IX | Count | 55 | 96 | 151 |
| | | % of Total | 9.4% | 16.4% | 25.8% |
| Total | | Count | 251 | 335 | 586 |
| | | % of Total | 42.8% | 57.2% | 100.0% |




**Графикон бр.2** Анкетирани ученици според нивното одделение и пол

Податоците за ученици според нивното одделение и нивниот пол ги презентираме во табела бр. 26 и графикон бр. 2, каде се забележува дека во секое одделение доминира женскиот пол освен во VIII одделение, каде имаме ист број на ученици и од женскиот пол и од машкиот пол, односно имаме по 74 ученици од двата пола.

**Табела бр. 27:** Успехот на учениците постигнат во минатата учебна година

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Одличен | 382 | 65.2 | 65.2 | 65.2 |
| | Многу добар | 113 | 19.3 | 19.3 | 84.5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Добар | 80 | 13.7 | 13.7 | 98.1 |
| Доволен | 11 | 1.9 | 1.9 | 100.0 |
| Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 27 ги презентираме податоците за успехот на учениците постигнат во минатата учебна година, каде се забележува дека најмногу имаме *одлични* ученици и тоа 382 ученици, односно 65.2% од вкупниот број на ученици кои беа вклучени во истражувањето, додека со постигнат успех *многу добар* имаме 113 ученици, односно 19.3%. Кумулативниот процент на учениците со одличен и многу добар постигнат успех изнесува 84.5 % , што значи дека овие ученици доминираат во нашето истражување. Со постигнат успех *добар* имаме 80 ученици, односно 13.7 %, а најмал број ученици кои се вклучија во истражувањето се учениците со постигнат успех *доволен*, и тоа 11 ученици, односно 1.9 % од вкупниот број на учениците кои беа вклучени во истражувањето.

**Табела бр. 28:** Анкетирани ученици според нивниот успех во минатата година и нивниот пол.

| | | | Пол: | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Машки | Женски | Total |
| Успех постигнат во минатата учебна година: | одличен | Count | 153 | 229 | 382 |
| | | % of Total | 26.1% | 39.1% | 65.2% |
| | многу добар | Count | 58 | 55 | 113 |
| | | % of Total | 9.9% | 9.4% | 19.3% |
| | добар | Count | 37 | 43 | 80 |
| | | % of Total | 6.3% | 7.3% | 13.7% |
| | доволен | Count | 3 | 8 | 11 |
| | | % of Total | 0.5% | 1.4% | 1.9% |
| Total | | Count | 251 | 335 | 586 |
| | | % of Total | 42.8% | 57.2% | 100.0% |




**Графикон бр.3:** Анкетирани ученици според нивниот успех во минатата година и нивниот пол.

Податоците за ученици според нивниот постигнат успех во минатата година и нивнот пол ги презентираме во табела бр. 28 и графикон бр. 3, каде е очигледно забелжливо дека доминираат учениците со постигнат успех *одличен*, а според нивниот пол доминираат учениците од женски пол, освен кај учениците со постигнат успех *многу добар* каде имаме мала разлика во полза на машкиот пол, од кои беа вклучени во истражувањето 58 ученици, односно 9.9 %, а од женски пол беа 55 ученици, односно 9.4 % од вкупниот број на ученици вклучени во истражувањето.

## 2. Анализа на фреквенциите на добиените резултати од истражувањето

По вториот дел на електронскиот Прашалник кој беше составен за општи податоци на наставниците, односно учениците, следуваше *третиот дел* каде имавме *Скала на проценка.*со 20 тврдења и пет понудени одговори според Ликерт скалата, и тоа:

1. Целосно не се согасувам,
2. Не се согласувам,
3. Делумно се согласувам,
4. Се согласувам, и
5. Целосно се согласувам.

Во продолжение ќе ги презентираме фреквенциите на добиените резултати од истражувањето со наставници и ученици од основните училишта во Р.С. Македонија, според фреквенциите на понудените одговори за секое тврдење од *Скалата на проценка*.

### 2.1. Анализа на фреквенциите на добиените резултати од истражувањето со наставници

**Табела бр. 29:** Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | делумно се согласувам | 3 | 2.8 | 2.8 | 2.8 |
| | се согласувам | 36 | 33.3 | 33.3 | 36.1 |
| | целосно се согласувам | 69 | 63.9 | 63.9 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 29 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците“, каде се забележува дека 69 наставници, односно 63.9% *целосно се согласуваат*, 36 наставници или 33.3% *се согласуваат* и 3 наставници, т. е. 2.8% *делумно се согласуваат* со оваа тврдење. Додека за понудените одговори *целосно не се согасувам* и *не се согласувам* немаме ниту една фреквенција. Според добиените резултати, може да се каже дека наставниците силно го поддржуваат ова тврдење.

**Табела бр. 30**: Сум учествувал/а во обуки за етика и интегритет во наставничката професија.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 15 | 13.9 | 13.9 | 13.9 |
| | не се согласувам | 17 | 15.7 | 15.7 | 29.6 |
| | делумно се согласувам | 27 | 25.0 | 25.0 | 54.6 |
| | се согласувам | 22 | 20.4 | 20.4 | 75.0 |
| | целосно се согласувам | 27 | 25.0 | 25.0 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 30 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Сум учествувал/а во обуки за етика и интегритет во наставничката професија“. За ова тврдење 27 наставници,

односно 25% од вкупниот број на анкетирани наставници, зе изразија дека *целосно се согласуваат* и *делумно се согласуваат,* 22 наставници, односно 20.4% *се согласуваат,* 17 наставници т.е. 15.7% *не се согласуваат*, и 15 наставници или 13.9% *целосно не се согласуваат* дека учествувале во обуки за етика и интегритет во наставничката професија.

**Табела бр. 31**: Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 1 | .9 | .9 | .9 |
| | делумно се согласувам | 18 | 16.7 | 16.7 | 17.6 |
| | се согласувам | 29 | 26.9 | 26.9 | 44.4 |
| | целосно се согласувам | 60 | 55.6 | 55.6 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 31 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата“ каде се забележува дека 60 наставници, односно 55.6% *целосно се согласуваат* и 29 наставници, односно 26.9% *се согласуваат* дека наставниците од училиштето во коешто работат ги почитуваат и афирмираат правата на децата. Неутрален став изразуваат 18 наставници, односно 16.7%, т.е. овие наставници *делумно се согласуваат* со ова тврдење. Спротивно мислење за ова тврдење изразува само еден наставник, односно 0.9%, додека за понудениот одговор *не се согласуваам* немаме ниту една фреквенција.

**Табела бр. 32:** Наставниците од училиштето во коешто работам се под влијание на стереотипи и предрасуди.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 37 | 34.3 | 34.3 | 34.3 |
| | не се согласувам | 23 | 21.3 | 21.3 | 55.6 |
| | делумно се согласувам | 27 | 25.0 | 25.0 | 80.6 |
| | се согласувам | 15 | 13.9 | 13.9 | 94.4 |
| | целосно се согласувам | 6 | 5.6 | 5.6 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 32 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Наставниците од училиштето во коешто работам се под влијание на стереотипи и предрасуди". Со ова тврдење *целосно не се согласуваат* 37 наставници, односно 34.3% од вкупниот број на анкетирани наставници, и *не се согласуваат* 23 наставници, односно 21.3%, а кумулативниот процент на овие фреквенции изнесува 55.6%. Тоа значи дека значаен број на наставници се изразуваат спротивно на тврдењето дека наставниците од училиштето во коешто работаат се под влијание на стереотипи и предрасуди. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* само 6 наставници или 5.6% и се согласуваат 15 наставници, односно 13.9%, а неутрален став изразуваат 27 наставници или 25% со тоа што *делумно се согласуваат* со ова тврдење.

**Табела бр. 33:** Наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | не се согласувам | 1 | .9 | .9 | .9 |
| | делумно се согласувам | 6 | 5.6 | 5.6 | 6.5 |
| | се согласувам | 26 | 24.1 | 24.1 | 30.6 |
| | целосно се согласувам | 75 | 69.4 | 69.4 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 33 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности" каде се гледа дека 75 наставници, односно 69.4% *целосно се согласуваат* и 26 наставници, односно 24.1% *се согласуваат* дека наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности. Со ова тврдење *делумно се согласуваат* 6 наставници, односно 5.6% и не се согласува само еден наставник, односно 0.9% од вкупниот број на анкетирани наставници, додека за понудениот одговор *целосно не се согласувам* немаме ниту една фреквенција.

**Табела бр. 34:** Училиштето во коешто работам има креирано свој етички кодекс.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 2 | 1.9 | 1.9 | 1.9 |

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| | не се согласувам | 2 | 1.9 | 1.9 | 3.7 |
| | делумно се согласувам | 11 | 10.2 | 10.2 | 13.9 |
| | се согласувам | 27 | 25.0 | 25.0 | 38.9 |
| | целосно се согласувам | 66 | 61.1 | 61.1 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 34 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Училиштето во коешто работам има креирано свој етички кодекс“. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 66 наставници, односно 61.1% од вкупниот број на анкетирани наставници, *се согласуваат* 27 наставници, односно 25%, и *делумно се согласуваат* 11 наставници, односно 10.2%. Спротивно на ова тврдење се изразуваат само по двајца наставници, односно по 1.9%, кои *не се согласуваат* или *целосно не се согласуваат* дека училиштето во коешто работат има креирано свој етички кодекс.

**Табела бр. 35**: Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 1 | .9 | .9 | .9 |
| | не се согласувам | 3 | 2.8 | 2.8 | 3.7 |
| | делумно се согласувам | 17 | 15.7 | 15.7 | 19.4 |
| | се согласувам | 33 | 30.6 | 30.6 | 50.0 |
| | целосно се согласувам | 54 | 50.0 | 50.0 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс“ ги презентираме во табела бр.35, каде се забележува дека голем број на наставниците го поддржуваат ова тврдење, и тоа 54 наставници, односно 50% *целосно се согласуваат*, и 33 наставници, односно 30.6% *се согласуваат* дека наставниците од училиштето во коешто работат ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 17 наставници, односно 15.7%. Спротивен став на ова тврдење имаат 3 наставници, односно 2.8% кои се изразија дека *не се согласуваат* и еден наставник, односно 0.9% кој *целосно не се согласува*. Кумулативниот процент на наставниците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 80.6%,

а кумулативниот процент на наставниците кои не го поддржуваат ова тврдење изнесува 3.7%.

**Табела бр. 36**: Учениците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 1 | .9 | .9 | .9 |
| | не се согласувам | 5 | 4.6 | 4.6 | 5.6 |
| | делумно се согласувам | 27 | 25.0 | 25.0 | 30.6 |
| | се согласувам | 41 | 38.0 | 38.0 | 68.5 |
| | целосно се согласувам | 34 | 31.5 | 31.5 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 36 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Учениците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс“. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 34 наставници, односно 31.5% од вкупниот број на анкетирани наставници, *се согласуваат* 41 наставници, односно 38%, а *делумно се согласуваат* 27 наставници, односно 25%. Спротивен став изразуваат 5 наставници, односно 4.6 % кои не се согласуваат со ова тврдење и само еден наставник, односно 0.9% *целосно не се согласува* дека учениците од училиштето во коешто работи ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс.

**Табела бр. 37**: Заедно со учениците имаме креирано посебен кодекс за однесување во училницата.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | не се согласувам | 2 | 1.9 | 1.9 | 1.9 |
| | делумно се согласувам | 5 | 4.6 | 4.6 | 6.5 |
| | се согласувам | 31 | 28.7 | 28.7 | 35.2 |
| | целосно се согласувам | 70 | 64.8 | 64.8 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 37 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Заедно со учениците имаме креирано посебен кодекс за однесување во училницата“, каде се забележува дека значаен број на анкетирани наставници го поддржуваат ова тврдење, и тоа 70 наставници односно 64.8% *целосно се согласуваат*, и 31 наставници, односно 28.7% *се согласуваат*

дека заедно со учениците имаат креирано посебен кодекс за однесување во училницата. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 5 наставници, односно 4.6%. Спротивен став на ова тврдење имаат само 2 наставници односно 1.9% кои се изразија дека *не се согласуваат* со ова тврдење, а за понудениот одговор *целосно не се согласува*м немаме ниту една фреквенција. Кумулативниот процент на наставниците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 93.5%.

**Табела бр. 38**: Критериумите за оценување ги правам достапни за сите ученици на почетокот на учебната година.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | не се согласувам | 3 | 2.8 | 2.8 | 2.8 |
| | делумно се согласувам | 8 | 7.4 | 7.4 | 10.2 |
| | се согласувам | 26 | 24.1 | 24.1 | 34.3 |
| | целосно се согласувам | 71 | 65.7 | 65.7 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 38 ги презентираме резултатите за тврдењето: „ Критериумите за оценување ги правам достапни за сите ученици на почетокот на учебната година“ каде се приметува дека значаен број на анкетирани наставници го поддржуваат ова тврдење, и тоа 71 наставници односно 65.7% *целосно се согласуваат*, и 26 наставници, односно 24.1% *се согласуваат* дека критериумите за оценување ги прават достапни за сите ученици на почетокот на учебната година. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 8 наставници, односно 7.4%. Спротивен став на ова тврдење имаат само 3 наставници, односно 2.8% кои се изразија дека *не се согласуваат* со ова тврдење, а за понудениот одговор *целосно не се согласува*м немаме ниту една фреквенција. Кумулативниот процент на наставниците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 89.8%.

**Табела бр. 39**: Им овозможувам на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | не се согласувам | 1 | .9 | .9 | .9 |
| | делумно се согласувам | 12 | 11.1 | 11.1 | 12.0 |
| | се согласувам | 30 | 27.8 | 27.8 | 39.8 |
| | целосно се согласувам | 65 | 60.2 | 60.2 | 100.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Им овозможувам на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат“ ги презентираме во табела бр.39, каде е воочливо дека ова тврдење го поддржуваат 65 наставници, односно 60.2% кои *целосно се согласуваат*, и 30 наставници, односно 27.8% кои *се согласуваат* дека им овозможуваат на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 12 наставници, односно 11.1%. Спротивен став има само 1 наставник, односно 0.9% кој се изрази дека *не се согласува* со ова тврдење, а за понудениот одговор *целосно не се согласува*м немаме ниту една фреквенција. Кумулативниот процент на наставниците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 88%.

**Табела бр. 40**: Често останувам за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците).

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 2 | 1.9 | 1.9 | 1.9 |
| | не се согласувам | 8 | 7.4 | 7.4 | 9.3 |
| | делумно се согласувам | 14 | 13.0 | 13.0 | 22.2 |
| | се согласувам | 32 | 29.6 | 29.6 | 51.9 |
| | целосно се согласувам | 52 | 48.1 | 48.1 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 40 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Често останувам за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците)“. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 52 наставници, односно 48.1% од вкупниот број на анкетирани наставници, *се согласуваат* 32 наставници, односно 29.6%, а *делумно се согласуваат* 14 наставници, односно 13%. Спротивен став изразуваат 8 наставници односно 7.4 % т.е. не се согласуваат со ова тврдење и само 2 наставници односно 1.9% *целосно не се согласуваат* дека често остануваат за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците).

**Табела бр. 41:** Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за ученици со послаб успех во учењето.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 3 | 2.8 | 2.8 | 2.8 |
| | не се согласувам | 7 | 6.5 | 6.5 | 9.3 |
| | делумно се согласувам | 23 | 21.3 | 21.3 | 30.6 |
| | се согласувам | 21 | 19.4 | 19.4 | 50.0 |
| | целосно се согласувам | 54 | 50.0 | 50.0 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 41 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за ученици со послаб успех во учењето“. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 54 наставници, односно 50% од вкупниот број на анкетирани наставници, *се согласуваат* 21 наставници, односно 19.4%, и *делумно се согласуваат* 23 наставници, односно 21.3%. Спротивно на ова тврдење се изразуваат 7 наставници, односно 6.5%, кои *не се согласуваат* и 3 наставници, односно 2.8% кои *целосно не се согласуваат*.

**Табела бр. 42**: Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 3 | 2.8 | 2.8 | 2.8 |
| | не се согласувам | 5 | 4.6 | 4.6 | 7.4 |
| | делумно се согласувам | 18 | 16.7 | 16.7 | 24.1 |
| | се согласувам | 31 | 28.7 | 28.7 | 52.8 |
| | целосно се согласувам | 51 | 47.2 | 47.2 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици“ ги презентираме во табела бр.42, каде се забележува дека ова тврдење го поддржуваат 51 наставник, односно 47.2% кои *целосно се согласуваат*, и 31 наставник, односно 28.7% кои *се согласуваат* дека имаат искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 18 наставници, односно 16.7%. Спротивен став изразуваат

5 наставници, односно 4.6 %  т.е. не се согласуваат со ова тврдење и само 3 наставници, односно 2.8% *целосно не се согласуваат* дека имаат искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици.

**Табела бр. 43**: Имам искуство во креирање на посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 14 | 13.0 | 13.0 | 13.0 |
| | не се согласувам | 13 | 12.0 | 12.0 | 25.0 |
| | делумно се согласувам | 28 | 25.9 | 25.9 | 50.9 |
| | се согласувам | 20 | 18.5 | 18.5 | 69.4 |
| | целосно се согласувам | 33 | 30.6 | 30.6 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 43 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Имам искуство во креирање на посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот “. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 33 наставници, односно 30.6% од вкупниот број на анкетирани наставници, *се согласуваат* 20 наставници, односно 18.5%, и *делумно се согласуваат* 28 наставници, односно 25.9%. Спротивно на ова тврдење се изразуваат 13 наставници, односно 12%, кои *не се согласуваат* и 14 наставници, односно 13% кои *целосно не се согласуваат*.

**Табела бр. 44**: Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | не се согласувам | 1 | .9 | .9 | .9 |
| | делумно се согласувам | 5 | 4.6 | 4.6 | 5.6 |
| | се согласувам | 21 | 19.4 | 19.4 | 25.0 |
| | целосно се согласувам | 81 | 75.0 | 75.0 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното“ ги презентираме во табела бр.44, каде

се приметува дека ова тврдење значајно го поддржуваат 81 наставници, односно 75% кои *целосно се согласуваат*, и 21 наставник, односно 19.4% кои *се согласуваат* дека редовно ги прегледуваат домашните задачи и им даваат на учениците повратни информации за сработеното. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 5 наставници, односно 4.6%. Спротивен став има само 1 наставник односно 0.9%, кој се изрази дека *не се согласува* со ова тврдење, а за понудениот одговор *целосно не се согласувам* немаме ниту една фреквенција. Кумулативниот процент на наставниците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 94.4%.

**Табела бр. 45**: Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | делумно се согласувам | 3 | 2.8 | 2.8 | 2.8 |
| | се согласувам | 20 | 18.5 | 18.5 | 21.3 |
| | целосно се согласувам | 85 | 78.7 | 78.7 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 45 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина“. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 85 наставници, односно 78.7% од вкупниот број на анкетирани наставници, *се согласуваат* 20 наставници, односно 18.5%, и *делумно се согласуваат* 3 наставници, односно 2.8%. Спротивен став за ова тврдење нема ниту еден наставник, што значи дека за понудените одговори *не се согласувам* и *целосно не се согласувам* немаме ниту една фреквенција. Кумулативниот процент на наставниците за кои сметаме дека силно го поддржуваат ова тврдење изнесува 97.2%.

**Табела бр. 46**: Не ги прекорувам учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажувам на можни решенија.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 1 | .9 | .9 | .9 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | не се согласувам | 2 | 1.9 | 1.9 | 2.8 |
| | делумно се согласувам | 4 | 3.7 | 3.7 | 6.5 |
| | се согласувам | 30 | 27.8 | 27.8 | 34.3 |
| | целосно се согласувам | 71 | 65.7 | 65.7 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Не ги прекорувам учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажувам на можни решенија“ ги презентираме во табела бр.46, каде се забележува дека ова тврдење го поддржуваат 71 наставници, односно 65.7% кои *целосно се согласуваат*, и 30 наставници, односно 27.8% кои *се согласуваат* дека не ги прекоруваат учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажуваат на можни решенија. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 4 наставници, односно 3.7%. Спротивен став изразуваат 2 наставника, односно 1.9 % т.е. не се согласуваат со ова тврдење и само еден наставник односно 0.9% *целосно не се согласува* дека не ги прекорува учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажува на можни решенија.

**Табела бр. 47**: Учествувам во организирање на воннаставни активности за учениците од училиштето во кое работам.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 1 | .9 | .9 | .9 |
| | не се согласувам | 3 | 2.8 | 2.8 | 3.7 |
| | делумно се согласувам | 11 | 10.2 | 10.2 | 13.9 |
| | се согласувам | 26 | 24.1 | 24.1 | 38.0 |
| | целосно се согласувам | 67 | 62.0 | 62.0 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 47 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Учествувам во организирање на воннаставни активности за учениците од училиштето во кое работам“. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 67 наставници, односно 62% од вкупниот број на анкетирани наставници, *се согласуваат* 26 наставници, односно 24.1%, и *делумно се согласуваат* 11 наставници, односно 10.2%. Спротивно на ова тврдење се изразуваат 3 наставници, односно 2.8%, кои *не се согласуваат* и само еден наставник односно 0.9% кој *целосно не се согласува* дека учествува во организирање на воннаставни активности за учениците од училиштето во кое работи.

**Табела бр. 48**: Водам ученичка секција и подготвувам содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 1 | .9 | .9 | .9 |
| | не се согласувам | 3 | 2.8 | 2.8 | 3.7 |
| | делумно се согласувам | 16 | 14.8 | 14.8 | 18.5 |
| | се согласувам | 29 | 26.9 | 26.9 | 45.4 |
| | целосно се согласувам | 59 | 54.6 | 54.6 | 100.0 |
| | Total | 108 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 48 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Водам ученичка секција и подготвувам содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа“. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 59 наставници, односно 54.6% од вкупниот број на анкетирани наставници, *се согласуваат* 29 наставници, односно 26.9%, и *делумно се согласуваат* 16 наставници, односно 14.8%. Спротивно на ова тврдење се изразуваат 3 наставници, односно 2.8%, кои *не се согласуваат* и само еден наставник, односно 0.9% кој *целосно не се согласува* дека води ученичка секција и подготвува содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа.

## 2.2. Анализа на фреквенциите на добиените резултати од истражувањето со ученици

**Табела бр. 49:** Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 17 | 2.9 | 2.9 | 2.9 |
| | не се согласувам | 23 | 3.9 | 3.9 | 6.8 |
| | делумно се согласувам | 73 | 12.5 | 12.5 | 19.3 |
| | се согласувам | 133 | 22.7 | 22.7 | 42.0 |
| | целосно се согласувам | 340 | 58.0 | 58.0 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 49 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците“, каде се гледа дека 340 ученици, односно 58% *целосно се согласуваат*, 133 ученици или 22.7% *се согласуваат* и 73 ученици, односно 12.5% *делумно се согласуваат* со ова тврдење. Спротивно на ова тврдење се изразуваат 23 ученици, односно 3.9% кои *не се согласуваат* и 17 ученици, односно 2.9% кои *целосно не се согласуваат* дека односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците.

**Табела бр. 50**: Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 6 | 1.0 | 1.0 | 1.0 |
| | не се согласувам | 19 | 3.2 | 3.2 | 4.3 |
| | делумно се согласувам | 72 | 12.3 | 12.3 | 16.6 |
| | се согласувам | 138 | 23.5 | 23.5 | 40.1 |
| | целосно се согласувам | 351 | 59.9 | 59.9 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 50 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата“ каде се гледа дека 351 ученици, односно 59.9% *целосно се согласуваат* и 138 ученици, односно 23.5% *се согласуваат* дека наставниците од училиштето во коешто учат ги почитуваат и афирмираат правата на децата. Со неутрален став, или *делумно се согласуваат* со ова тврдење, се изразуваат 72 ученици, односно 12.3%. Спротивен став на ова тврдење изразуваат 19 ученици, односно 3.2% кои *не се согласуваат* и 6 ученици, односно 1% кои *целосно не се согласуваат* дека наставниците од училиштето во коешто учат ги почитуваат и афирмираат правата на децата.

**Табела бр. 51**: Наставниците од училиштето во коешто учам се под влијание на стереотипи и предрасуди.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 179 | 30.5 | 30.5 | 30.5 |
| | не се согласувам | 93 | 15.9 | 15.9 | 46.4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | делумно се согласувам | 141 | 24.1 | 24.1 | 70.5 |
| | се согласувам | 79 | 13.5 | 13.5 | 84.0 |
| | целосно се согласувам | 94 | 16.0 | 16.0 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 51 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Наставниците од училиштето во коешто учам се под влијание на стереотипи и предрасуди“. Со ова тврдење *целосно не се согласуваат* 179 ученици, односно 30.5% од вкупниот број на анкетирани ученици, и *не се согласуваат* 93 ученици, односно 15.9%. Со неутрален став или *делумно се согласуваат* со ова тврдење се изразуваат 141 ученици, односно 24.1%. Со ова тврдење *се согласуваат* 79 ученици, односно 13.5%, и *целосно се согласуваат* 94 ученици, односно 16%.

**Табела бр. 52**: Се угледувам на постапките и однесувањето на моите наставници.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 77 | 13.1 | 13.1 | 13.1 |
| | не се согласувам | 47 | 8.0 | 8.0 | 21.2 |
| | делумно се согласувам | 123 | 21.0 | 21.0 | 42.2 |
| | се согласувам | 133 | 22.7 | 22.7 | 64.8 |
| | целосно се согласувам | 206 | 35.2 | 35.2 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Се угледувам на постапките и однесувањето на моите наставници“ ги презентираме во табела бр.52, каде се воочува дека ова тврдење го поддржуваат 206 ученици, односно 35.2% кои *целосно се согласуваат*, и 133 ученици, односно 22.7% кои *се согласуваат* дека се угледуваат на постапките и однесувањето на нивните наставници. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 123 ученици, односно 21%. Со спротивен став на ова тврдење, т.е. дека *не се согласуваат* со ова тврдење се изразуваат 47 ученици, односно 8 % и *целосно не се согласуваат* 77 ученици, односно 13.1% од вкупниот број на анкетирани ученици.

**Табела бр. 53**: Кога ќе пораснам, би сакал да бидам наставник.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 265 | 45.2 | 45.2 | 45.2 |
| | не се согласувам | 99 | 16.9 | 16.9 | 62.1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | делумно се согласувам | 89 | 15.2 | 15.2 | 77.3 |
| | се согласувам | 40 | 6.8 | 6.8 | 84.1 |
| | целосно се согласувам | 93 | 15.9 | 15.9 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 53 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Кога ќе пораснам, би сакал да бидам наставник“. Со ова тврдење *целосно не се согласуваат* 265 ученици, односно 45.2% од вкупниот број на анкетирани ученици, и *не се согласуваат* 99 ученици, односно 16.9%. Со неутрален став или *делумно се согласуваат* со ова тврдење се изразуваат 89 ученици, односно 15.2%. Со ова тврдење *се согласуваат* 40 ученици, односно 6.8%, и *целосно се согласуваат* 93 ученици, односно 15.9%. Според добиениот резултат се приметува дека кумулативниот процент на учениците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 22.7%, додека кумулативниот процент на учениците кои не го поддржуваат ова тврдење изнесува 62.1%, т.е. поголем број на учениците се изразуваат дека кога ќе пораснат, не сакаат да бидат наставници.

**Табела бр. 54**: Училиштето во коешто учам има креирано свој етички кодекс.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 23 | 3.9 | 3.9 | 3.9 |
| | не се согласувам | 22 | 3.8 | 3.8 | 7.7 |
| | делумно се согласувам | 106 | 18.1 | 18.1 | 25.8 |
| | се согласувам | 119 | 20.3 | 20.3 | 46.1 |
| | целосно се согласувам | 316 | 53.9 | 53.9 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Училиштето во коешто учам има креирано свој етички кодекс“ ги презентираме во табела бр.54, каде се забележува дека ова тврдење силно го поддржуваат 316 ученици, односно 53.9% кои *целосно се согласуваат*, и 119 ученици, односно 20.3% кои *се согласуваат* дека училиштето во коешто учат има креирано свој етички кодекс. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 106 ученици, односно 18.1%. Со спротивен став на ова тврдење, т.е. дека *не се согласуваат* со ова тврдење се изразуваат 22 ученици, односно 3.8 % и *целосно не се согласуваат* 23 ученици, односно 3.9% од вкупниот број на анкетирани ученици.

**Табела бр. 55**: Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 21 | 3.6 | 3.6 | 3.6 |
| | не се согласувам | 14 | 2.4 | 2.4 | 6.0 |
| | делумно се согласувам | 78 | 13.3 | 13.3 | 19.3 |
| | се согласувам | 132 | 22.5 | 22.5 | 41.8 |
| | целосно се согласувам | 341 | 58.2 | 58.2 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 55 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс“. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 341 ученици, односно 58.2% од вкупниот број на анкетирани ученици, и *се согласуваат* 132 ученици, односно 22.5%. Со неутрален став или *делумно се согласуваат* со ова тврдење 78 ученици, односно 13.3%. Со ова тврдење *не се согласуваат* 14 ученици, односно 2.4%, и *целосно не се согласуваат* 21 ученици, односно 3.6% од вкупниот број на анкетирани ученици.

**Табела бр. 56**: Учениците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 26 | 4.4 | 4.4 | 4.4 |
| | не се согласувам | 39 | 6.7 | 6.7 | 11.1 |
| | делумно се согласувам | 154 | 26.3 | 26.3 | 37.4 |
| | се согласувам | 174 | 29.7 | 29.7 | 67.1 |
| | целосно се согласувам | 193 | 32.9 | 32.9 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 56 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Учениците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс“. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 193 ученици, односно 32.9% од вкупниот број на анкетирани ученици, *се согласуваат* 174 ученици, односно 29.7%, а *делумно се согласуваат* 154 ученици, односно 26.3%. Спротивен став изразуваат 39 ученици, односно 6.7 % кои *не се согласуваат* со оваа тврдење и 26 ученици, односно 4.4% *целосно не се согласува* дека

учениците од училиштето во коешто учат ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс.

**Табела бр. 57**: Заедно со некои предметни наставници имаме изработено посебен кодекс за однесување на учениците во училницата.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 54 | 9.2 | 9.2 | 9.2 |
| | не се согласувам | 42 | 7.2 | 7.2 | 16.4 |
| | делумно се согласувам | 76 | 13.0 | 13.0 | 29.4 |
| | се согласувам | 151 | 25.8 | 25.8 | 55.1 |
| | целосно се согласувам | 263 | 44.9 | 44.9 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 57 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Заедно со некои предметни наставници имаме изработено посебен кодекс за однесување на учениците во училницата", каде се забележува дека со ова тврдење *целосно се согласуваат* 263 ученици, односно 44.9%, и *се согласуваат* 151 ученици, односно 25.8% од вкупниот број на анкетирани ученици. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 76 ученици, односно 13%. Спротивен став на ова тврдење имаат 42 ученици, односно 7.2% кои се изразија дека *не се согласуваат* со ова тврдење, и *целосно не се согласува*м 54 ученици, односно 9.2%. Кумулативниот процент на учениците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 70.7%, а кумулативниот процент на учениците кои не го поддржуваат ова тврдење изнесува 16.4%.

**Табела бр. 58**: Наставниците ни ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 19 | 3.2 | 3.2 | 3.2 |
| | не се согласувам | 31 | 5.3 | 5.3 | 8.5 |
| | делумно се согласувам | 67 | 11.4 | 11.4 | 20.0 |
| | се согласувам | 125 | 21.3 | 21.3 | 41.3 |
| | целосно се согласувам | 344 | 58.7 | 58.7 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 58 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Наставниците ни ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година"

каде се забележува дека значаен број на анкетирани ученици го поддржуваат ова тврдење, и тоа 344 ученици, односно 58.7% *целосно се согласуваат*, и 125 ученици, односно 21.3% *се согласуваат* дека наставниците им ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 67 ученици, односно 11.4%. Спротивен став на ова тврдење имаат 31 ученик, односно 5.3% кои се изразија дека *не се согласуваат* со ова тврдење, и *целосно не се согласуваат* 19 ученици, односно 3.2% од вкупниот број на анкетирани ученици.

**Табела бр. 59**: Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги споредиме.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 56 | 9.6 | 9.6 | 9.6 |
| | не се согласувам | 23 | 3.9 | 3.9 | 13.5 |
| | делумно се согласувам | 77 | 13.1 | 13.1 | 26.6 |
| | се согласувам | 110 | 18.8 | 18.8 | 45.4 |
| | целосно се согласувам | 320 | 54.6 | 54.6 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги споредиме“ ги презентираме во табела бр.59, каде се гледа дека ова тврдење го поддржуваат 320 ученици, односно 54.6% кои *целосно се согласуваат*, и 110 ученици, односно 18.8% кои *се согласуваат* дека наставниците им овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледат и меѓусебно да ги споредуваат. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 77 ученици, односно 13.1%. Спротивен став имаат 23 ученици, односно 3.9% кои се изразуваат дека *не се согласуваат* со ова тврдење, и *целосно не се согласува*ат 56 ученици, односно 9.6% од вкупниот број на анкетирани ученици. Кумулативниот процент на учениците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 73.4%, а кумулативниот процент на учениците кои не го поддржуваат ова тврдење изнесува 13.5%.

**Табела бр. 60**: Наставниците од училиштето во коешто учам секогаш ми помагаат кога имам потешкотии во учењето.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 10 | 1.7 | 1.7 | 1.7 |
| | не се согласувам | 30 | 5.1 | 5.1 | 6.8 |
| | делумно се согласувам | 75 | 12.8 | 12.8 | 19.6 |
| | се согласувам | 105 | 17.9 | 17.9 | 37.5 |
| | целосно се согласувам | 366 | 62.5 | 62.5 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Наставниците од училиштето во коешто учам секогаш ми помагаат кога имам потешкотии во учењето“ ги презентираме во табела бр.60, каде се приметува дека ова тврдење силно го поддржуваат 366 ученици, односно 62.5% кои *целосно се согласуваат*, и 105 ученици, односно 17.9% кои *се согласуваат* дека наставниците им помагаат кога имаат тешкотии во учењето. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 75 ученици, односно 12.8%. Спротивен став имаат 30 ученици, односно 5.1% кои се изразуваат дека *не се согласуваат* со ова тврдење, и *целосно не се согласува*ат 10 ученици, односно 1.7% од вкупниот број на анкетирани ученици. Кумулативниот процент на учениците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 80.4%.

**Табела бр. 61**: Често останувам за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 137 | 23.4 | 23.4 | 23.4 |
| | не се согласувам | 98 | 16.7 | 16.7 | 40.1 |
| | делумно се согласувам | 121 | 20.6 | 20.6 | 60.8 |
| | се согласувам | 101 | 17.2 | 17.2 | 78.0 |
| | целосно се согласувам | 129 | 22.0 | 22.0 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 61 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Често останувам за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите“. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 129 ученици, односно 22% од вкупниот број на анкетирани ученици, *се согласуваат* 101 ученици, односно 17.2%, а *делумно се согласуваат* 121 ученици, односно 20.6%. Спротивен став изразуваат 98 ученици, односно 16.7 % т.е. *не се согласуваат* со ова тврдење и 137 ученици, односно 23.4% *целосно не се*

*согласуваат* дека често останувaат за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите.

**Табела бр. 62**: Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 18 | 3.1 | 3.1 | 3.1 |
| | не се согласувам | 24 | 4.1 | 4.1 | 7.2 |
| | делумно се согласувам | 64 | 10.9 | 10.9 | 18.1 |
| | се согласувам | 104 | 17.7 | 17.7 | 35.8 |
| | целосно се согласувам | 376 | 64.2 | 64.2 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача“ ги презентираме во табела бр.62, каде се приметува дека ова тврдење силно го поддржуваат 376 ученици, односно 64.2% кои *целосно се согласуваат*, и 104 ученици, односно 17.7% кои *се согласуваат* дека наставниците им покажуваат како да ги поправат грешките во домашната задача. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 64 ученици, односно 10.9%. Спротивен став имаат 24 ученици, односно 4.1% кои се изразуваат дека *не се согласуваат* со ова тврдење, и *целосно не се согласува*ат 18 ученици, односно 3.1% од вкупниот број на анкетирани ученици. Кумулативниот процент на учениците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 81.9%, а кумулативниот процент на учениците кои не го поддржуваат ова тврдење изнесува 7.2%.

**Табела бр. 63**: Наставниците од училиштето во коешто учам ме охрабруваат самостојно да истражувам нови содржини.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 29 | 4.9 | 4.9 | 4.9 |
| | не се согласувам | 34 | 5.8 | 5.8 | 10.8 |
| | делумно се согласувам | 97 | 16.6 | 16.6 | 27.3 |
| | се согласувам | 148 | 25.3 | 25.3 | 52.6 |
| | целосно се согласувам | 278 | 47.4 | 47.4 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 63 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Наставниците од училиштето во коешто учам ме охрабруваат самостојно да истражувам нови содржини" каде се забележува дека најголем број на анкетирани ученици го поддржуваат ова тврдење, и тоа 278 ученици, односно 47.4% *целосно се согласуваат*, и 148 ученици, односно 25.3% *се согласуваат* дека наставниците ги охрабруваат самостојно да истражуват нови содржини. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 67 ученици, односно 11.4%. Спротивен став на ова тврдење имаат 34 ученици, односно 5.8% кои се изразија дека *не се согласуваат* со ова тврдење, и *целосно не се согласуваат* 29 ученици, односно 4.9% од вкупниот број на анкетирани ученици.

**Табела бр. 64**: Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 16 | 2.7 | 2.7 | 2.7 |
| | не се согласувам | 22 | 3.8 | 3.8 | 6.5 |
| | делумно се согласувам | 61 | 10.4 | 10.4 | 16.9 |
| | се согласувам | 121 | 20.6 | 20.6 | 37.5 |
| | целосно се согласувам | 366 | 62.5 | 62.5 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 64 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина". Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 366 ученици, односно 62.5% од вкупниот број на анкетирани ученици, *се согласуваат* 121 ученици, односно 20.6%, и *делумно се согласуваат* 61 ученици, односно 10.4%. Спротивен став имаат 22 ученици, односно 3.8% кои се изразуваат дека *не се согласуваат* со ова тврдење, и *целосно не се согласува*ат 16 ученици односно 2.7% од вкупниот број на анкетирани ученици. Кумулативниот процент на учениците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 83.1%, а кумулативниот процент на учениците кои не го поддржуваат ова тврдење изнесува 6.5%.

**Табела бр. 65**: Не се плашам кога ќе направам пропуст или грешка во одговорот на некое прашање.

| Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 62 | 10.6 | 10.6 | 10.6 |
| | не се согласувам | 53 | 9.0 | 9.0 | 19.6 |
| | делумно се согласувам | 108 | 18.4 | 18.4 | 38.1 |
| | се согласувам | 150 | 25.6 | 25.6 | 63.7 |
| | целосно се согласувам | 213 | 36.3 | 36.3 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Не се плашам кога ќе направам пропуст или грешка во одговорот на некое прашање" ги презентираме во табела бр.65, каде се приметува дека ова тврдење го поддржуваат 213 ученици, односно 36.3% кои *целосно се согласуваат*, и 150 ученици, односно 25.6 % кои *се согласуваат* дека не се плашат кога ќе направат пропуст или грешка во одговорот на некое прашање. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 108 ученици, односно 18.4%. Спротивен став имаат 53 ученици, односно 9 % кои се изразуваат дека *не се согласуваат* со ова тврдење, и *целосно не се согласува*ат 62 ученици, односно 10.6 % од вкупниот број на анкетирани ученици. Кумулативниот процент на учениците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 61.9%, а кумулативниот процент на учениците кои не го поддржуваат ова тврдење изнесува 19.6%.

**Табела бр. 66**: Ставовите на наставниците за определени содржини од наставниот материјал ме импресионираат**.**

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 25 | 4.3 | 4.3 | 4.3 |
| | не се согласувам | 42 | 7.2 | 7.2 | 11.4 |
| | делумно се согласувам | 128 | 21.8 | 21.8 | 33.3 |
| | се согласувам | 169 | 28.8 | 28.8 | 62.1 |
| | целосно се согласувам | 222 | 37.9 | 37.9 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 66 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Ставовите на наставниците за определени содржини од наставниот материјал ме импресионираат". Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 222 ученици, односно 37.9 % од вкупниот број на анкетирани ученици, *се согласуваат* 169 ученици, односно 28.8%, и *делумно се согласуваат* 128 ученици, односно 21.8 %. Спротивен став имаат 42 ученици, односно 7.2% кои се изразуваат дека *не се согласуваат* со ова тврдење, и *целосно не се согласува*ат 25 ученици, односно 4.3% од вкупниот број на анкетирани ученици. Кумулативниот процент на

учениците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 66.7%, а кумулативниот процент на учениците кои не го поддржуваат ова тврдење изнесува 11.4%.

**Табела бр. 67**: Учествувам во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.).

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 61 | 10.4 | 10.4 | 10.4 |
| | не се согласувам | 35 | 6.0 | 6.0 | 16.4 |
| | делумно се согласувам | 77 | 13.1 | 13.1 | 29.5 |
| | се согласувам | 97 | 16.6 | 16.6 | 46.1 |
| | целосно се согласувам | 316 | 53.9 | 53.9 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Резултатите за тврдењето: „Учествувам во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.)“ ги презентираме во табела бр.67, каде може да се забележи дека ова тврдење го поддржуваат 316 ученици, односно 53.9 % кои *целосно се согласуваат*, и 97 ученици, односно 16.6 % кои *се согласуваат* дека учествуваат во воннаставните активности на училиштето. Неутрален став или *делумно се согласуваат* 77 ученици, односно 13.1%. Спротивен став имаат 35 ученици, односно 6 % кои се изразуваат дека *не се согласуваат* со ова тврдење, и *целосно не се согласува*ат 61 ученици, односно 10.4 % од вкупниот број на анкетирани ученици. Кумулативниот процент на учениците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 70.5%, а кумулативниот процент на учениците кои не го поддржуваат ова тврдење изнесува 16.4%.

**Табела бр. 68**: Членувам во секции што ги водат наставници од моето училиште.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | целосно не се согласувам | 134 | 22.9 | 22.9 | 22.9 |
| | не се согласувам | 84 | 14.3 | 14.3 | 37.2 |
| | делумно се согласувам | 115 | 19.6 | 19.6 | 56.8 |
| | се согласувам | 89 | 15.2 | 15.2 | 72.0 |
| | целосно се согласувам | 164 | 28.0 | 28.0 | 100.0 |
| | Total | 586 | 100.0 | 100.0 | |

Во табела бр. 68 ги презентираме резултатите за тврдењето: „Членувам во секции што ги водат наставници од моето училиште“. Со ова тврдење *целосно се согласуваат* 164

ученици, односно 28 % од вкупниот број на анкетирани ученици, *се согласуваат* 89 ученици, односно 15.2 %, и *делумно се согласуваат* 115 ученици, односно 19.6 %. Спротивен став имаат 84 ученици, односно 14.3 % кои се изразуваат дека *не се согласуваат* со ова тврдење, и *целосно не се согласува*ат 134 ученици, односно 22.9 % од вкупниот број на анкетирани ученици. Кумулативниот процент на учениците кои го поддржуваат ова тврдење изнесува 432 % , а кумулативниот процент на учениците кои не го поддржуваат ова тврдење изнесува 37.2 %.

### 3. Дескриптивна статистика на добиените резултати од истражувањето

Во овој дел на дисертациониот труд направивме анализа на *минимална* и *максимална вредност*, *аритметичка средина*, *стандардна девијација* и *варијанса* на добиените резултати од истражувањето. Анализирани се добиените резултати од Скалата на проценка за наставници и Скалата на проценка за ученици.

Во продолжение ќе ги презентираме:

- *минималната* и *максималната вредност* за секое тврдење. *Скалата на проценка* беше со 20 тврдења и пет понудени одговори според Ликерт скалата. Минималната вредност понудена во Скалата на проценка беше 1, додека максималната вредност беше 5. Нивното значење е како што следува:
    1. *Целосно не се согасувам,*
    2. *Не се согласувам,*
    3. *Делумно се согласувам,*
    4. *Се согласувам и*
    5. *Целосно се согласувам.*
- *аритметичката средина,* која претставува најчесто употребувана мерка на централна тенденција, односно распоред на фреквенциите,
- *стандардната девијација* или *стандардното отстапување,* која е мерка за променливоста или дисперзијата во група податоци. Малото стандардно отстапување

значи дека сите елементи од групата на податоци се многу блиску до средната вредност, додека големото стандардно отстапување значи дека групата на податоци е широка, со широк опсег на вредности. Вредноста на стандардната девијација може да биде позитивен или негативен број.

- *Варијанса* е средната вредност на квадриранато растојание на дадените вредности од очекуваните средини. *Средината* е начин да се опише локацијата на дистрибуцијата, а *варијансата* е начин да се пресмета нејзиниот опсег или степен на ширење. За разлика од стандардната девијација, варијансата секогаш е позитивен број. Ако ја знаеме стандардната девијација, многу лесно се наоѓа варијансата, и обратно, бидејќи стандардната девијација на квадрат дава варијанса, и обратно, со пресметката на квадратниот корен на варијанса се добива стандардна девијација.

На пример: **СД** = 5.48; $5.48^2 = 30$ = **В ;** и обратно, $\sqrt{30} = 5.48$ = **СД**




**Графикон бр.4:** Нормална дистрибуција на резултатите и интервалите со ±1, ±2 и ±3 стандардни девијации (СД)

Како што е прикажано во графикон бр.4, полигоните на дистрибуција на резултатите се на позитивни 3СД и негативни 3СД од аритметичката средина, значи отстапките најчесто се на три стандардни девијации од просекот, т.е.

- 68% од резултатите се во рамките на ± 1 СД;
- 95% од резултатите се во рамките на ± 2 СД; и
- 99.7% од резултатите се во рамките на ± 3 СД од просекот.

## 3.1. Дескриптивна статистика на добиените резултати од истражувањето со наставници

**Табела бр. 69**: Резултати од истражувањето со наставници на тврдењата од 1 до 5

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviat. | Variance |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците. | 108 | 3.00 | 5.00 | 4.6111 | .54401 | .296 |
| 2. Сум учествувал/а во обуки за етика и интегритет во наставничката професија. | 108 | 1.00 | 5.00 | 3.2685 | 1.36448 | 1.862 |
| 3. Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата. | 108 | 1.00 | 5.00 | 4.3611 | .82551 | .681 |
| 4. Наставниците од училиштето во коешто работам се под влијание на стереотипи и предрасуди. | 108 | 1.00 | 5.00 | 2.3519 | 1.24040 | 1.539 |
| 5. Наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности. | 108 | 2.00 | 5.00 | 4.6204 | .63713 | .406 |
| Valid N (listwise) | 108 | | | | | |

Во табела бр.69 ги презентираме резултатите од истражувањето со наставници врз основа на тврдењата од 1 до 5, каде е воочливо дека сите анкетирани наставници, кои вкупно беа 108, го изразија својот став за овие тврдења.

За тврдењето број 1. *Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците* минималната вредност е 3, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.61.  Стандардната девијација е 0.54, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се многу блиску до средната вредност, т.е. има многу мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.296.

За тврдењето број 2. *Сум учествувал/а во обуки за етика и интегритет во наставничката професија* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 3.27. Стандардната девијација е 1.36, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.86.

За тврдењето број 3. *Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.36. Стандардната девијација е 0.82, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.68.

За тврдењето број 4. *Наставниците од училиштето во коешто работам се под влијание на стереотипи и предрасуди* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 2.35. Стандардната девијација е 1.24, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.54.

За тврдењето број 5. *Наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности* минималната вредност е 2, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.62. Стандардната девијација е 0.64, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.41.

**Табела бр. 70**: Резултати од истражувањето со наставници на тврдењата од 6 до 10

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviation | Variance |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.Училиштето во коешто работам има креирано свој етички кодекс. | 108 | 1.00 | 5.00 | 4.4167 | .88735 | .787 |
| 7.Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | 108 | 1.00 | 5.00 | 4.2593 | .88993 | .792 |
| 8.Учениците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | 108 | 1.00 | 5.00 | 3.9444 | .91543 | .838 |
| 9.Заедно со учениците имаме креирано посебен кодекс за однесување во училницата. | 108 | 2.00 | 5.00 | 4.5648 | .67358 | .454 |
| 10.Критериумите за оценување ги правам достапни за сите ученици на почетокот на учебната година. | 108 | 2.00 | 5.00 | 4.5278 | .75453 | .569 |
| Valid N (listwise) | 108 | | | | | |

Во табела бр.70 ги презентираме резултатите од истражувањето со наставници врз основа на тврдењата од 6 до 10, каде се приметува дека сите анкетирани наставници, кои вкупно беа 108, го изразија својот став за овие тврдења.

За тврдењето број 6. *Училиштето во коешто работам има креирано свој етички кодекс* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.42. Стандардната девијација е 0.89, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.79.

За тврдењето број 7. *Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.26. Стандардната девијација е 0.89, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.79.

За тврдењето број 8. *Учениците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 3.94. Стандардната девијација е 0.91, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.84.

За тврдењето број 9. *Заедно со учениците имаме креирано посебен кодекс за однесување во училницата* минималната вредност е 2, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.56. Стандардната девијација е 0.67, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.45.

За тврдењето број 10. *Критериумите за оценување ги правам достапни за сите ученици на почетокот на учебната година* минималната вредност е 2, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.53. Стандардната девијација е 0.75, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.57.

**Табела бр. 71**: Резултати од истражувањето со наставници на тврдењата од 11 до 15

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviation | Variance |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11.Им овозможувам на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат. | 108 | 2.00 | 5.00 | 4.4722 | .72934 | .532 |
| 12.Често останувам за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците). | 108 | 1.00 | 5.00 | 4.1481 | 1.03051 | 1.062 |
| 13.Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за ученици со послаб успех во учењето. | 108 | 1.00 | 5.00 | 4.0741 | 1.10820 | 1.228 |
| 14.Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици. | 108 | 1.00 | 5.00 | 4.1296 | 1.03303 | 1.067 |
| 15. Имам искуство во креирање на посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот. | 108 | 1.00 | 5.00 | 3.4167 | 1.37484 | 1.890 |
| Valid N (listwise) | 108 | | | | | |

Во табела бр.71 ги презентираме резултатите од истражувањето со наставници врз основа на тврдењата од 11 до 15, каде се забележува дека сите анкетирани наставници, кои вкупно беа 108, го изразија својот став за овие тврдења.

За тврдењето број 11. *Им овозможувам на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат* минималната вредност е 2, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.47, додека стандардната девијација е 0.73, а варијансата е 0.53. Бидејќи имаме мала стандардна девијација сметаме дека сите

елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина.

За тврдењето број 12. *Често останувам за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците)* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.15. Стандардната девијација е 1.03, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.06.

За тврдењето број 13. *Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за ученици со послаб успех во учењето* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.07. Стандардната девијација е 1.11, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.23.

За тврдењето број 14. *Имам искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.13. Стандардната девијација е 1.03, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.07.

За тврдењето број 15. *Имам искуство во креирање на посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 3.42. Стандардната девијација е 1.37, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.89.

**Табела бр. 72**: Резултати од истражувањето со наставници на тврдењата од 16 до 20

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviation | Variance |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16.Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното. | 108 | 2.00 | 5.00 | 4.6852 | .60602 | .367 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 17. Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина. | 108 | 3.00 | 5.00 | 4.7593 | .49048 | .241 |
| 18. Не ги прекорувам учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажувам на можни решенија. | 108 | 1.00 | 5.00 | 4.5556 | .74046 | .548 |
| 19. Учествувам во организирање на воннаставни активности за учениците од училиштето во кое работам. | 108 | 1.00 | 5.00 | 4.4352 | .85678 | .734 |
| 20.Водам ученичка секција и подготвувам содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа. | 108 | 1.00 | 5.00 | 4.3148 | .89284 | .797 |
| Valid N (listwise) | 108 | | | | | |

Во табела бр.72 ги презентираме резултатите од истражувањето со наставници врз основа на тврдењата од 16 до 20, каде се гледа дека сите анкетирани наставници, кои вкупно беа 108, го изразија својот став за овие тврдења.

За тврдењето број 16. *Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното,* минималната вредност е 2, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.68, додека стандардната девијација е 0.61, а варијансата е 0.37. Бидејќи имаме мала стандардна девијација сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина.

За тврдењето број 17. *Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина,* минималната вредност е 3, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.76. Стандардната девијација е 0.49, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се многу блиску до средната вредност, т.е. има многу мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.24.

За тврдењето број 18. *Не ги прекорувам учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажувам на можни решенија,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.56. Стандардната девијација е 0.74, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.55.

За тврдењето број 19. *Учествувам во организирање на воннаставни активности за учениците од училиштето во кое работам,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.43. Стандардната девијација е 0.86, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.73.

За тврдењето број 20. *Водам ученичка секција и подготвувам содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа*, минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.31. Стандардната девијација е 0.89, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.797.

## 3.2. Дескриптивна статистика на добиените резултати од истражувањето со ученици

**Табела бр. 73**: Резултати од истражувањето со ученици на тврдењата од 1 до 5

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviation | Variance |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците. | 586 | 1.00 | 5.00 | 4.2901 | 1.02004 | 1.040 |
| 2. Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата. | 586 | 1.00 | 5.00 | 4.3805 | .89456 | .800 |
| 3. Наставниците од училиштето во коешто учам се под влијание на стереотипи и предрасуди. | 586 | 1.00 | 5.00 | 2.6860 | 1.43594 | 2.062 |
| 4. Се угледувам на постапките и однесувањето на моите наставници. | 586 | 1.00 | 5.00 | 3.5870 | 1.37751 | 1.898 |
| 5. Кога ќе пораснам, би сакал да бидам наставник. | 586 | 1.00 | 5.00 | 2.3123 | 1.48718 | 2.212 |
| Valid N (listwise) | 586 | | | | | |

Во табела бр.73 ги презентираме резултатите од истражувањето со ученици врз основа на тврдењата од 1 до 5, каде се приметува дека сите анкетирани ученици, кои вкупно беа 586, го изразија својот став за овие тврдења.

За тврдењето број 1. *Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.29. Стандардната девијација е 1.02, а варијансата е 1.04. Бидејќи имаме мала стандардна девијација сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина.

За тврдењето број 2. *Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.38. Стандардната девијација е 0.89, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.80.

За тврдењето број 3. *Наставниците од училиштето во коешто учам се под влијание на стереотипи и предрасуди,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 2.69. Стандардната девијација е 1.44, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 2.06.

За тврдењето број 4. *Се угледувам на постапките и однесувањето на моите наставници,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 3.59. Стандардната девијација е 1.38, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.898.

За тврдењето број 5. *Кога ќе пораснам, би сакал да бидам наставник,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 2.31. Стандардната девијација е 1.49, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 2.21.

**Табела бр. 74**: Резултати од истражувањето со ученици на тврдењата од 6 до 10

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviation | Variance |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. Училиштето во коешто учам има креирано свој етички кодекс. | 586 | 1.00 | 5.00 | 4.1655 | 1.09462 | 1.198 |
| 7. Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | 586 | 1.00 | 5.00 | 4.2935 | 1.02408 | 1.049 |
| 8. Учениците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | 586 | 1.00 | 5.00 | 3.8003 | 1.10449 | 1.220 |
| 9. Заедно со некои предметни наставници имаме изработено посебен кодекс за однесување на учениците во училницата. | 586 | 1.00 | 5.00 | 3.8993 | 1.29895 | 1.687 |
| 10. Наставниците ни ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година. | 586 | 1.00 | 5.00 | 4.2696 | 1.06490 | 1.134 |
| Valid N (listwise) | 586 | | | | | |

Во табела бр.74 ги презентираме резултатите од истражувањето со ученици врз основа на тврдењата од 6 до 10, каде се забележува дека сите анкетирани ученици, кои вкупно беа 586, го изразија својот став за овие тврдења.

За тврдењето број 6. *Училиштето во коешто учам има креирано свој етички кодекс,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.16. Стандардната девијација е 1.09, а варијансата е 1.198. Бидејќи имаме мала стандардна девијација сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина.

За тврдењето број 7. *Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.29. Стандардната девијација е 1.02, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.05.

За тврдењето број 8. *Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 3.80. Стандардната девијација е 1.10, за која сметаме

дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.22.

За тврдењето број 9. *Заедно со некои предметни наставници имаме изработено посебен кодекс за однесување на учениците во училницата,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 3.90. Стандардната девијација е 1.30, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.69.

За тврдењето број 10. *Наставниците ни ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.27. Стандардната девијација е 1.06, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.13.

**Табела бр. 75**: Резултати од истражувањето со ученици на тврдењата од 11 до 15

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviat. | Variance |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги споредиме. | 586 | 1.00 | 5.00 | 4.0495 | 1.30191 | 1.695 |
| 12. Наставниците од училиштето во коешто учам секогаш ми помагаат кога имам потешкотии во учењето. | 586 | 1.00 | 5.00 | 4.3430 | .99748 | .995 |
| 13. Често останувам за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите. | 586 | 1.00 | 5.00 | 2.9778 | 1.46918 | 2.158 |
| 14. Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача. | 586 | 1.00 | 5.00 | 4.3584 | 1.03176 | 1.065 |
| 15. Наставниците од училиштето во коешто учам ме охрабруваат самостојно да истражувам нови содржини. | 586 | 1.00 | 5.00 | 4.0444 | 1.14791 | 1.318 |
| Valid N (listwise) | 586 | | | | | |

Во табела бр.75 ги презентираме резултатите од истражувањето со ученици врз основа на тврдењата од 11 до 15, каде се гледа дека сите анкетирани ученици, кои вкупно беа 586, го изразија својот став за овие тврдења.

За тврдењето број 11. *Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги споредиме,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.05. Стандардната девијација е 1.30, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. со просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.69 .

За тврдењето број 12. *Наставниците од училиштето во коешто учам секогаш ми помагаат кога имам потешкотии во учењето,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.34. Стандардната девијација е 0.997, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. со мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 0.995.

За тврдењето број 13. *Често останувам за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 2.98. Стандардната девијација е 1.47, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. со просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 2.16 .

За тврдењето број 14. *Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.36. Стандардната девијација е 1.03, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.06.

За тврдењето број 15. *Наставниците од училиштето во коешто учам ме охрабруваат самостојно да истражувам нови содржини,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.04. Стандардната девијација е 1.15, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.32.

**Табела бр. 76**: Резултати од истражувањето со ученици на тврдењата од 16 до 20

| | N | Minimum | Maximum | Mean | Std. Deviat. | Variance |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина. | 586 | 1.00 | 5.00 | 4.3635 | .99707 | .994 |
| 17. Не се плашам кога ќе направам пропуст или грешка во одговорот на некое прашање. | 586 | 1.00 | 5.00 | 3.6809 | 1.32776 | 1.763 |
| 18. Ставовите на наставниците за определени содржини од наставниот материјал ме импресионираат. | 586 | 1.00 | 5.00 | 3.8891 | 1.12150 | 1.258 |
| 19. Учествувам во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.). | 586 | 1.00 | 5.00 | 3.9761 | 1.35978 | 1.849 |
| 20. Членувам во секции што ги водат наставници од моето училиште. | 586 | 1.00 | 5.00 | 3.1109 | 1.52349 | 2.321 |
| Valid N (listwise) | 586 | | | | | |

Во табела бр.76 ги презентираме резултатите од истражувањето со ученици врз основа на тврдењата од 16 до 20, каде се забележува дека сите анкетирани ученици, кои вкупно беа 586, го изразија својот став за овие тврдења.

За тврдењето број 16. *Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 4.36. Стандардната девијација е 0.997, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се блиску до средната вредност, т.е. има мало отстапување од аритметичката средина. а варијансата е 0.99 .

За тврдењето број 17. *Не се плашам кога ќе направам пропуст или грешка во одговорот на некое прашање,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 3.68. Стандардната девијација е 1.32, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.76.

За тврдењето број 18. *Ставовите на наставниците за определени содржини од наставниот материјал ме импресионираат,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 3.89. Стандардната девијација е 1.12, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.26 .

За тврдењето број 19. *Учествувам во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.),* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 3.98. Стандардната девијација е 1.36, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 1.85.

За тврдењето број 20. *Членувам во секции што ги водат наставници од моето училиште,* минималната вредност е 1, максималната вредност е 5, аритметичката средина е 3.11. Стандардната девијација е 1.52, за која сметаме дека сите елементи од групата на податоци се просечно блиску до средната вредност, т.е. има просечно отстапување од аритметичката средина, а варијансата е 2.32.

## 4. Анализа за потврдување или отфрлање на хипотезите

Анализата за потврдување или отфрлање на хипотезите е направена со пресметка на **Pearson Chi – Square,** односно **Хи-квадрат тест ( $\chi^2$),** со помош на статистичката програма SPSS.

Треба да се нагласи уште на почетокот дека хи-квадрат тестот се пресметува само со фрекфенции, така што не е дозволено да се внесат никакви мерни единици во пресметката.

Хи-квадрат тестот е практичен тест што може да биде особено корисен кога сакаме да потврдиме дали некои од добиените (забележаните), односно емпириските фрекфенции (fe) отстапуваат од очекуваните, односно теоретските фреквенции (ft) за одредена хипотеза. Со овој тест може да се испитува дали постои значајна, т.е. сигнификантна поврзаност помеѓу две варијабли и тестот ја покажува веројатноста за нивната поврзаност.

Поврзаноста помеѓу две варијабли е *статистички значајна* ако асимптоматска значајност (двострана), Asymptotic Significance (2-sided) е помала од 0,05.

Значењето често се нарекува "*P* ", скратено од "Probability", значи „веројатност“.

*P* - вредностите („Вредности на веројатност“) се еден од начините да се тестира дали резултатот од истражувањето е статистички значаен.

Ако, *P < 0.05* тогаш доаѓаме до заклучок дека **постои статистички значајна разлика** меѓу одговорите што ги дале наставниците во однос на нивното работно искуство, односно учениците во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година, за конкретно тврдење.

Ако, *P > 0.05* тогаш доаѓаме до заклучок дека **не постои статистички значајна разлика** меѓу одговорите што ги дале наставниците во однос на нивното работно искуство, односно учениците во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година, за конкретно тврдење.

**Табела бр. 77**: Интерпретација на *P* - вредностите

| ***P* - вредностите** | | **Статистички значајност** |
|---|---|---|
| **P ≤ 0.05** | 0.001<br>0.01<br>0.02<br>0.03 | многу значајно / многу сигнификантен |
| | 0,04<br>0,05 | Значајно / сигнификантен |
| **P ≤ .10** | 0.051<br>0.06 | малку значајно / малку сигнификантен<br>(на граница на значењето) |
| | 0.07<br>0.08<br>0.09<br>0.10 | малку значајно / малку сигнификантен<br>(значајно на ниво P ≤ 0.10) |
| **P > 0.10** | 0.11<br>0.2<br>0.3<br>... | незначајно / несигнификантен |

### 4.1. Хипотези за анализирање

**Општа хипотеза**

*Практикувањето на професионални етички стандарди во работењето на наставниците во основните училишта во Р. С. Македонија влијае врз успехот во постигнувањата на учениците.*

Анализата за потврдување или отфрлање на општата хипотеза ја направивме со помош на четири посебни хипотези кои ги разложивме на одреден број на поединечни хипотези и работни хипотези, и тоа како што следува:

**Посебна хипотеза 1**

*Успехот во учењето кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето.*

- Поединечна хипотеза 1.1. *Транспарентноста во оценувањето на постигнувањата на учениците не зависи од работното искуство на наставниците.*

  - Работна хипотеза 1 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека критериумите за оценување на знаењата на учениците ги соопштуваат на почетокот на учебната година, во однос на нивното работно искуство.*

  - Работна хипотеза 2 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека им овозможуваат на учениците прегледаните и*

*оценети тестови да ги разгледаат и меѓусебно да ги споредат, во однос на нивното работно искуство.*

- Поединечна хипотеза 1.2. *Успехот во постигнувањата кај учениците зависи од транспарентноста на критериумите за оценување што ги практикуваат наставниците.*

  \- Работна хипотеза 1 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека критериумите за оценување на знаењата на учениците, наставниците им ги соопштуваат на почетокот на учебната година, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

  \- Работна хипотеза 2 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека наставниците им овозможуваат на учениците прегледаните и оценети тестови да ги разгледаат и меѓусебно да ги споредат, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

- Поединечна хипотеза 1.3. *Ангажманот на наставниците во вонноставните активности на училиштето не зависи од нивното работно искуство.*

  \- Работна хипотеза 1 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека учествуваат во организирање на вонноставни активности за учениците, во однос на нивното работно искуство.*

  \- Работна хипотеза 2 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека подготвуваат содржини и материјали за работа на учениците во секциите, во однос на нивното работно искуство.*

- Поединечна хипотеза 1.4. *Постигнувањата на учениците во вонноставните активности и во секциите не зависат од нивниот успех во учењето.*

  \- Работна хипотеза 1 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека учествуваат во вонноставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.), во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

- Работна хипотеза 2 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека членуваат во секции што ги водат наставниците од нивното училиште, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

**Посебна хипотеза 2**

*Навиките за учење кај учениците зависат од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето.*

- Поединечна хипотеза 2.1. *Помошта што им ја пружаат наставниците на учениците во совладувањето на школските задолженија, не зависи од нивното работно искуство.*

  - Работна хипотеза 1 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека често остануваат за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците)., во однос на нивното работно искуство.*

  - Работна хипотеза 2 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека редовно ги прегледуваат домашните задачи на учениците и дека им даваат повратни информации за сработеното. во однос на нивното работно искуство.*

- Поединечна хипотеза 2.2. *Помошта што ја добиваат учениците од наставниците за совладувањето на школските задолженија, не зависи од нивниот успех во учењето.*

  - Работна хипотеза 1 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека често остануваат за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

  - Работна хипотеза 2 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека наставниците им покажуваат како да ги поправат грешките во домашната задача, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

**Посебна хипотеза 3**

*Мотивацијата за учење кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето.*

- Поединечна хипотеза 3.1. *Мотивирањето на учениците за учење од страна на наставниците не зависи од нивното работно искуство.*

  - Работна хипотеза 1 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека им дозволуваат на учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина, во однос на нивното работно искуство.*

  - Работна хипотеза 2 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека не ги прекоруваат учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажуваат на можни решенија, во однос на нивното работно искуство.*

- Поединечна хипотеза 3.2. *Мотивирањето за учење кај учениците не зависи само од нивниот претходно постигнат успех во учењето.*

  - Работна хипотеза 1 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека со задоволство дискутираат на часовите за она што им е интересно од наставната содржина, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

  - Работна хипотеза 2 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека не се плашат кога ќе направат пропуст или грешка во одговорот на некое прашање, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

**Посебна хипотеза 4**

*Развојот на етичките вредности кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето.*

- Поединечна хипотеза 4.1. *Поттикнувањето на развојот на етички вредности кај учениците од страна на наставниците не зависи од нивното работно искуство.*

- Работна хипотеза 1 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека ги почитуваат и афирмираат правата на децата , во однос на нивното работно искуство*.

- Работна хипотеза 2 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците во врска со тврдењето дека наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности, во однос на нивното работно искуство.*

- Работна хипотеза 3 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека наставниците ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс на училиштето, во однос на нивното работно искуство.*

- Работна хипотеза 4 - *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека учениците ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс на училиштето, во однос на нивното работно искуство.*

- Поединечна хипотеза 4.2. *Поттикнувањето на развојот на етички вредности кај учениците од страна на наставниците не зависи од нивниот претходно постигнат успех во учењето.*

  - Работна хипотеза 1 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека наставниците ги почитуваат и афирмираат правата на децата, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година*.

  - Работна хипотеза 2 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците во врска со тврдењето дека учениците се угледуваат на постапките и однесувањето на нивните наставници, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.*

  - Работна хипотеза 3 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека наставниците ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс на училиштето, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.*

  - Работна хипотеза 4 - *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека учениците ги почитуваат правилата пропишани со*

*етичкиот кодекс на училиштето, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.*

## 4.2. Анализа на посебни хипотези

**Посебна хипотеза 1**

*Успехот во учењето кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето.*

Поединечна хипотеза 1.1. *Транспарентноста во оценувањето на постигнувањата на учениците не зависи од работното искуство на наставниците.*

- Работна хипотеза 1 за поединечната хипотеза 1.1.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека критериумите за оценување на знаењата на учениците ги соопштуваат на почетокот на учебната година, во однос на нивното работно искуство.*

**Табела бр. 78:** Критериумите за оценување ги правам достапни за сите ученици на почетокот на учебната година, во однос на нивното работно искуство

| | | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 0 | 4 | 7 | 24 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 1 | 2 | 12 | 30 | 45 |
| | 21 - 30 год. | 0 | 2 | 6 | 10 | 18 |
| | 31 - 40 год. | 1 | 0 | 1 | 6 | 8 |
| | над 40 год. | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| Total | | 3 | 8 | 26 | 71 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | | Value = 25.118[a] | df = 12 | Asymptotic Sign. (2-sided) = .014 | | |

Во табелата бр. 78 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 25.118; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и *P* = 0.014. Оттука *P* - вредноста е помала од избраното ниво на значење α = 0,05. Бидејќи *P* < 0.05 заклучуваме дека *постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипоитеза 1 за поединечната хипотеза 1.1. *се отфрла*.

- Работна хипотеза 2 за поединечната хипотеза 1.1.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека им овозможуваат на учениците прегледаните и оценети тестови да ги разгледаат и меѓусебно да ги споредат, во однос на нивното работно искуство*.

**Табела бр. 79:** Им овозможувам на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат меѓусебе, во однос на работното искуство

| | | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 0 | 4 | 11 | 20 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 1 | 4 | 13 | 27 | 45 |
| | 21 - 30 год. | 0 | 3 | 4 | 11 | 18 |
| | 31 - 40 год. | 0 | 0 | 1 | 7 | 8 |
| | над 40 год. | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Total | | 1 | 12 | 30 | 65 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 9.382[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .670 | | | |

Во табелата бр. 79 се забележува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 9.382; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и *P* = 0.670. Оттука *P* - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0,05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 2 за поединечната хипотеза 1.1. *се потврдува*.

Следствено на  добиените резултати, заклучуваме дека поединечната хипотеза 1.1. *Транспарентноста во оценувањето на постигнувањата на учениците не зависи од работното искуство на наставниците*, **делумно се потврдува**.

Поединечна хипотеза 1.2. *Успехот во постигнувањата на учениците зависи од транспарентноста на критериумите за оценување што ги практикуваат наставниците.*

- Работна хипотеза 1 за поединечната хипотеза 1.2.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека критериумите за оценување на знаењата на учениците, наставниците им ги соопштуваат на почетокот на учебната година, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

**Табела бр. 80:** Наставниците ни ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година,  во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во минатата учебна година: | одличен | 13 | 27 | 34 | 81 | 227 | 382 |
| | многу добар | 2 | 2 | 24 | 21 | 64 | 113 |
| | добар | 4 | 2 | 8 | 21 | 45 | 80 |
| | доволен | 0 | 0 | 1 | 2 | 8 | 11 |
| Total | | 19 | 31 | 67 | 125 | 344 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 22.364[a] | | df = 12 | | Asymptotic Significance (2-sided) =  .034 | | |

Во табелата бр. 80 е воочливо дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 22.364; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и  *P* = 0.034. Оттука P - вредноста е помала од избраното ниво на значење α = 0,05. Бидејќи *P* < од 0.05 заклучуваме дека *постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 1 за поединечната хипотеза 1.2. *се потврдува***.**

- Работна хипотеза 2 за поединечната хипотеза 1.2.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека наставниците им овозможуваат на учениците прегледаните и оценети тестови да ги разгледаат и меѓусебно да ги споредат, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

**Табела бр. 81:** Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги спoредиме, *во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.*

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во минатата учебна година: | одличен | 37 | 19 | 46 | 82 | 198 | 382 |
| | многу добар | 11 | 1 | 19 | 18 | 64 | 113 |
| | добар | 8 | 3 | 11 | 10 | 48 | 80 |
| | доволен | 0 | 0 | 1 | 0 | 10 | 11 |
| Total | | 56 | 23 | 77 | 110 | 320 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 16.328[a] | | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .177 | | | |

Во табелата бр. 81 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 16.328; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и $P$ = 0. 177. Оттука P - вредноста е поголема од избраното ниво на значење $\alpha = 0.05$. Бидејќи $P >$ од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 2 за поединечната хипотеза 1.2. *се отфрла*.

Следствено на добиените резултати, заклучуваме дека поединечната хипотеза 1.2. *Успехот во постигнувањата кај учениците зависи од транспарентноста на критериумите за оценување што ги практикуваат наставниците*, **делумно се потврдува**.

Поединечна хипотеза 1.3. *Ангажманот на наставниците во вонnаставните активности на училиштето не зависи од нивното работно искуство.*

- Работна хипотеза 1 за поединечната хипотеза 1.3.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека учествуваат во организирање на воннаставни активности за учениците, во однос на нивното работно искуство.*

**Табела бр. 82**: Учествувам во организирање на воннаставни активности за учениците од училиштето во кое работам, во однос на работното искуство

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 0 | 1 | 5 | 6 | 23 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 1 | 1 | 5 | 13 | 25 | 45 |
| | 21 - 30 год. | 0 | 0 | 0 | 6 | 12 | 18 |
| | 31 - 40 год. | 0 | 0 | 1 | 1 | 6 | 8 |
| | над 40 год. | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| Total | | 1 | 3 | 11 | 26 | 67 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | | Value = 24.329[a] | df = 16 | Asymptotic Significance (2-sided) = .083 | | | |

Во табелата бр. 82 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 24.329; степен на слобода за статистичката анализа е df = 16; и $P = 0.083$. Оттука $P$ - вредноста е поголема од избраното ниво на значење $\alpha = 0,05$. Бидејќи $P >$ од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 1 за поединечната хипотеза 1.3. *се потврдува.*

- Работна хипотеза 2 за поединечната хипотеза 1.3.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека подготвуваат содржини и материјали за работа на учениците во секциите, во однос на нивното работно искуство.*

**Табела бр. 83:** Водам ученичка секција и подготвувам содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа, во однос на работното искуство.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 0 | 2 | 8 | 7 | 18 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 1 | 0 | 8 | 12 | 24 | 45 |
| | 21 - 30 год. | 0 | 0 | 0 | 8 | 10 | 18 |
| | 31 - 40 год. | 0 | 1 | 0 | 0 | 7 | 8 |
| | над 40 год. | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 |
| Total | | 1 | 3 | 16 | 29 | 59 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | | Value = 24.535[a] | df = 16 | Asymptotic Significance (2-sided) = .078 | | | |

Во табелата бр. 83 се забележува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 24.535; степен на слобода за статистичката анализа е df = 16; и *P* = 0.078. Оттука *P* - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0,05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 2 за поединечната хипотеза 1.3. *се потврдува.*

Следствено на добиените резултати, заклучуваме дека поединечната хипотеза 1.3. *Ангажманот на наставниците во воннаставните активности на училиштето не зависи од нивното работно искуство*, **се потврдува**.

Поединечна хипотеза 1.4. *Постигнувањата на учениците во воннаставните активности и во секциите не зависат од нивниот успех во учењето.*

- Работна хипотеза 1 за поединечната хипотеза 1.4.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека учествуваат во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.), во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година*.

**Табела бр. 84:** Учествувам во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.), во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во минатата учебна година: | одличен | 30 | 22 | 48 | 60 | 222 | 382 |
| | многу добар | 13 | 9 | 11 | 24 | 56 | 113 |
| | добар | 18 | 4 | 12 | 13 | 33 | 80 |
| | доволен | 0 | 0 | 6 | 0 | 5 | 11 |
| Total | | 61 | 35 | 77 | 97 | 316 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 39.789[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .000 | | | | |

Во табелата бр. 84 се забележува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 39.789; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и P = 0.000 (во овој случај бројот за вредноста на веројатноста - P не е напишан до крај поради големиот број на цифри, т.е. скратен од програмата SPSS). Наместо „P = 0.000“, ја пишуваме математички точната изјава P < 0.001. Ова значи дека *P* - вредноста е помала од избраното ниво на значење α=0,05. Бидејќи *P* < од 0.05 заклучуваме дека *постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 1 за поединечната хипотеза 1.4. *се потврдува*.

- Работна хипотеза 2 за поединечната хипотеза 1.4.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека членуваат во секции што ги водат наставниците од нивното училиште, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

**Табела бр. 85:** Членувам во секции што ги водат наставници од моето училиште, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во минатата учебна година: | одличен | 93 | 44 | 66 | 65 | 114 | 382 |
| | многу добар | 23 | 18 | 31 | 14 | 27 | 113 |
| | добар | 17 | 18 | 17 | 9 | 19 | 80 |
| | доволен | 1 | 4 | 1 | 1 | 4 | 11 |
| Total | | 134 | 84 | 115 | 89 | 164 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 21.199[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .048 | | | | |

Во табелата бр. 85 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 21.199; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и *P* = 0. 048. Оттука P - вредноста е помала од избраното ниво на значење α = 0.05. Бидејќи *P* < од 0.05 заклучуваме дека *постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 2 за поединечната хипотеза 1.4. *се потврдува*.

Следствено на добиените резултати, заклучуваме дека поединечната хипотеза 1.4. *Постигнувањата на учениците во воннаставните активности и во секциите не зависат од нивниот успех во учењето,* **се потврдува**.

**Потврдување на посебна хипотеза 1**

Од четирите поединични хипотези на кои ја разложивме посебната хипотеза 1, две делумно се потврдија и две се потврдија.

Следствено на добиените резултати од анализата за потврдување или отфрлање на поединечните хипотези можеме да заклучиме дека првата посебна хипотеза која гласи: *Успехот во учењето кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето*, **се потврдува.**

**Посебна хипотеза 2**

*Навиките за учење кај учениците зависат од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето.*

Поединечна хипотеза 2.1. *Помошта што им ја пружаат наставниците на учениците во совладувањето на школските задолженија, не зависи од нивното работно искуство.*

➢ Работна хипотеза 1 за поединечната хипотеза 2.1.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека често остануваат за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците), во однос на нивното работно искуство*.

**Табела бр. 86:** Често останувам за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците), во однос на работното искуство.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 1 | 3 | 7 | 5 | 19 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 1 | 3 | 6 | 14 | 21 | 45 |
| | 21 - 30 год. | 0 | 1 | 1 | 9 | 7 | 18 |
| | 31 - 40 год. | 0 | 0 | 0 | 4 | 4 | 8 |
| | над 40 год. | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| Total | | 2 | 8 | 14 | 32 | 52 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 17.484[a] | df = 16 | Asymptotic Significance (2-sided) = .355 | | | | |

Во табелата бр. 86 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 17.484; степен на слобода за статистичката анализа е df = 16; и P = 0.355, што значи дека P - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0,05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 1 за поединечната хипотеза 2.1. *се потврдува*.

➢ Работна хипотеза 2 за поединечната хипотеза 2.1.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека редовно ги прегледуваат домашните задачи на учениците и дека им даваат повратни информации за сработеното во однос на нивното работно искуство*.

**Табела бр. 87:** Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното, во однос на работното искуство.

| не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 1 | 2 | 3 | 29 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 0 | 3 | 12 | 30 | 45 |
| | 21 - 30 год. | 0 | 0 | 6 | 12 | 18 |
| | 31 - 40 год. | 0 | 0 | 0 | 8 | 8 |
| | над 40 год. | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| Total | | 1 | 5 | 21 | 81 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 12.644[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .395 | | | |

Во табелата бр. 87 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 12.644; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и P = 0.395, што значи дека P - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0,05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 2 за поединечната хипотеза 2.1. *се потврдува***.**

Следствено на добиените резултати, заклучуваме дека поединечната хипотеза 2.1. *Помошта што им ја пружаат наставниците на учениците во совладувањето на школските задолженија, не зависи од нивното работно искуство,* **се потврдува**.

Поединечна хипотеза 2.2. *Помошта што ја добиваат учениците од наставниците за совладувањето на школските задолженија, не зависи од нивниот успех во учењето.*

- Работна хипотеза 1 за поединечната хипотеза 2.2.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека често остануваат за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

**Табела бр. 88:** Често останувам за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во | одличен | 100 | 70 | 72 | 66 | 74 | 382 |
| | многу добар | 18 | 11 | 29 | 24 | 31 | 113 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| минатата | добар | 18 | 17 | 14 | 11 | 20 | 80 |
| учебна година: | доволен | 1 | 0 | 6 | 0 | 4 | 11 |
| Total | | 137 | 98 | 121 | 101 | 129 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 27.720[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .006 | | | | |

Во табелата бр. 88 се забележува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 27.720; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и *P* = 0.006. Оттука *P* - вредноста е помала од избраното ниво на значење α = 0, 05. Бидејќи *P* < од 0.05 заклучуваме дека *постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 1 за поединечната хипотеза 2.2. *се потврдува*.

- Работна хипотеза 2 за поединечната хипотеза 2.2.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека наставниците им покажуваат како да ги поправат грешките во домашната задача, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година*.

**Табела бр. 89:** Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во минатата учебна година: | одличен | 11 | 18 | 37 | 69 | 247 | 382 |
| | многу добар | 3 | 3 | 12 | 19 | 76 | 113 |
| | добар | 4 | 3 | 14 | 15 | 44 | 80 |
| | доволен | 0 | 0 | 1 | 1 | 9 | 11 |
| Total | | 18 | 24 | 64 | 104 | 376 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 8.915[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .710 | | | | |

Во табелата бр. 89 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 8.915; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и *P* = 0. 710. Оттука Р - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0,05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 2 за поединечната хипотеза 2.1. *се отфрла.*

Следствено на добиените резултати, заклучуваме дека поединечната хипотеза 2.2. *Помошта што ја добиваат учениците од наставниците за совладувањето на школските задолженија, не зависи од нивниот успех во учењето*, делумно **се потврдува**.

**Потврдување на посебна хипотеза 2**

Од двете поединични хипотези на кои ја разложивме посебната хипотеза 2, една се потврдува и една делумно се потврдува.

Следствено на добиените резултати од анализата за потврдување или отфрлање на поединечните хипотези можеме да заклучиме дека втората посебна хипотеза која гласи: *Навиките за учење кај учениците зависат од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето*, **се потврдува.**

**Посебна хипотеза 3**

*Мотивацијата за учење кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето*.

Поединечна хипотеза 3.1. *Мотивирањето на учениците за учење од страна на наставниците не зависи од нивното работно искуство*.

- Работна хипотеза 1 за поединечната хипотеза 3.1.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека им дозволуваат на учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина, во однос на нивното работно искуство*.

**Табела бр. 90:** Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина, во однос на работното искуство.

| | | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 0 | 5 | 30 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 2 | 9 | 34 | 45 |
| | 21 - 30 год. | 1 | 6 | 11 | 18 |
| | 31 - 40 год. | 0 | 0 | 8 | 8 |
| | над 40 год. | 0 | 0 | 2 | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Total | 3 | 20 | 85 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 8.136[a] | df = 8 | Asymptotic Significance (2-sided) = .420 | |

Во табелата бр. 90 се воочува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 8.136; степен на слобода за статистичката анализа е df = 8; и  P  = 0. 420, што значи дека P - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0.05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 1 за поединечната хипотеза 3.1. *се потврдува.*

- Работна хипотеза 2 за поединечната хипотеза 3.1.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека не ги прекоруваат учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажуваат на можни решенија, во однос на нивното работно искуство*.

**Табела бр. 91:** Не ги прекорувам учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажувам на можни решенија, во однос на работното искуство.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 0 | 2 | 0 | 9 | 24 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 1 | 0 | 2 | 12 | 30 | 45 |
| | 21 - 30 год. | 0 | 0 | 1 | 6 | 11 | 18 |
| | 31 - 40 год. | 0 | 0 | 1 | 2 | 5 | 8 |
| | над 40 год. | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| Total | | 1 | 2 | 4 | 30 | 71 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | | Value = 9.693[a] | df = 16 | Asymptotic Significance (2-sided) = .882 | | | |

Во табелата бр. 91 се забележува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 9.693; степен на слобода за статистичката анализа е df = 16; и  P  = 0. 420, што значи дека P - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0.05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 2 за поединечната хипотеза 3.1. *се потврдува.*

Следствено на добиените резултати, заклучуваме дека поединечната хипотеза 3.1. *Мотивирањето на учениците за учење од страна на наставниците не зависи од нивното работно искуство,* **се потврдува**.

Поединечна хипотеза 3.2. *Мотивирањето за учење кај учениците не зависи само од нивниот претходно постигнат успех во учењето*.

- Работна хипотеза 1 за поединечната хипотеза 3.2.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека со задоволство дискутираат на часовите за она што им е интересно од наставната содржина, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

**Табела бр. 92:** Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во минатата учебна година: | одличен | 6 | 12 | 25 | 85 | 254 | 382 |
| | многу добар | 5 | 4 | 21 | 20 | 63 | 113 |
| | добар | 5 | 6 | 13 | 16 | 40 | 80 |
| | доволен | 0 | 0 | 2 | 0 | 9 | 11 |
| Total | | 16 | 22 | 61 | 121 | 366 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 34.490[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .001 | | | | |

Во табелата бр. 92 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 34.490; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и $P = 0.001$. Оттука $P$ - вредноста е помала од избраното ниво на значење $\alpha = 0.05$. Бидејќи $P <$ од 0.05 заклучуваме дека *постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 1 за поединечната хипотеза 3.2. *се потврдува.*

➢ Работна хипотеза 2 за поединечната хипотеза 3.2.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека не се плашат кога ќе направат пропуст или грешка во одговорот на некое прашање, во однос на нивниот успех постигнат во минатата учебна година.*

**Табела бр. 93:** Не се плашам кога ќе направам пропуст или грешка во одговорот на некое прашање, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во минатата учебна година: | одличен | 36 | 33 | 67 | 105 | 141 | 382 |
| | многу добар | 19 | 11 | 26 | 23 | 34 | 113 |
| | добар | 5 | 9 | 15 | 22 | 29 | 80 |
| | доволен | 2 | 0 | 0 | 0 | 9 | 11 |
| Total | | 62 | 53 | 108 | 150 | 213 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 23.872[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .021 | | | | |

Во табелата бр. 93 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 23.872; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и $P = 0.021$. Оттука Р - вредноста е помала од избраното ниво на значење $\alpha = 0.05$. Бидејќи $P <$ од 0.05 заклучуваме дека *постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 2 за поединечната хипотеза 3.2. *се потврдува.*

Следствено на добиените резултати, заклучуваме дека поединечната хипотеза 3.2. *Мотивирањето за учење кај учениците не зависи само од нивниот претходно постигнат успех во учењето*, **се потврдува**.

**Потврдување на посебна хипотеза 3**

Од двете поединични хипотези на кои ја разложивме посебната хипотеза 3, двете се потврдуваат.

Следствено на добиените резултати од анализата за потврдување или отврлање на поединечните хипотези можеме да заклучиме дека третата посебна хипотеза која гласи: *Мотивацијата за учење кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето*, **се потврдува.**

**Посебна хипотеза 4**

*Развојот на етичките вредности кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето.*

Поединечна хипотеза 4.1. *Поттикнувањето на развојот на етички вредности кај учениците од страна на наставниците не зависи од нивното работно искуство.*

- Работна хипотеза 1 за поединечната хипотеза 4.1.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека ги почитуваат и афирмираат правата на децата, во однос на нивното работно искуство.*

**Табела бр. 94**: Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата, во однос на работното искуство.

| | | целосно не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 0 | 5 | 9 | 21 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 1 | 7 | 12 | 25 | 45 |
| | 21 - 30 год. | 0 | 3 | 6 | 9 | 18 |
| | 31 - 40 год. | 0 | 2 | 1 | 5 | 8 |
| | над 40 год. | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Total | | 1 | 18 | 29 | 60 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | | Value = 5.936[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .919 | | |

Во табелата бр. 94 забележуваме дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 5.936; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и P = 0. 919, што значи дека P - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0.05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 1 за поединечната хипотеза 4.1. *се потврдува*.

- Работна хипотеза 2 за поединечната хипотеза 4.1.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците во врска со тврдењето дека наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности, во однос на нивното работно искуство*.

**Табела бр. 95**: Наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности, во однос на работното искуство.

| | | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 0 | 0 | 7 | 28 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 1 | 5 | 10 | 29 | 45 |
| | 21 - 30 год. | 0 | 1 | 7 | 10 | 18 |
| | 31 - 40 год. | 0 | 0 | 2 | 6 | 8 |
| | над 40 год. | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| Total | | 1 | 6 | 26 | 75 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 10.359[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .585 | | | |

Во табелата бр. 95 е очигледно дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 10.359; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и P = 0.585 што значи дека P - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0,05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 2 за поединечната хипотеза 4.1. *се потврдува.*

- Работна хипотеза 3 за поединечната хипотеза 4.1.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека наставниците ги*

*почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс на училиштето, во однос на нивното работно искуство.*

**Табела бр. 96**: Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс, во однос на работното искуство.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 0 | 2 | 5 | 9 | 19 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 1 | 1 | 8 | 15 | 20 | 45 |
| | 21 - 30 год. | 0 | 0 | 3 | 7 | 8 | 18 |
| | 31 - 40 год. | 0 | 0 | 1 | 2 | 5 | 8 |
| | над 40 год. | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| Total | | 1 | 3 | 17 | 33 | 54 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | | Value = 7.109[a] | df = 16 | Asymptotic Significance (2-sided) = .971 | | | |

Во табелата бр. 96 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 7.109; степен на слобода за статистичката анализа е df = 16; и P = 0. 971, што значи дека P - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0.05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 3 за поединечната хипотеза 4.1. *се потврдува.*

- Работна хипотеза 4 за поединечната хипотеза 4.1.: *Не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале наставниците за тоа дека учениците ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс на училиштето, во однос на нивното работно искуство.*

**Табела бр. 97**: Учениците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс, во однос на работното искуство.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работно искуство: | 0 - 10 год. | 0 | 2 | 11 | 7 | 15 | 35 |
| | 11 - 20 год. | 1 | 2 | 9 | 21 | 12 | 45 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 - 30 год. | 0 | 0 | 5 | 8 | 5 | 18 |
| 31 - 40 год. | 0 | 1 | 1 | 4 | 2 | 8 |
| над 40 год. | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Total | 1 | 5 | 27 | 41 | 34 | 108 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 12.611[a] | df = 16 | Asymptotic Significance (2-sided) = .701 | | | |

Во табелата бр. 97 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 12.611; степен на слобода за статистичката анализа е df = 16; и P = 0. 701, што значи дека P - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0.05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу наставниците од петте категории на работно искуство.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 4 за поединечната хипотеза 4.1. *се потврдува.*

Следствено на добиените резултати, заклучуваме дека поединечната хипотеза 4.1. *Поттикнувањето на развојот на етички вредности кај учениците од страна на наставниците не зависи од нивното работно искуство,* **се потврдува**.

Поединечна хипотеза 4.2. *Поттикнувањето на развојот на етички вредности кај учениците од страна на наставниците не зависи од нивниот претходно постигнат успех во учењето.*

- Работна хипотеза 1 за поединечната хипотеза 4.2.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека наставниците ги почитуваат и афирмираат правата на децата, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.*

**Табела бр. 98:** Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

| | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|
| одличен | 3 | 12 | 38 | 97 | 232 | 382 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во минатата учебна година: | многу добар | 1 | 3 | 17 | 26 | 66 | 113 |
| | добар | 2 | 3 | 17 | 15 | 43 | 80 |
| | доволен | 0 | 1 | 0 | 0 | 10 | 11 |
| Total | | 6 | 19 | 72 | 138 | 351 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 18.683[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .096 | | | | |

Во табелата бр. 98 забележуваме дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 18.683; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и $P = 0.096$. Оттука P - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0.05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 1 за поединечната хипотеза 4.2. *се отфрла.*

- Работна хипотеза 2 за поединечната хипотеза 4.2.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците во врска со тврдењето дека учениците се угледуваат на постапките и однесувањето на нивните наставници, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.*

**Табела бр. 99:** Се угледувам на постапките и однесувањето на моите наставници, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во минатата учебна година: | одличен | 41 | 34 | 84 | 88 | 135 | 382 |
| | многу добар | 12 | 8 | 27 | 29 | 37 | 113 |
| | добар | 18 | 5 | 11 | 15 | 31 | 80 |
| | доволен | 6 | 0 | 1 | 1 | 3 | 11 |
| Total | | 77 | 47 | 123 | 133 | 206 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 29.564[a] | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .003 | | | | |

Во табелата бр. 99 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 29.564; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и $P = 0.003$. Оттука P - вредноста е

помала од избраното ниво на значење α = 0.05. Бидејќи *P* < од 0.05 заклучуваме дека *постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 2 за поединечната хипотеза 4.2. *се потврдува.*

- Работна хипотеза 3 за поединечната хипотеза 4.2.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека наставниците ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс на училиштето, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.*

**Табела бр. 100**: Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во минатата учебна година: | одличен | 12 | 8 | 49 | 92 | 221 | 382 |
| | многу добар | 3 | 2 | 16 | 26 | 66 | 113 |
| | добар | 5 | 4 | 11 | 12 | 48 | 80 |
| | доволен | 1 | 0 | 2 | 2 | 6 | 11 |
| Total | | 21 | 14 | 78 | 132 | 341 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | | Value = 8.806[a] | | df = 12 | Asymptotic Significance (2-sided) = .719 | | |

Во табелата бр. 100 се забележува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 8.806; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и *P* = 0. 719. Оттука Р - вредноста е поголема од избраното ниво на значење α = 0,05. Бидејќи *P* > од 0.05 заклучуваме дека *не постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 3 за поединечната хипотеза 4.2. *се отфрла.*

- Работна хипотеза 4 за поединечната хипотеза 4.2.: *Постои статистички значајна разлика меѓу одговорите што ги дале учениците за тоа дека учениците ги почитуваат*

*правилата пропишани со етичкиот кодекс на училиштето, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.*

**Табела бр. 101**: Учениците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

| | | целосно не се согласувам | не се согласувам | делумно се согласувам | се согласувам | целосно се согласувам | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Успех постигнат во минатата учебна година: | одличен | 14 | 29 | 108 | 114 | 117 | 382 |
| | многу добар | 4 | 3 | 23 | 41 | 42 | 113 |
| | добар | 6 | 7 | 23 | 17 | 27 | 80 |
| | доволен | 2 | 0 | 0 | 2 | 7 | 11 |
| Total | | 26 | 39 | 154 | 174 | 193 | 586 |
| **Pearson Chi - Square** | Value = 25.200[a] | | df = 12 | | Asymptotic Significance (2-sided) = .014 | | |

Во табелата бр. 101 се приметува дека вредноста на Хи – квадрат тестот е 25.200; степен на слобода за статистичката анализа е df = 12; и *P* = 0. 014. Оттука Р - вредноста е помала од избраното ниво на значење α = 0.05. Бидејќи *P* < од 0.05 заклучуваме дека *постои статистички значајна разлика* во однос на наведеното тврдење помеѓу учениците од четирите категории на постигнатиот успех.

Од овде можеме да заклучиме дека работната хипотеза 4 за поединечната хипотеза 4.2. *се потврдува.*

Следствено на добиените резултати, заклучуваме дека поединечната хипотеза 4.2. *Поттикнувањето на развојот на етички вредности кај учениците од страна на наставниците не зависи од нивниот претходно постигнат успех во учењето,* **делумно се потврдува.**

**Потврдување на посебна хипотеза 4**

Од двете поединични хипотези на кои ја разложивме посебната хипотеза 4, една се подврдува и една делумно се потврдува.

Следствено на добиените резултати од анализата за потврдување или отфрлање на поединечните хипотези можеме да заклучиме дека четвртата посебна хипотеза која гласи: *Развојот на етичките вредности кај учениците зависи од практикувањето на етички стандарди во работењето на наставниците во училиштето*, **се потврдува.**

### Заклучок за потврдување или отфрлање на општата хипотеза

Од четирите посебни хипотези на кои ја разложивме општата хипотеза, сите четири се подврдуваат.

Врз основа на добиените резултати од анализата за потврдување или отфрлање на посебните хипотези можеме да заклучиме дека општата хипотеза која гласи: ***Практикувањето на професионални етички стандарди во работењето на наставниците во основните училишта во Р. С. Македонија влијае врз успехот во постигнувањата на учениците,*** **СЕ ПОТВРДУВА**.




| | 0 - 10 год. | 11 - 20 год. | 21 - 30 год. | 31 - 40 год. | над 40 год. |
|---|---|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0% |
| Не се согласувам | 0,00% | 0% | 0,00% | 0,00% | 0% |
| Делумно се согласувам | 2,78% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0% |
| Се согласувам | 8,33% | 16,67% | 6,48% | 0,93% | 0,93% |
| Целосно се согласувам | 21% | 25,00% | 10,18% | 6,48% | 0,93% |

**Графикон бр. 5**: Ставот на наставниците за тврдењето *Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците*, во однос на нивното работно искуство.

Во графикон бр.5 го презентираме ставот на наставниците за тврдењето *Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците*, во однос на нивното работно искуство, каде се забележува дека во сите групи поголем број од наставниците се изразија дека *целосно се согласуваат*, помал број од нив се изразија дека *се согласуваат*, додека наставници со работно искуство над 40 год. се двајца, а во графиконот се забележува дека едниот *целосно се согласува*, а другиот *се согласува* со оваа тврдење. Наставници кои *делумно се согласуват* со ова тврдење се само 2.78 % и тоа се наставници со работно искуство од 0 – 10 год. Спротивен став на ова тврдење нема ниту еден наставник.

Добиениот резултат од наставниците исто така *ја потврдува општата хипотеза.*




| | одличен | многу добар | добар | доволен |
|---|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 1,19% | 1,37% | 0,34% | 0% |
| Не се согласувам | 1,54% | 0,68% | 1,02% | 0,68% |
| Делумно се согласувам | 7,68% | 2,22% | 2,22% | 0,34% |
| Се согласувам | 14,33% | 5,29% | 2,90% | 0,17% |
| Целосно се согласувам | 40,44% | 9,73% | 7,17% | 0,68% |

**Графикон бр. 6**: Ставот на учениците за тврдењето *Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците*, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година.

Во графикон бр.6 го презентираме ставот на учениците за тврдењето *Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците*, во однос на успехот постигнат во минатата учебна година, каде се забележува дека во сите групи поголем број од учениците се изразија дека *целосно се согласуваат*, особено

одличните ученици и тоа 40.44% од нив; помал број од нив се изразија дека *се согласуваат*, каде исто така доминираат одличните ученици и тоа 14.33% од нив; *делумно се согласуваат* 7.68 % од одличните ученици, 2.22 % од учениците со постигнат успех *многу добар* и учениците со постигнат успех *добар,* 0.34% учениците со постигнат успех доволен. Спротивен став на ова тврдење, односно *не се согласуваат* многу малку ученици каде исто така доминираат одличните ученици со 1.54%, додека 0.68% се од учениците со постигнат успех *многу добар* и *доволен*, а 1.02% се ученици со постигнат успех *добар*. Уште помал процент од учениците се изразија дека *целосно не се согласуваат* со ова тврдење.

Добиениот резултат од учениците исто така *ја потврдуваат општата хипотеза.*

### 4.3. Анализа за добиени резултати од вкрстените тврдења

**Општа хипотеза**




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,00% | 2,90% | 2,45% |
| Не се согласувам | 0,00% | 4% | 3,31% |
| Делумно се согласувам | 2,80% | 12,50% | 10,95% |
| Се согласувам | 33,30% | 22,70% | 24,35% |
| Целосно се согласувам | 64% | 58,00% | 58,93% |

**Графикон бр. 7:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците,* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците.*

Во графикон бр. 7 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, и вкупниот резултат на добиените податоци каде се забележува дека: целосно се согласуваат 58.93% ; се согласуваат 24.35%, делумно се согласуваат 10.95% ; не се согласуваат 3.31%; и целосно не се согласуваат 2.45%.

Кумулативниот процент на испитаниците кои мислат дека *Професионалната етика на наставникот / Односот на наставниците кон учениците, влијае врз успехот во постигнувањата на учениците* е 83.28%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став на општата хипотеза е 5.76%. Од овде можеме да заклучиме дека испитаниците *силно ги поддржуваат наведените тврдења.*

**Посебна хипотеза 1**




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,00% | 3,20% | 2,70% |
| Не се согласувам | 2,80% | 5% | 4,90% |
| Делумно се согласувам | 7,40% | 11,40% | 10,80% |
| Се согласувам | 24,10% | 21,30% | 21,80% |
| Целосно се согласувам | 66% | 58,70% | 59,80% |

**Графикон бр. 8:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Критериумите за оценување ги правам достапни за сите ученици на почетокот на учебната година* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Наставниците ни ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година.*

Во графикон бр. 8 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, и вкупниот резултат на добиените податоци. Овде забележуваме дека: целосно не се согласуваат 2.7% ; не се согласуваат 4.9%, делумно се согласуваат 10.8% ; се согласуваат 21.8%; и целосно се согласуваат 59.8%.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 81.6%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења е 7.6%. Од овде можеме да заклучиме дека испитаниците *силно ги подржуваат наведените тврдења.*




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,00% | 9,60% | 8,10% |
| Не се согласувам | 0,90% | 4% | 3,50% |
| Делумно се согласувам | 11,10% | 13,10% | 12,80% |
| Се согласувам | 27,80% | 18,80% | 20,20% |
| Целосно се согласувам | 60% | 54,60% | 55,50% |

**Графикон бр. 9:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Им овозможувам на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги споредиме.*

Во графикон бр. 9 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат се

приметува дека: целосно не се согласуваат 8.10% ; не се согласуваат 3.50%, делумно се согласуваат 12.80% ; се согласуваат 20.20%; и целосно се согласуваат 55.50%.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 75.7%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења е 11.6%. Од овде можеме да заклучиме дека испитаниците *силно ги поддржуваат наведените тврдења*.




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,90% | 10,40% | 8,90% |
| Не се согласувам | 2,80% | 6% | 5,50% |
| Делумно се согласувам | 10,20% | 13,10% | 12,70% |
| Се согласувам | 24,10% | 16,60% | 17,70% |
| Целосно се согласувам | 62% | 53,90% | 55,20% |

**Графикон бр. 10**: Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Учествувам во организирање на воннаставни активности за учениците од училиштето во кое работам*, и ставот на учениците во однос на тврдењето *Учествувам во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.).*

Во графикон бр. 10 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат забележуваме дека: целосно не се согласуваат 8.90% ; не се согласуваат 5.50%, делумно се согласуваат 12.70% ; се согласуваат 17.70%; и целосно се согласуваат 55.20%.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 72.9%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења е 14.4%. Од овде можеме да заклучиме дека поголем број од испитаниците *ги поддржуваат наведените тврдења.*




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,90% | 22,90% | 19,50% |
| Не се согласувам | 2,80% | 14% | 12,50% |
| Делумно се согласувам | 14,80% | 19,60% | 18,90% |
| Се согласувам | 26,90% | 15,20% | 17,00% |
| Целосно се согласувам | 55% | 28,00% | 32,10% |

**Графикон бр. 11:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Водам ученичка секција и подготвувам содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа,* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Членувам во секции што ги водат наставници од моето училиште.*

Во графикон бр. 11 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат се приметува дека: целосно не се согласуваат 19.5% ; не се согласуваат 12.50%, делумно се согласуваат 18.9% ; се согласуваат 17.0%; и целосно се согласуваат 32.1%.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 49.1%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења

е 32.0%. Од овде можеме да заклучиме дека поголем број од испитаниците *ги поддржуваат наведените тврдења.*

**Посебна хипотеза 2**




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 1,90% | 23,40% | 20,00% |
| Не се согласувам | 7,40% | 17% | 15,30% |
| Делумно се согласувам | 13,00% | 20,60% | 19,50% |
| Се согласувам | 29,60% | 17,20% | 19,20% |
| Целосно се согласувам | 48% | 22,00% | 26,10% |

**Графикон бр. 12:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Често останувам за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците),* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Често останувам за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите.*

Во графикон бр. 12 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат забележуваме дека: целосно не се согласуваат 20% ; не се согласуваат 15.3%, делумно се согласуваат 19.5% ; се согласуваат 19.2%; и целосно се согласуваат 26.1%.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 45.3%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења е 35.3%. Од овде можеме да заклучиме дека помал дел од половина на наставниците

останувaат за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците).




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,00% | 3,10% | 2,60% |
| Не се согласувам | 0,90% | 4% | 3,60% |
| Делумно се согласувам | 4,60% | 10,90% | 9,90% |
| Се согласувам | 19,40% | 17,70% | 18,00% |
| Целосно се согласувам | 75% | 64,20% | 65,90% |

**Графикон бр. 13:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното,* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача.*

Во графикон бр. 13 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат се забележува дека: целосно не се согласуваат 2.6 % ; не се согласуваат 3.6 %, делумно се согласуваат 9.9% ; се согласуваат 18.0%; и целосно се согласуваат 65.9 %.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 83.9%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења

е 6.2%. Од овде можеме да заклучиме дека испитаниците *силно ги поддржуваат наведените тврдења.*

**Посебна хипотеза 3**




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,00% | 2,70% | 2,30% |
| Не се согласувам | 0,00% | 4% | 3,20% |
| Делумно се согласувам | 2,80% | 10,40% | 9,20% |
| Се согласувам | 18,50% | 20,60% | 20,30% |
| Целосно се согласувам | 79% | 62,50% | 65,00% |

**Графикон бр. 14:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина*.

Во графикон бр. 14 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат се приметува дека: целосно не се согласуваат 2.3 % ; не се согласуваат 3.2 %, делумно се согласуваат 9.2 % ; се согласуваат 20.3%; и целосно се согласуваат 65 %.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 85.3%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења е 5.5 %. Од овде можеме да заклучиме дека испитаниците *силно ги поддржуваат наведените тврдења.*




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,90% | 10,60% | 9,10% |
| Не се согласувам | 1,90% | 9% | 7,90% |
| Делумно се согласувам | 3,70% | 18,40% | 16,10% |
| Се согласувам | 27,80% | 25,60% | 26,00% |
| Целосно се согласувам | 66% | 36,30% | 41,00% |

**Графикон бр. 15:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Не ги прекорувам учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажувам на можни решенија* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Не се плашам кога ќе направам пропуст или грешка во одговорот на некое прашање.*

Во графикон бр. 15 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат се приметува дека: целосно не се согласуваат 9.1% ; не се согласуваат 7.9 %, делумно се согласуваат 16.1% ; се согласуваат 26 %; и целосно се согласуваат 41 %.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 67%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења е 17%. Од овде можеме да заклучиме дека поголем број од наставниците не ги прекоруваат учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажуваат на можни решенија.

**Посебна хипотеза 4**




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,90% | 1,00% | 1,00% |
| Не се согласувам | 0,00% | 3% | 2,74% |
| Делумно се согласувам | 16,70% | 12,30% | 13,00% |
| Се согласувам | 26,90% | 23,50% | 24,10% |
| Целосно се согласувам | 56% | 59,90% | 59,20% |

**Графикон бр. 16:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата.*

Во графикон бр. 16 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат се забележува дека: целосно не се согласуваат 1 % ; не се согласуваат 2.74 %, делумно се согласуваат 13 % ; се согласуваат 24.1 %; и целосно се согласуваат 59.2 %.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 83.3%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења е 3.74 %. Од овде можеме да заключиме дека испитаниците *силно ги поддржуваат наведените тврдења.*




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,90% | 13,10% | 11,20% |
| Не се согласувам | 0,00% | 8% | 6,80% |
| Делумно се согласувам | 5,60% | 21,00% | 18,60% |
| Се согласувам | 24,10% | 22,70% | 22,90% |
| Целосно се согласувам | 69% | 35,20% | 40,50% |

**Графикон бр. 17:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Се угледувам на постапките и однесувањето на моите наставници.*

Во графикон бр. 17 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат се приметува дека: целосно не се согласуваат 11.2 % ; не се согласуваат 6.8 %, делумно се согласуваат 18.6 % ; се согласуваат 22.9 %; и целосно се согласуваат 40.5 %.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 63.4%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења

е 18 %. Од овде можеме да заклучиме дека наставниците треба да претставуваат пред учениците уште повисоки етички ставови и вредности.




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,90% | 3,60% | 3,20% |
| Не се согласувам | 2,80% | 2% | 2,50% |
| Делумно се согласувам | 15,70% | 13,30% | 13,70% |
| Се согласувам | 30,60% | 22,50% | 23,80% |
| Целосно се согласувам | 50% | 58,20% | 56,90% |

**Графикон бр. 18:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс.*

Во графикон бр. 18 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат се гледа дека: целосно не се согласуваат 3.2 % ; не се согласуваат 2.5 %, делумно се согласуваат 13.7 % ; се согласуваат 23.8 %; и целосно се согласуваат 56.9 %.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 80.7%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења

е 5.7 %. Од овде можеме да заклучиме дека испитаниците *силно ги поддржуваат наведените тврдења.*




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,90% | 4,40% | 3,90% |
| Не се согласувам | 4,60% | 7% | 6,30% |
| Делумно се согласувам | 25,00% | 26,30% | 26,10% |
| Се согласувам | 38,00% | 29,70% | 31,00% |
| Целосно се согласувам | 32% | 32,90% | 32,70% |

**Графикон бр. 19:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Учениците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Учениците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс.*

Во графикон бр. 19 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат се приметува дека: целосно не се согласуваат 3.9 % ; не се согласуваат 6.3 %, делумно се согласуваат 26.1 % ; се согласуваат 31 %; и целосно се согласуваат 32.7 %.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 63.7%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења

е 10.2 %. Од овде можеме да заклучиме дека поголем број од испитаниците *ги поддржуваат наведените тврдења.*




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 34,30% | 30,50% | 31,10% |
| Не се согласувам | 21,30% | 16% | 16,70% |
| Делумно се согласувам | 25,00% | 24,10% | 24,20% |
| Се согласувам | 13,90% | 13,50% | 13,50% |
| Целосно се согласувам | 6% | 16,00% | 14,40% |

**Графикон бр. 20:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Наставниците од училиштето во коешто работам се под влијание на стереотипи и предрасуди* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Наставниците од училиштето во коешто учам се под влијание на стереотипи и предрасуди.*

Во графикон бр. 20 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат се забележува дека: целосно не се согласуваат 31.1 % ; не се согласуваат 16.7 %, делумно се согласуваат 24.2 % ; се согласуваат 13.5 %; и целосно се согласуваат 14.4 %.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 27.9%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења

е 47.8 %. Од овде можеме да заклучиме дека поголем број од испитаниците *не ги поддржуваат наведените тврдења.*




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 1,90% | 3,90% | 3,60% |
| Не се согласувам | 1,90% | 4% | 3,50% |
| Делумно се согласувам | 10,20% | 18,10% | 16,90% |
| Се согласувам | 25,00% | 20,30% | 21,00% |
| Целосно се согласувам | 61% | 53,90% | 55,00% |

**Графикон бр. 21:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Училиштето во коешто работам има креирано свој етички кодекс* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Училиштето во коешто учам има креирано свој етички кодекс.*

Во графикон бр. 21 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат се забележува дека: целосно не се согласуваат 3.6 % ; не се согласуваат 3.5 %, делумно се согласуваат 16.9 % ; се согласуваат 21.0 %; и целосно се согласуваат 55 %.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 76%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења

е 7.1 %. Од овде можеме да заклучиме дека поголем број од испитаниците *ги поддржуваат наведените тврдења.*




| | Наставници | Ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Целосо не се согласувам | 0,00% | 9,20% | 7,80% |
| Не се согласувам | 1,90% | 7% | 6,30% |
| Делумно се согласувам | 4,60% | 13,00% | 11,70% |
| Се согласувам | 28,70% | 25,80% | 26,20% |
| Целосно се согласувам | 65% | 44,90% | 48,00% |

**Графикон бр. 22:** Ставот на наставниците во однос на тврдењето *Заедно со учениците имаме креирано посебен кодекс за однесување во училницата* и ставот на учениците во однос на тврдењето *Заедно со некои предметни наставници имаме изработено посебен кодекс за однесување на учениците во училницата*.

Во графикон бр. 22 се презентираат добиените податоци од перцепциите на наставниците и учениците за дадените вкрстени тврдења, каде во вкупниот резултат согледуваме дека: целосно не се согласуваат 7.8 % ; не се согласуваат 6.3 %, делумно се согласуваат 11.7 % ; се согласуваат 26.2 %; и целосно се согласуваат 48 %.

Кумулативниот процент на испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 74.2%, додека кумулативниот процент на испитаниците кои имаат спротивен став за овие тврдења

е 14.1%. Од овде можеме да заклучиме дека поголем број од испитаниците *ги поддржуваат наведените тврдења.*

| **Табела бр. 102**: Рангирање на вкрстените тврдења според кумулативниот процент од ставот на испитаниците | | Кумулативен процент | |
|---|---|---|---|
| Рангирање | **Тврдења** | Ги поддржуваат | Не ги поддржуваат |
| 1 | Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина. / Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина. | 85.3 | 5.5 |
| 2 | Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното. / Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача. | 83.9 | 6.2 |
| 3 | Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата. / Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата. | 83.3 | 3.74 |
| 4 | Професионалната етика на наставникот влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците. / Односот на наставниците кон учениците влијае врз успехот во постигнувањата на учениците. | 83.28 | 5.75 |
| 5 | Критериумите за оценување ги правам достапни за сите ученици на почетокот на учебната година. / Наставниците ни ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година. | 81.6 | 7.6 |
| 6 | Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. / Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | 80.7 | 5.7 |
| 7 | Училиштето во коешто работам има креирано свој етички кодекс. / Училиштето во коешто учам има креирано свој етички кодекс. | 76.0 | 7.1 |
| 8 | Им овозможувам на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат. / Наставниците ни овозможуваат прегледаните и оценети тестови да ги разгледаме и меѓусебно да ги споредиме. | 75.7 | 11.6 |
| 9 | Заедно со учениците имаме креирано посебен кодекс за однесување во училницата. / Заедно со некои предметни наставници имаме изработено посебен кодекс за однесување на учениците во училницата. | 74.2 | 14.1 |
| 10 | Учествувам во организирање на воннаставни активности за учениците од училиштето во кое работам. / Учествувам во воннаставните активности на училиштето (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.). | 72.9 | 14.4 |
| 11 | Не ги прекорувам учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажувам на можни решенија. / Не се плашам кога ќе направам пропуст или грешка во одговорот на некое прашање. | 67.0 | 17.0 |
| 12 | Учениците од училиштето во коешто работам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. / Учениците од училиштето во коешто учам ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. | 63.7 | 10.2 |
| 13 | Наставникот претставува етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности. / Се угледувам на постапките и однесувањето на моите наставници. | 63.4 | 18.0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | Водам ученичка секција и подготвувам содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа. / Членувам во секции што ги водат наставници од моето училиште. | 49.1 | 32.0 |
| 15 | Често останувам за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците). / Често останувам за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите. | 45.3 | 35.3 |
| 16 | Наставниците од училиштето во коешто работам се под влијание на стереотипи и предрасуди. / Наставниците од училиштето во коешто учам се под влијание на стереотипи и предрасуди. | 27.9 | 47.8 |

Во табела бр. 102 се забележува рангирање на вкрстените тврдења според кумулативниот процент од ставот на испитаниците за дадените тврдења, така што на прво место ги имаме тврдењата со кои најмногу испитаници се согласиле, односно тврдења кои биле најмногу поддржани од испитаниците , а тие се *Дозволувам учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина / Со задоволство дискутирам на часовите за она што ми е интересно од наставната содржина*, поддржани од 85.3 % од вкупниот број на испитаниците. По нив следуваат тврдењата од второто место *Редовно ги прегледувам домашните задачи и им давам на учениците повратни информации за сработеното / Наставниците ми покажуваат како да ги поправам грешките во домашната задача* со 83.9 % ; на трето место се тврдењата *Наставниците од училиштето во коешто работам ги почитуваат и афирмираат правата на децата / Наставниците од училиштето во коешто учам ги почитуваат и афирмираат правата на децата.*

На ист начин се продолжува со рангирање сѐ до последните вкрстени тврдења, кои беа најмалку поддржани од испитаниците, односно тврдења со кои не се согласуваат испитаниците, а тие се: *Наставниците од училиштето во коешто работам се под влијание на стереотипи и предрасуди / Наставниците од училиштето во коешто учам се под влијание на стереотипи и предрасуди.*

## 5. SWOT анализа

По третиот дел на електронскиот Прашалник кој беше составен за Скала на проценка, следуваше четвртиот дел каде ја имавме SWOT анализата, со што целта ни беше да откриеме кои етички вредности се јака страна во работењето на наставниците, и кои

критични точки се слаба страна во работењето на наставниците во Р.С. Македонија, а се клучни за развој на професионалната етика на наставниците, односно го попречуваат развојот на професионалната етика на наставниците.

За оваа цел, од наставниците односно од учениците беше побарано:

1. да изберат 5 етички вредности за кои сметаат дека се јака страна во работењето на наставниците, каде понудени им беа:  чесност, искреност, праведност одговорност, транспарентност, посветеност, комуникативност, почитување,  доверба, емпатија. На наставниците и учениците им се даде можност да го пишуваат и нивното мислење, доколку тоа не било понудено он наша страна.

2. да изберат 5 критични точки за кои сметаат дека се слаба страна во работењето на наставници, каде понудени им беа: избувливост, крутост, строгост, брзоплетост, субјективност, попустливост, нефлексибилност, импулсивност, недоверба, амбициозност. На наставниците и учениците им се даде можност да го пишуваат и нивното мислење, доколку тоа не било понудено од наша страна.

Во продолжение ќе презентираме:

- Добиени резултати од SWOT анализата со наставници;
- Рангирање на етички вредности според добиените резултати од SWOT анализата со наставници;
- Рангирање на критични точки според добиениот реѕултат од SWOT  анализата со наставници;
- Добиени резултати од SWOT анализата со ученици;
- Рангирање на етички вредности според добиените резултати од SWOT анализата со ученици;
- Рангирање на критични точки според добиениот реѕултат од SWOT  анализата со ученици;
- Компарација помеѓу добиените резултати од SWOT анализата со наставници и добиените резултати од SWOT анализата со ученици;
- Вкупно добиени резултати од SWOT анализата со наставници и ученици;
- Рангирање на етичките вредности како јака страна на наставниците, според добиените резултати од SWOT анализата со наставници и ученици и

- Рангирање на критичните точки како слаба страна на наставниците според добиените резултати од SWOT анализата со наставници и ученици.

## 5.1. Добиени реззултати од SWOT анализата со наставници



| | чесност | искрен ост | правед ност | одгово рност | транспа рентнос т | посвете ност | комуни кативно ст | почитув ање | доверб а | емпатиј а |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| да | 53,70% | 61,10% | 71,30% | 80,60% | 27,80% | 62,00% | 53,70% | 59,30% | 36,10% | 13,90% |
| не | 46,30% | 39% | 28,70% | 19,40% | 72,20% | 38,00% | 46,30% | 40,70% | 63,90% | 86,10% |

**Графикон бр. 23:** Добиен резултат од наставниците кои одбрале по пет етички вредности за кои сметаат дека се нивна јака страна во работењето и се клучни за развој на професионалната етика на наставникот.

Во графикон бр. 23 ги презентираме добиените податоци од првата точка на SWOT анализата со наставници, каде од наставниците се бараше да изберат 5 етички вредности за кои сметаат дека се нивна јака страна во работењето.

Во графикон бр. 23, со столбот **Да** го презентираме процентот на наставниците кои ја избраа таа етичка вредност, додека со состолбот **Не** го презентираме процентот на наставниците кои не ја избраа таа етичка вредност.

Пет етички вредности кои најмногу се избрани од наставниците се: одговорност 80.6% , праведност 71. 3 %, посветеност 62 % , искреност 61.1 %, и почитување 59.3 %, додека пет етички вредности кои најмалку се избрани од наставниците се: емпатија 13.9 %, транспарентност 27.8 %, доверба 36. 1 %, комуникативност и чесност се на исто ниво и тоа избрани од 53.7 % .

**Табела бр. 103**: Рангирање на етички вредности според добиениот резултат од SWOT анализата со наставници

| Ранг. | Етички вредности | Избор | Фреквенции | Процент |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Одговорност | **Да** | **87** | **80.6** |
| | | Не | 21 | 19.4 |
| **2** | Праведност | **Да** | **77** | **71.3** |
| | | Не | 31 | 28.7 |
| **3** | Посветеност | **Да** | **67** | **62.0** |
| | | Не | 41 | 38.0 |
| **4** | Искреност | **Да** | **66** | **61.1** |
| | | Не | 42 | 38.9 |
| **5** | Почитување | **Да** | **64** | **59.3** |
| | | Не | 44 | 40.7 |
| **6** | Чесност | **Да** | **58** | **53.7** |
| | | Не | 50 | 46.3 |
| **7** | Комуникативност | **Да** | **58** | **53.7** |
| | | Не | 50 | 46.3 |
| **8** | Доверба | **Да** | **39** | **36.1** |
| | | Не | 69 | 63.9 |
| **9** | Транспарентност | **Да** | **30** | **27.8** |
| | | Не | 78 | 72.2 |
| **10** | Емпатија | **Да** | **15** | **13.9** |
| | | Не | 93 | 86.1 |

Во табела бр. 103 ја презентираме ранг листата на етичките вредности според добиениот резултат од SWOT анализата со наставници, почнувајќи со етичката вредност која е повеќе избрана од наставниците па сè до етичката вредност која е најмалку избрана. Во табелата се забележува дека на прво место е етичката вредност *одговорност* која е избрана од 80. 6 % од вкупниот број на наставници, додека на последно место односно десетата по ред е етичката вредност *емпатија* која е избрана од 13.9 % од вкупниот број на наставници кои беа вклучени во истражувањето.




| | избувливост | крутост | строгост | брзоплетост | субјективност | попустливост | нефлексибилност | импулсивност | недоверба | амбициозност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| да | 20,40% | 17,60% | 43,50% | 37,00% | 25,90% | 42,60% | 13,00% | 38,90% | 29,60% | 40,70% |
| не | 79,60% | 82% | 56,50% | 63,00% | 74,10% | 57,40% | 87,00% | 61,10% | 70,40% | 59,30% |

**Графикон бр. 24:** Добиен резултат од наставниците кои одбрале по пет критични точки за кои сметаат дека се нивна слаба страна во работењето и дека го попречуваат развојот на професионалната етика на наставникот.

Во графикон бр. 24 ги презентираме добиените податоци од втората точка на SWOT анализата со наставници, каде од наставниците се бараше да изберат 5 критични точки за кои сметаат дека се нивна слаба страна во работењето.

Во графикон бр. 24, со столбот **Да** го презентираме процентот на наставниците кои ја избраа таа критична точка, додека состолбот **Не** го презентираме процентот на наставниците кои не ја избраа таа критична точка.

Пет критични точки кои најмногу се избрани од наставниците се: строгост 43.5 %, попустливост 42.6 %, амбициозност 40.7 %, импулсивност 38.9 % и брзоплетост 37 %, додека пет крити чни точки кои најмалку се избрани од наставниците се: нефлексибилност 13 %, крутост17.6 %, избувливост 20.4 % , субјективност 25.9 % и недоверба 29. % .

**Табела бр. 104**: Рангирање на критични точки според добиениот резултат од SWOT анализата со наставници

| Ранг. | Критични точки | Избор | Фреквенции | Процент |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Строгост | **Да** | **47** | **43.5** |
| | | Не | 61 | 56.5 |
| **2** | Попустливост | **Да** | **46** | **42.6** |
| | | Не | 62 | 57.4 |
| **3** | Амбициозност | **Да** | **44** | **40.7** |
| | | Не | 64 | 59.3 |
| **4** | Импулсивност | **Да** | **42** | **38.9** |
| | | Не | 66 | 61.1 |
| **5** | Брзоплетост | **Да** | **40** | **37.0** |
| | | Не | 68 | 63.0 |
| **6** | Недоверба | **Да** | **32** | **29.6** |
| | | Не | 76 | 70.4 |
| **7** | Субјективност | **Да** | **28** | **25.9** |
| | | Не | 80 | 74.1 |
| **8** | Избувливост | **Да** | **22** | **20.4** |
| | | Не | 86 | 79.6 |
| **9** | Крутост | **Да** | **19** | **17.6** |
| | | Не | 89 | 82.4 |
| **10** | Нефлексибилност | **Да** | **14** | **13.0** |
| | | Не | 94 | 87.0 |

Во табела бр. 104 ја презентираме ранг листата на критичните точки според добиениот резултат од SWOT анализата со наставници, почнувајќи со критичната точка која е повеќе избрана од наставниците па сѐ по ред до критичната точка која е најмалку избрана. Од табелата се гледа дека на прво место е критичната точка *строгост* која е избрана од 43.5 % од вкупниот број на наставници, додека на последно место односно десетата по ред е критичната точка *нефлексибилност* која е избрана од 13 % од вкупниот број на наставници кои беа вклучени во истражувањето.

## 5.2. Добиени реззултати од SWOT анализата со ученици




| | чесност | искрено ст | праведн ост | одговор ност | транспа рентнос т | посвете ност | комуник ативнос т | почитув ање | доверба | емпатиј а |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| да | 48,00% | 62,50% | 56,50% | 63,70% | 12,60% | 50,70% | 47,40% | 64,80% | 39,90% | 7,00% |
| не | 52,00% | 38% | 43,50% | 36,30% | 87,40% | 49,30% | 52,60% | 35,20% | 60,10% | 93,00% |

**Графикон бр. 25:** Добиен резултат од учениците кои одбрале по пет етички вредности за кои сметаат дека се јака страна во работењето на нивните наставници.

Во графикон бр. 25 ги презентираме добиените податоци од првата точка на SWOT анализата со ученици, каде од учениците се бараше да изберат 5 етички вредности за кои сметаат дека се јака страна во работењето на нивните наставници.

Во графикон бр. 25, со столбот **Да** го презентираме процентот на учениците кои ја избраа таа етичка вредност, додека со столбот **Не** го презентираме процентот на учениците кои не ја избраа таа етичка вредност.

Пет етички вредности кои најмногу се избрани од учениците се: почитување 64.8 %, одговорност 63.7 %, искреност 62. %, праведност 56.5 % и посветеност 50.7 %, додека пет етички вредности кои најмалку се избрани од учениците се: емпатија 7 %, транспарентност 12.6 %, доверба 39.9 %, комуникативност 47. % и чесност 48 % .

**Табела бр. 105**: Рангирање на етички вредности според добиениот резултат од SWOT анализата со ученици

| Ранг. | Етички вредности | Избор | Фреквенции | Процент |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Почитување | **Да** | **380** | **64.8** |
| | | Не | 206 | 35.2 |
| **2** | Одговорност | **Да** | **373** | **63.7** |
| | | Не | 213 | 36.3 |
| **3** | Искреност | **Да** | **366** | **62.5** |
| | | Не | 220 | 37.5 |
| **4** | Праведност | **Да** | **331** | **56.5** |
| | | Не | 255 | 43.5 |
| **5** | Посветеност | **Да** | **297** | **50.7** |
| | | Не | 289 | 49.3 |
| **6** | Чесност | **Да** | **281** | **48.0** |
| | | Не | 305 | 52.0 |
| **7** | Комуникативност | **Да** | **278** | **47.4** |
| | | Не | 308 | 52.6 |
| **8** | Доверба | **Да** | **234** | **39.9** |
| | | Не | 352 | 60.1 |
| **9** | Транспарентност | **Да** | **74** | **12.6** |
| | | Не | 512 | 87.4 |
| **10** | Емпатија | **Да** | **41** | **7.0** |
| | | Не | 545 | 93.0 |

Во табела бр. 105 ја презентираме ранг листата на етичките вредности според добиениот резултат од SWOT анализата со ученици, почнувајќи со етичката вредност која е повеќе избрана од учениците па со ред до етичката вредност која е најмалку избрана. Во табелата се приметува дека на прво место е етичката вредност *почитување* која е избрана од 64.8 % од вкупниот број на ученици, додека на последно место односно десетата по ред е етичката вредност *емпатија* која е избрана од 7 % од вкупниот број на ученици кои беа вклучени во истражувањето.




| | избувливост | крутост | строгост | брзоплетост | субјективност | попустливост | нефлексибилност | импулсивност | недоверба | амбициозност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| да | 47,30% | 36,20% | 58,20% | 52,20% | 14,30% | 32,10% | 19,50% | 20,50% | 43,00% | 20,50% |
| не | 52,70% | 64% | 41,80% | 47,80% | 85,70% | 67,90% | 80,50% | 79,50% | 57,00% | 79,50% |

**Графикон бр. 26:** Добиен резултат од учениците кои одбрале по пет критични точки за кои сметаат дека се слаба страна во работењето на нивните наставници.

Во графикон бр. 26 ги презентираме добиените податоци од втората точка на SWOT анализата со ученици, каде од нив се бараше да изберат 5 критични точки за кои сметаат дека се слаба страна во работењето на нивните наставници.

Во графикон бр. 26, со столбот **Да** го презентираме процентот на учениците кои ја избраа таа критична точка, додека со столбот **Не** го презентираме процентот на учениците кои не ја избраа таа критична точка.

Пет критични точки кои најмногу се избрани од учениците се: строгост 58.2 %, брзоплетост 52.2 %, избувливост 47.3 %, недоверба 43 %, крутост 36.2 %, додека пет критични точки кои најмалку се избрани од учениците се: субјективност 14.3 % , нефлексибилност 19,5 %, амбициозност и импулсивност се на исто ниво со 20.5 %, и попустливост 32.1 % .

**Табела бр. 106**: Рангирање на критични точки според добиениот резултат од SWOT анализата со ученици

| **Ранг.** | **Критични точки** | **Избор** | **Фреквенции** | **Процент** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Строгост | **Да** | **341** | **58.2** |
| | | Не | 245 | 41.8 |
| **2** | Брзоплетост | **Да** | **306** | **52.2** |
| | | Не | 280 | 47.8 |
| **3** | Избувливост | **Да** | **277** | **47.3** |
| | | Не | 309 | 52.7 |
| **4** | Недоверба | **Да** | **252** | **43.0** |
| | | Не | 334 | 57.0 |
| **5** | Крутост | **Да** | **212** | **36.2** |
| | | Не | 374 | 63.8 |
| **6** | Попустливост | **Да** | **188** | **32.1** |
| | | Не | 398 | 67.9 |
| **7** | Импулсивност | **Да** | **120** | **20.5** |
| | | Не | 466 | 79.5 |
| **8** | Амбициозност | **Да** | **120** | **20.5** |
| | | Не | 466 | 79.5 |
| **9** | Нефлексибилност | **Да** | **114** | **19.5** |
| | | Не | 472 | 80.5 |
| **10** | Субјективност | **Да** | **84** | **14.3** |
| | | Не | 502 | 85.7 |

Во табела бр. 106 ја презентираме ранг листата на критичните точки според добиениот резултат од SWOT анализата со ученици, почнувајќи со критичната точка која е повеќе избрана од учениците па со ред до критичната точка која е најмалку избрана. Во табелата забележуваме дека на прво место е критичната точка *строгост* која е избрана од 58.2 % од вкупниот број на ученици, додека на последно место, односно десетата по ред е критичната точка *субјективност* која е избрана од 14.3 % од вкупниот број на ученици кои беа вклучени во истражувањето.

### 5.3. Компарација помеѓу добиениот резултат од SWOT анализата со наставници и добиениот резултат од SWOT анализата со ученици




| | чесност | искреност | праведност | одговорност | транспарентност | посветеност | комуникативност | почитување | доверба | емпатија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| наставници | 53,70% | 61,10% | 71,30% | 80,60% | 27,80% | 62,00% | 53,70% | 59,30% | 36,10% | 13,90% |
| ученици | 48,00% | 62,50% | 56,50% | 63,70% | 12,60% | 50,70% | 47,40% | 64,80% | 39,90% | 7,00% |

**Графикон бр. 27:** Компарација меѓу етичките вредности избрани од наставниците и етичките вредности избрани од учениците, за кои сметаат дека се јака страна на наставниците во нивното работење.

Во графикон бр. 27 ги презентираме добиените резултати од SWOT анализата со наставници и SWOT анализата со ученици за етичките вредности на наставниците во нивното работење. За секоја етичка вредност го презентираме процентот на избраност од страна на наставниците и процентот на избраност од страна на учениците, според кои следува компарација меѓу нив, и тоа:

- Чесност - повеќе ја избрале наставниците 53.7 %, а помалку учениците 48 %;
- Искреност - повеќе ја избрале учениците 62.50 %, а помалку наставниците 61.1 % , но нема некоја значајна разлика меѓу нив;
- Праведност - повеќе ја избрале наставниците 71.3 %, а помалку учениците 56.5 %;
- Одговорност - повеќе ја избрале наставниците 80.6 %, а помалку учениците 63.7 %;
- Транспарентност - повеќе ја избрале наставниците 27.8 %, а помалку учениците 12.6 %;
- Посветеност - повеќе ја избрале наставниците 62 %, а помалку учениците 50.7 %;
- Комуникативност - повеќе ја избрале наставниците 53.7 %, а помалку учениците 47.4 %;

• Почитување - повеќе ја избрале учениците 64.8 %, а помалку наставниците 59.3 %;

• Доверба - повеќе ја избрале учениците 39.9 %, а помалку наставниците 361 %; и

• Емпатија - повеќе ја избрале наставниците 13.9 %, а помалку учениците 7  %.




| | избувливост | крутост | строгост | брзоплетост | субјективност | попустливост | нефлексибилност | импулсивност | недоверба | амбициозност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| наставници | 20,40% | 17,60% | 43,50% | 37,00% | 25,90% | 42,60% | 13,00% | 38,90% | 29,60% | 40,70% |
| ученици | 47,30% | 36,20% | 58,20% | 52,20% | 14,30% | 32,10% | 19,50% | 20,50% | 43,00% | 20,50% |

**Графикон бр. 28:** Компарација меѓу критичните точки избрани од наставниците и критичните точки избрани од учениците, за кои сметаат дека се слаба страна на наставниците во нивното работење.

Во графикон бр. 28 ги презентираме добиените резултати од SWOT анализата со наставници и SWOT анализата со ученици за критичните точки на наставниците во нивното работење. За секоја критична точка го презентираме процентот на избраност од страна на наставниците и процентот на избраност од страна на учениците, според кои следува компарација меѓу нив, и тоа:

• Избувливост – повеќе ја избрале учениците 47.3  %, а помалку наставниците 20.4 %;

• Крутост – повеќе ја избрале учениците 36.2 %, а помалку наставниците 17.6 %;

• Строгост – повеќе ја избрале учениците 58.2 %, а помалку наставниците 43.5 %;

• Брзоплетост – повеќе ја избрале учениците 52.2 %, а помалку наставниците 37 %;

• Субјективност – повеќе ја избрале наставниците 25.9 %, а помалку учениците 14.3%;

• Попустливост – повеќе ја избрале наставниците 42.6  %, а помалку учениците 32.1  %;

• Нефлексибилност – повеќе ја избрале учениците 19.5  %, а помалку наставниците 13%;

• Импулсивност – повеќе ја избрале наставниците 38.9  %, а помалку учениците 20.5 %;

• Недоверба – повеќе ја избрале учениците 43 %, а помалку наставниците 29.6  %;

• Амбициозност – повеќе ја избрале наставниците 40.7  %, а помалку учениците 20.5  %.

### 5.4. Вкупно добиени резултати од SWOT анализата со наставници и ученици

**Етички вредности - јака страна на наставниците во нивното работење**

**Табела бр. 107**: Вкупно добиени резултати од SWOT анализата со наставници и ученици за етичките вредности во работењето на наставниците

| | | Фреквенции | | | Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | наставници | ученици | вкупно | % |
| Чесност | Да | 58 | 281 | 339 | 48.85 |
| | Не | 50 | 305 | 355 | 51.15 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Искреност | Да | 66 | 366 | 432 | 62.25 |
| | Не | 42 | 220 | 262 | 37.75 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Праведност | Да | 77 | 331 | 408 | 58.79 |
| | Не | 31 | 255 | 286 | 41.21 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Одговорност | Да | 87 | 373 | 460 | 66.28 |
| | Не | 21 | 213 | 234 | 33.72 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Транспарентност | Да | 30 | 74 | 104 | 14.99 |
| | Не | 78 | 512 | 590 | 85.01 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Посветеност | Да | 67 | 297 | 364 | 52.45 |
| | Не | 41 | 289 | 330 | 47.55 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Комуникативност | Да | 58 | 278 | 336 | 48.41 |
| | Не | 50 | 308 | 358 | 41.59 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Почитување | Да | 64 | 380 | 444 | 63.98 |
| | Не | 44 | 206 | 250 | 36.02 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Доверба | Да | 39 | 234 | 273 | 39.34 |
| | Не | 69 | 352 | 421 | 60.66 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Емпатија | Да | 15 | 41 | 56 | 8.07 |
| | Не | 93 | 545 | 638 | 91.93 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |

Во табела бр. 107 ги презентираме добиените резултати од SWOT анализата со наставници и ученици за етичките вредности на наставниците во нивното работење, каде пресметано е вкупен број на фреквенции и процент за секоја етичка вредност.

Според податоците кои се покажани во табела бр. 107, обработен е и графикон бр. 29, кој ни дава јасна слика за етичките вредности на наставниците во нивното работење, во основните училишта во Р.С. Македонија.

**Критични точки – слаба страна на наставниците во нивното работење**

**Табела бр. 108**: Вкупно добиени резултати од SWOT анализата со наставници и ученици за критичните точки во работењето на наставниците

| | | Фреквенции | | | Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | наставници | ученици | вкупно | % |
| Избувливост | Да | 22 | 277 | 299 | 43.08 |
| | Не | 86 | 309 | 395 | 56.92 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Крутост | Да | 19 | 212 | 231 | 33.29 |
| | Не | 89 | 374 | 463 | 66.71 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Строгост | Да | 47 | 341 | 388 | 55.91 |
| | Не | 61 | 245 | 306 | 44.09 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Брзоплетост | Да | 40 | 306 | 346 | 49.86 |
| | Не | 68 | 280 | 348 | 50.14 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Субјективност | Да | 28 | 84 | 112 | 16.14 |
| | Не | 80 | 502 | 582 | 83.86 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Попустливост | Да | 46 | 188 | 234 | 33.72 |
| | Не | 62 | 398 | 460 | 66.28 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Нефлексибилност | Да | 14 | 114 | 128 | 18.44 |
| | Не | 94 | 472 | 566 | 81.56 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Импулсивност | Да | 42 | 120 | 162 | 23.34 |
| | Не | 66 | 466 | 532 | 76.66 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Недоверба | Да | 32 | 252 | 284 | 40.92 |
| | Не | 76 | 334 | 410 | 59.08 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |
| Амбициозност | Да | 44 | 120 | 164 | 23.63 |
| | Не | 64 | 466 | 530 | 76.37 |
| | Total | 108 | 586 | 694 | 100.00 |

Во табела бр. 108 ги презентираме добиените резултати од SWOT анализата со наставници и ученици за критичните точки на наставниците во нивното работење, каде е пресметан вкупен број на фреквенции и процент за секоја критична точка.

Според податоците кои се покажани во табела бр. 108, обработен е и графикон бр. 30, кој ни дава јасна слика за критичните точки на наставниците во нивното работење, во основните училишта во Р.С. Македонија.




**Графикон бр. 29:** Јака страна на наставниците според добиениот резултат од SWOT анализата со наставници и ученици.




**Графикон бр. 30:** Слаба страна на наставниците според добиениот резултат од SWOT аналзата со наставници и ученици

Следствено на добиените резултати од SWOT анализата со наставници и ученици за етичките вредности и критичните точки на наставниците во нивното работење, резултатите кои се забележуваат во графикон бр. 29 и графикон бр. 30, можеме да донесеме заклучок за секоја од нив за нивото на избраноста, со што се одредува и јаката страна, односно слабата страна на наставниците во нивното работење.

От тука, ќе констатираме кои се клучни фактори  за развој на професионалната етика на наставниците, односно кои фактори го попречуваат развојот на професионалната етика на наставниците во основните училишта во Р.С. Македонија.

**Табела бр. 109:** Рангирање на етичките вредности и критичните точки во работењето на наставниците според конечниот резултат од анализата

| **Ранг.** | **Етички вредности** | **%** | **Критични точки** | **%** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Одговорност | 66.28 | Строгост | 55.91 |
| **2** | Почитување | 63.98 | Брзоплетост | 49.68 |
| **3** | Искреност | 62.25 | Избувливост | 43.08 |
| **4** | Праведност | 58.79 | Недоверба | 40.92 |
| **5** | Посветеност | 52.45 | Попустливост | 33.72 |
| **6** | Чесност | 48.85 | Крутост | 33.29 |
| **7** | Комуникативност | 48.41 | Амбициозност | 23.63 |
| **8** | Доверба | 39.34 | Импулсивост | 23.34 |
| **9** | Транспарентност | 14.99 | Нефлексибилност | 18.44 |
| **10** | Емпатија | 8.07 | Субјективност | 16.14 |

Во табела бр. 109 ја презентираме ранг листата на етичките вредности односно критичните точки, според добиениот резултат од SWOT анализата со наставници и ученици. Етичките вредности, односно критичките точки во табела бр. 109 се рангирани според процентот на избраноста од испитаниците, почнувајќи од најизбраната па по ред до најмалку избрана етичка вредност, односно најмалку избрана критична точка на наставниците во нивното работење.

Етичките вредности, како што се забележува во табела бр. 109 рангирани се како што следува: на прво место е *одговорност* со 66.28 %; на второ место е *почитување* со 63.28 %, на трето место е *искреност* со 62.5 %; на четврто место е *праведност* со 58.79 %; на петто место е *посветеност* со 52.45 %; на шесто место е *чесност* со 48.85 %; на седмо место е *комуникативност* со 48.41 %; на осмо место е *доверба* со 39.34 %; на деветто место е *транспарентност* со 14.99 %; и на десетто место и последно е *емпатија* со 8.07 %.

Критичните точки се рангирани како што следува: на прво место е *строгост* со 55.91 %; на второ место е *брзоплетост* со 49.68 %, на трето место е *избувливост* 43.08 %; на четврто место е *недоверба* со 40.92 %; на петто место е *попустливост* со 33.72 %; на шесто место е *крутост* со 33.29 %; на седмо место е *амбициозност* со 26.63 %; на осмо место е *импулсивост* со 23.34 %; на деветто место е *нефлексибилност* со 18.44 %; и на десетто место и последно е *субјективност* со 16.14 %.

# V

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 1. Заклучоци и препораки

Клучен елемент во современите рамки на квалификации е спецификацијата на резултатите од учењето. Резултатите од учењето обично се опишуваат со употреба на активни глаголи кои изразуваат знаење, разбирање, примена, анализа, синтеза, евалуација, итн. Сите овие именки ја опишуваат сферата на когнитивната интелигенција. Од таму, афективните компоненти на учењето, до извесен степен, се запоставени, иако тие можат да бидат драгоцена алатка која може да им помогне на наставниците да ги зајакнат своите компетенции со етички капацитет. Од оваа причина, кога зборуваме за стандардите за компетентност на наставниците, ги земаме предвид чувствата, размислувањата, интеракциите и етичките ставови во образованието. Подобрувањето на квалитетот на образованието значи подобрување на квалитетот на компетенциите на наставниците. Подобрувањето, пак, на квалитетот на компетенциите на наставниците, значи подобрување на човештвото во целина.

Влијанието на емоциите во доменот на образованието, всушност, ја нагласува етичката димензија на наставата и воспитанието. Следствено, најмоќната енергија во училницата е онаа енергија што создава автономен систем на вредности кај учениците. Затоа, сметаме дека емоционалната интелигенција го олеснува разбирањето на ограничувањата на когнитивната интелигенција. Квалификуваните наставници не се само професионалци кои демонстрираат различни форми на знаење, вештини и способности, туку, тие, истовремено, се и емотивни суштества кои се поврзуваат со учениците на различни афективни нивоа. Наставниците, на своите часови, не ги исполнуваат детските умови само со знаење, туку ги исполнуваат и со задоволство и радост. Тие се грижат за своите ученици, можат да бидат повредени, разочарани и тн. Со други зборови кажано, наставниците се движечкиот дух што го импресионира детскиот ум, го поттикнува да размислува, да осознава и да истражува. Затоа, како што истакнуваат експертите, култот на ефикасноста, што беше наметнат во училниците однадвор, поради надворешната евалуација, се појавува како сенка врз наставниот процес којшто има потреба од чувствителен пристап кон умовите и срцата на децата (Gulevska 2015). Современите тенденции за развој на рамката за компетенции на наставниците прават неоправдана маргинализација на дискурсот за значењето на истражувањето на афективниот домен. Иако, идентификувањето на содржините за дескриптори на однесувањата, вредностите и ставовите во образованието е отежнато, сепак, влијанието на овие фактори врз

постигнувањата на учениците мора да се земе предвид. Како клучни индикатори (кои се третираат како валидни за овие компетенции) се наведуваат оние кои предвидуваат примена на етичкиот кодекс. Сепак, според наше мислење, познавањето и примената на етичките кодекси за однесување во образованието не е единственото и најважно нешто за развојот на етичките капацитети на наставниците. Многу поважно е да се поддржуваат напорите на наставниците да ги заштитат учениците од различни штетни влијанија во услови на учење, да се поттикнува нивната посветеност кон вистината и извршувањето на работните задачи со ентузијазам кој гарантира слобода во процесот на учење и кој обезбедува еднаков третман за сите ученици. Во тој контекст, корелацијата помеѓу професионалната етика на наставниците (односно, љубовта со која тие се фокусираат на растот и развојот на децата) и успехот во постигнувањата кај учениците се манифестира како динамичен, интерферентен и моќен процес кој заслужува посебно внимание во истражувањата на креаторите на образовни политики.

По завршувањето на емпириското истражување во овој докторски труд и обработката и анализата на добиените податоци, дојдовме до определени заклучоци кои ќе ги презентираме подолу.

Истражувањето покажа дека, генерално, перцепциите на наставниците и перцепциите на учениците за влијанието на професионалната етика на наставниците врз успехот во постигнувањата на учениците се позитивни, односно, тие сметаат дека професионалната етика на наставниците има висок процент на влијание врз успехот во постигнувањата кај учениците.

Етичкиот кодекс во образовните институции има важна улога во нашето истражување. Го испитавме професионалното однесување на наставниците во изведувањето на наставата и културното и етичко однесување на наставниците на работното место. Најчести етички правила и норми кои се среќаваат во етичките кодекси во основните училишта кои учествуваа во истражувањето, а се однесуваат на наставниците, се: непристрасност, објективност, стручност, навремено и ефикасно изведување на наставата, транспарентност при оценувањето на постигнувањата на учениците, промовирање на високи морални вредности (да не се прави дискриминација по национална, верска, полова, расна и социјална основа), почитување на правата на децата, достапност и

отвореност, почитување на приватноста и дискреција. Во оваа насока, и наставниците и учениците се изјаснија дека основните училишта каде што тие работат, односно учат, имаат креирано свој етички кодекс и дека и едните и другите ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. Анализата на добиените резултати покажа дека, во споредба со наставниците, учениците во понизок степен ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс. Понатаму, наставниците силно се согласија дека заедно со учениците имаат креирано посебен кодекс за однесување во нивната училницата, а тоа го потврдија и учениците кои истакнаа дека заедно со некои предметни наставници имаат изработено посебен кодекс за однесување во училницата, што е, секако, за пофалба.

Во современото општество без педагошкиот морал не е можно да се развива образовен процес во вистинска смисла на зборот. За педагошката дејност применливи се речиси сите основни морални норми, како и одделните норми кои ги одразуваат специфичните црти на педагошките односи. Сепак, како најзначајни педагошки морални норми се издвојуваат педагошката праведност и педагошкиот авторитет. Овие норми најмногу до израз доаѓаат во доменот на оценувањето на постигнувањата на учениците. Праведноста, воопшто, се карактеризира со соодветност на односите меѓу достоинството на луѓето, од една страна, и нивното општествено признание, правата и обврските, од друга страна. Педагошката праведност, пак, има специфични карактеристики и сама по себе претставува своеобразно мерило на објективноста на наставникот во извршувањето на неговите работни задачи.. Воспитаноста, добрината, принципиелноста и човечноста на наставникот се пројавуваат во неговите конкретни постапки спрема учениците. Така, односот на учениците спрема учењето најчесто зависи од педагошката праведност на наставникот (Гулевска, 2016). Тоа значи дека сознанието што го стекнал наставникот за ученикот треба да кореспондира со чувството за правилно поставување на критериумите за вреднување на успехот од неговите постигнувања.

- Со анализата на резултатите од истражувањето на овој докторски труд дојдовме до заклучок дека наставниците силно се изјаснуваат дека критериумите за оценување ги прават достапни за сите ученици на почетокот на учебната година. Со анкетата, пак, спроведена меѓу учениците, добивме резултат кој го потврдува она што го соопштија наставниците, односно, учениците, исто така, силно се изјаснуваат дека нивните

наставнци им ги соопштуваат критериумите за оценување на знаењата на почетокот на учебната година. Понатаму, многу важен момент е и резултатот кој говори дека наставниците силно се изјаснуваат дека им овозможуваат на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат меѓу себе, што е потврдено и од страна на учениците. Транспарентноста во оценувањето на постигнувањата на учениците се поткрепува и со индиректниот резултат, кој се однесува на тврдењето на наставниците дека остануваат за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците), но, за разлика од наставниците, поголем број од анкетираните ученици одговорија дека не остануваат често за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите.

Во наставата, професионалната етика на наставникот игра клучна улога, односно, таа влијае врз стилот на предавање на наставникот и врз успесите и неуспесите на учениците. Токму затоа, секоја етичка пракса во училницата е влијателна и драгоцена. Со истражувањето добивме резултат кој говори дека наставниците и учениците се изразуваат едногласно дека наставниците редовно ги прегледуваат домашните задачи и им даваат на учениците повратни информации за сработеното, односно им покажуваат како да ги поправат грешките во домашната задача. Исто така, наставниците силно се изразија дека им дозволуваат на учениците да дискутираат на часот за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина, додека, пак, учениците силно се изразија дека со задоволство дискутираат на часовите за она што им е интересно од наставната содржина. Понатаму, наставниците силно се изразија дека не ги прекоруваат учениците кога ќе направат пропусти или грешки, туку им укажуваат на можни решенија, па, аналогно на овој резултат, поголем дел од учениците се изразија дека не се плашат кога ќе направат пропуст или грешка во одговорот на некое прашање за време на наставата. Многу значаен е и податокот кој говори дека најголем дел од наставниците кои учествуваа во анкетата се изјасниле дека ги охрабруваат нивните ученици самостојно да истражуват нови содржини. Одговорите на учениците, пак, ја потврдија вистнитоста на исказот на наставниците. Учениците силно се изјаснија дека наставниците од училиштето во коешто учат секогаш им помагаат кога имаат потешкотии во учењето и дека ставовите на наставниците за определени содржини од наставниот материјал ги импресионираат. Овој збир на резултати

покажува дека наставниците во основните училишта се трудат нивните професионални активности да ги сообразат со возраста на учениците, да им пружат поддршка на учениците во учењето и да ги мотивираат слободно и самостојно да размислуваат и да истражуваат.

Социокултурни сфаќања во педагогијата ја нагласуваат улогата и значењето на емоциите во процесот на учењето. Во таа насока, можеме да кажеме дека концепцијата за индивидуализација во наставата, која се потпира врз егзистенцијалистичките филозофски гледишта, има длабока етичка димензија. Сакајќи да го истражиме влијанието на овој педагошки пристап во професионалните активности на наставниците, врз успехот во постигнувањата кај учениците, во анкетниот прашалник за наставници формулиравме неколку прашања, кои се однесуваа на оваа проблематика. Со анализа на одговорите добивме охрабрувачки податоци. Имено, поголем дел од наставниците имаат искуство во креирање на индивидуален наставен план за ученици со послаб успех во учењето и во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици. Околу половина, пак, од наставниците имаат искуство во креирање на посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот.

Во образованието и воспитувањето на децата слободното време претставува педагошки проблем. Развојот на теориите за значењето на слободното време потекнува уште од античка Грција. На пример, Аристотел, во своето дело Политика, наведува дека дури и мирот и благосостојбата се опасни, ако не се користат умерено и благоразумно. Воспитувањето на граѓаните како да го користат слободното време претставува најважно средство за одржување на државниот поредок. Според Аристотел, крајната цел на воспитувањето и образованието треба да биде остварување на најдобар начин на живеење за човечката заедница. Со други зборови, со воспитувањето и образованието треба секој да се оспособи не само да го работи она што е нужно и корисно, туку и да го осознава и цени она што е убаво. Граѓанинот треба да има капацитети да ја оневозможува и спречува тиранската суровост, аристократското славољубие, олигархиската алчност и демократската разузданост. Граѓаните треба морално да се облагородуваат и во својот живот да внесат радост и ведрина (Гулевска, 2016). Слободното време е сложена општествена појава. Педагозите истакнуваат дека слободното време кај децата треба да се осмисли бидејќи претставува важен фактор во процесот на воспитание и образование. Слободното време

треба да биде активен одмор за децата, разонода која ќе овозможува позитивен развој, хуманизација, социјализација и творечка афирмација на детската личност. Во функција на ваквите педагошки теории, училиштата и наставниците организираат вonнаставни активности. Педагошките начела кои се применуваат во користењето на слободното време се: *начело на слобода* (слободен избор на активности за секое дете, според неговите потреби, интереси и можности), *начело на смисленост* (користење на слободното време како организиран одмор или како творештво) и *начело на разновидност* (користење на различни можности за активности во слободното време). На крај, треба да истакнеме дека слободното време ќе биде квалитетно осмислено ако го води образована и едуцирана личност која има желба и ентузијазам да ја работи таа работа. Во оваа насока, најсоодветна личност за осмислување на слободното време на учениците е наставникот. Тој треба да биде лидер на детската дружина, ентузијаст, човек со добра волја, волонтер кој е подготвен да создаде услови, да дизајнира содржини, материјали и активности за осмислено искористување на слободното време на учениците. Вонаставните активности обично се изведуваат преку работа во училишните секции како што се: литературна, ликовна, хорска, спортска, еколошка и други секции. Битна претпоставка за успешноста на вонаставните активности е професионалната етика на наставниците, односно, многу е важно наставникот да сака да работи со одредена заедница на ученици, да им пружа помош во нивните напори за постигнување на одредена цел и секако, учениците да сакаат тој да работи заедно со нив. Една од главните задачи на наставникот во слободните ученички активности е да развива демократски и хумани односи меѓу учениците и да им помага да научат да работат тимски и самостојно.

Поттикнати од ваквите педагошки теории, во нашето истражување инкорпориравме содржини кои ни обезбедија соодветни податоци за анализа на состојбите во нашите основни училишта во однос на ова прашање. Резултатите од истражувањето го покажаа следново: наставниците силно се изразија дека учествуваат во организирање на вонаставни активности (екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.) и дека водат ученички секции и подготвуваат содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во нив. За разлика од наставниците, учениците се изјаснија поинаку. Поголем дел од нив одговорија дека учествуваат во вонаставните активности на училиштето

(екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл.), но, своето учество во секции што ги водат наставници од нивното училиште го потврдија мал број на ученици.

Глобалниот карактер на голем број широко распространети современи проблеми и прашања од областа на образованието, повикуваат на интензивна соработка меѓу нациите. Постојаниот пораст на интеркултурната комуникација во сферата на образованието, претставува рефлексија на напорите на просветните работници да се изнајде разумно решение за новите ситуации во организацијата на човековото живеење. Улогата на воспитно-образовната димензија во овој процес има базична вредност. Училиштето станува место каде што учениците создаваат контакти, комуницираат со своите врсници, доживуваат разни случки и стапуваат во различни видови на меѓучовечки односи, меѓу кои спаѓаат и интеркултурните активности. Значи, училиштето претставува, симболично кажано, работилница во која се усвојуваат ставови и вредности. Важно е младите да се оспособат за размислување во врска со одлуките кои ќе треба да ги донесуваат кога ќе станат возрасни личности. Според тоа, мултикултурните содржини во наставата треба да потикнуваат на дијалог, прилагодување и помирување, како и на заедничко решавање на проблемите.

Во поглед на овој домен од воспитно-образовната дејност, резултатите што ги добивме со нашето истражување котираат мошне високо. Имено, и наставниците и учениците, речиси едногласно, се изјаснија дека во училиштата каде што работат, односно, учат, се почитуваат и афирмираат правата на децата. Исто така, и наставниците и учениците силно се изјаснија дека наставниците во нивните училишта не работат под влијание на стереотипи и предрасуди, т.е. индиректно, дека имаат сензибилитет за мултикултурното образование.

На крај, ќе ги сумираме преостанатите резултати од истражувањето. Помал дел од половина на наставниците, учесници во истражувањето, посетувале обуки за етика и интегритет во наставничката професија. Најголемиот број на наставници се изјаснија дека сметаат оти претставуваат етички модел од којшто учениците усвојуваат ставови и вредности. Исто така, поголем дел од учениците се изјаснија дека се угледуваат на постапките и однесувањето на нивните наставници. Но, на прашањето дали учениците би сакале да бидат наставници кога ќе пораснат, позитивно одговориле помал број на ученици.

Во продолжение, дискусијата за добиените резултати од истражувањето ќе ја презентираме со податоци кои се изразени во проценти.

Преглед на тврдења кои од испитаниците беа подржани со над 70 %:

- Наставниците им дозволуваат на учениците да дискутираат на часовите за она што им оставило посебен впечаток од наставната содржина (85.3 %);
- Наставниците редовно ги прегледуваат домашните задачи и им даваат на учениците повратни информации за сработеното (83.9 %);
- Наставниците ги почитуваат и афирмираат правата на децата (83.3%);
- Професионалната етика на наставниците, односно односот на н аставниците кон учениците, влијае врз успехот во постигнувањата кај учениците (83.28%);
- Критериумите за оценување наставниците ги прават достапни за сите ученици на почетокот на учебната година (81.6 %);
- Наставниците ги почитуваат правилата пропишани со етичкиот кодекс (80.7 %);
- Учениците тврдат дека наставниците им помагаат на учениците кога имаат потешкотии во учењето (80.4 %);
- Основните училишта имаат креирано свој етички кодекс (76 %);
- Наставниците имаат искуство во креирање на индивидуален наставен план за надарени и талентирани ученици (75.9 %);
- Наставниците им овозможуваат на учениците заеднички да ги разгледуваат прегледаните и оценети тестови и да си ги споредуваат меѓу себе (75.7 %);
- Наставниците заедно со учениците имаат креирано посебен кодекс за однесување на учениците во училницата (74.2 %);
- Наставниците учествуваат во организирање на воннаставни активности на училиштето како што се: екскурзии, планинарење, спортски натпревари и сл. (72.9 %); и
- Учениците твр дат дека наставниците ги охрабруваат самостојно да истражуваат нови содржини (72.7 %).

Преглед на тврдења кои од испитаниците беа подржани со помалку од 50 %:

- 81.9 % од нставниците тврдат дека водат ученичка секција и подготвуваат содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа, додека учениците кои тврдат

дека членуваат во секции што ги водат наставниците од нивното училиште се 43.2%. Оттука, кумулативниот процент од испитаниците кои ги подржуваат овие тврдења е 49.1%, така што можеме да заклучиме дека околу половина од наставниците водат ученичка секција и подготвуваат содржини и материјали за работа на учениците што учествуваат во неа;

- Околу половина од наставниците тврдат дека имаат искуство во креирање на посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот (49.1 %);
- Помал дел од половина на наставниците тврдат дека учествувале во обуки за етика и интегритет во наставничката професија (45.4);
- 77.6 % од наставниците тврдат дека често остануваат за консултации во училиштето по завршувањето на работното време (на молба на учениците), додека ученици кои тврдат дека често остануваат за консултации со наставниците во врска со наставата и учењето по завршувањето на часовите е 39.2%. Оттука, кумулативниот процент од испитаниците кои ги поддржуваат овие тврдења е 45.3 %, така што можеме да заклучиме дека помал дел од половина на наставниците остануваат за консултации во училиштето по завршувањето на работното време, на молба на учениците;
- 19.9 % од наставниците и 29.5 % од учениците тврдат дека наставниците од училиштето во коешто работат, односно учат се под влијание на стереотипи и предрасуди, Оттука, кумулативниот процент од испитаниците кои ги подржуваат овие тврдења е 27.9 %, така што можеме да заклучиме дека помал дел од испитаниците мислат дека наставниците се под влијание на стереотипи и предрасуди; и
- Учениците кога ќе пораснат, би сакале да бидаат наставници (22.7 %).

Врз основа на добиените резултати од SWOT анализата спроведена со наставници, дојдовме до следниве заклучоци:

- Пет етички вредности кои беа најмногу бирани од наставниците, за кои тие мислат дека се клучни за развој на нивната професионална етика се следниве: одговорност, праведност, посветеност, искреност, и почитување.
- Пет етички вредности кои најмалку се бирани од наставниците се: емпатија, транспарентност, доверба, комуникативност и чесност.

- Пет критични точки кои најмногу се бирани од наставниците се: строгост, попустливост, амбициозност, импулсивност и брзоплетост.
- Пет критични точки кои најмалку се бирани од наставниците се: нефлексибилност, крутост, избувливост, субјективност и недоверба.

Врз основа на добиените резултати од SWOT анализата спроведена со ученици, дојдовме до следниве заклучоци:

- Пет етички вредности кои најмногу се бирани од учениците, а за кои учениците мислат дека се клучни за развој на професионалната етика на наставниците се: почитување, одговорност, искреност, праведност и посветеност.
- Пет етички вредности кои најмалку се бирани од учениците, а за кои учениците мислат дека се помалку клучни за развој на професионалната етика на наставниците се: емпатија, транспарентност, доверба, комуникативност и чесност.
- Пет критични точки кои најмногу се бирани од учениците, а за кои учениците мислат дека се слабост во професионалната етика на наставниците се: строгост, брзоплетост, избувливост, недоверба и крутост.
- Пет критични точки кои најмалку се бирани од учениците, а за кои учениците мислат дека се помала слабост во професионалната етика на наставниците се: субјективност, нефлексибилност, амбициозност, импулсивност и попустливост.

Врз основа на вкупно добиените резултати од SWOT анализата спроведена со наставници и ученици, дојдовме до следниве заклучоци:

- Пет етички вредности кои се *најјака страна* во работењето на наставниците од основните училишта во РСМ и се клучни за развој на нивната професионална етика се: одговорност, почитување, искреност, праведност и посветеност.
- Пет етички вредности кои се помалку релевантни за развојот на професионалната етика на наставниците се: емпатија, транспарентност, доверба, комуникативност и чесност.
- Пет критични точки кои се *најслаба страна* кај наставниците од основните училишта во РСМ и го попречуваат развојот на нивната професионална етика се: строгост, брзоплетост, избувливост, недоверба и попустливост.

- Пет критични точки кои помалку го попречуваат развојот на професионалната етика на наставниците се: субјективност, нефлексибилност, импулсивост, амбициозност и крутост.

Заклучоците кои ги добивме со анализата на резултатите од спроведеното истражување ни даваат јасна слика за реалните состојби во основните училишта во Р. С. Македонија на планот на професионалната етика на наставниците и нејзиното влијание врз успехот во постигнувањата на учениците. Генерално, истражувањето покажа дека влијанието на овој фактор е многу силно и дека придобивките, односно, последиците од неговото успешно или неуспешно менаџирање во воспитно-образовниот процес ќе има далекусежни последици за развојот на образовниот систем во РСМ.

Следствено на горенаведените заклучоци, на креаторите на образовни политики во нашата земја им ги нудиме следниве препораки:

- Се препорачува практикувањето на етичките стандарди во работењето на наставниците во основните училишта да се популаризира преку соодветни ресурси и од страна на надлежни органи за развој на образовниот систем во РСМ.
- На веб страницата на МОН и БРО да има истакнато *Професионален етички кодекс за наставници*, кој ќе служи како рамка за евалуација на нивното работење во основните училишта. Врз основа на оваа рамка основните училишта ќе можат да креираат свој интерен етички кодекс.
- Секое основно училиште, на својата веб страница и на видливо и соодветно место во просториите на училиштето да има истакнато Професионален етички кодекс за наставниците кои работат во училиштето и за учениците кои учат во училиштето.
- Да се води сметка и грижа за почитување на правилата пропишани со етичкиот кодекс на училиштето и од страна на наставниците, и од страна на учениците.
- Да се организираат обуки за наставниците за етика и интегритет во наставничката професија.
- Да се обучат наставниците како да креираат посебен наставен план за работа со деца со потешкотии во развојот.

- Да се води сметка за реализирање на ученички секции за што треба да се подготвуваат содржини и материјали за работа на учениците кои ќе учествуваат во нив. Училиштата, во соработка со локалната заедница да обезбедат финансиска поддршка на наставниците кои волонтираат и на работењето на секциите.
- Наставниците да остануваат за консултации во училиштето по завршувањето на работното време, ако тоа се бара од учениците и е потребно за нивниот успех во постигнувањата. Да одредат ден и време во текот на неделата за консултации за ученици.
- Наставниците да ги зајакнат своите компетенции со етички капацитети како што се: емпатија, транспарентност, доверба, комуникативност и чесност. Овие етички вредности треба да бидат јака страна на наставниците.
- Наставниците да се контролираат себеси и да менаџираат со критичните точки, како што се: строгост, брзоплетост, избувливост, недоверба и попустливост, бидејќи овие критични точки се нивна слаба страна во работењето и го попречуваат развојот на професионалната етика.

Имајќи го предвид сето погоре кажано, можеме да заклучиме дека современите креатори на образовни политики треба да се фокусираат и на оние димензии од воспитно-образовната дејност кои не се сместени под чадорот на „ефикасноста“, „рационалноста“ и „техничката писменост“. Ревитализацијата на воспитната компонента во наставата, како и негувањето на ставови и вредности кај учениците, како што видовме, претставуваат значаен фактор кој влијае врз успехот во постигнувањата на учениците. Оттаму, промените на воспитно-образовниот систем во РСМ, во оваа насока, треба да бидат бројни, нагласени и долгорочни.

## КОРИСТЕНА ЛТЕРАТУРА


1. Ago, A. (2013). Etika e sjelljes (PowerPoint slides). Преземено од: https://www.slideshare.net/anidaago/etika-e-sjelljes
2. Ahmad, M. (2008). *Comprehensive Dictionary of Education*. New Delhi: Atlantic Publishers & Distributors (P) LTD. Преземено од:

https://books.google.mk/books?id=cV55fXoLFgQC&pg=PP8&dq=Comprehensive+Dictionary+of+Education,+Atlantic+Publishers+%26+Dist,+New+Delhi,+2008,&hl=en&sa=X&ved=2ahUKEwiwxaOp1JnwAhVw_7sIHZfxBm8Q6AEwAHoECAIQAg#v=onepage&q=Comprehensive%20Dictionary%20of%20Education%2C%20Atlantic%20Publishers%20%26%20Dist%2C%20New%20Delhi%2C%202008%2C&f=false

3. Aliu, S. (2009). Edukata morale. *Pedagogjia: Blogu i parë i pedagogjisë në gjuhën shqipe.* Преземено од: https://pedagogjia.wordpress.com/about/edukata-morale/
4. Ангелоска Галевска, Н. (2016), *Методологија на педагошките истражувања*, Скопје:УКИМ, Филозофски факултет.
5. Arellänö, K. J. (2015). Code of Ethics for Teaching Profession (PowerPoint slides). Преземено од: https://www.slideshare.net/krizkyn/code-of-ethics-for-teaching-profession
6. Bandura, A. (1997). *Self-Efficacy: The Exercise of Control*. Broadway: Worth Publishers.
7. Barrow, R. (2010). *Plato: Utilitarianism and Education*. New York: Routledge.
8. Bejczy, I. P. & Bejczy, I. (2011). *The Cardinal Virtues in the Middle Ages: A Study in Moral Thought from the Fourth to the Fourteenth Century*. Amsterdam: BRILL.
9. Bergman, R. (2004). Identity as Motivation: Toward a Theory of the Moral Self. In D. K. Lapsley & D. Narvaez (Eds.), *Moral Development, Self, and Identity* (pp. 21-46).

   Преземено од: https://books.google.mk/books?hl=en&lr=&id=q054AgAAQBAJ&oi=fnd&pg=PA21&dq=bergman+identity+as+motivation&ots=ehuwj7Z7lD&sig=uU-OZuF0RITEXPX4sqpsnYdPpqA&redir_esc=y#v=onepage&q=bergman%20identity%20as%20motivation&f=false
10. Bergmark, U. (2009). *Doctoral Thesis: Building an Ethical Learning Community in Schools.* Luleå, Sweden: Luleå University of Technology, Department of Education. Преземено од: https://www.diva-portal.org/smash/get/diva2:989909/FULLTEXT01.pdf
11. Britannica, The Editors of Encyclopaedia. *Qarawīyīn, mosque and university, Fès, Morocco*. *Encyclopaedia Britannica*. Преземено од: https://www.britannica.com/topic/Qarawiyin
12. Борота - Поповска, М. (2004). *Деловна етика*, Скопје: Де Гама.
13. Bouchrika, I. (2020). *What Is the Oldest University in the World*?

Преземено од: https://www.guide2research.com/research/oldest-university-in-the-world

14. Симоновска, С. & Скаловски, Д. (2012). *Етиката и родот (прирачник)*. Скопје: Филозофски факултет.
15. Cortes, A. G. (2012). Code of ethics for professional teachers copy (PowerPoint slides). Преземено од: https://www.slideshare.net/gemz74/code-of-ethics-for-professional-teachers-copy
16. Dange, J. K. (2014). Code of Ethics for Professional Teachers (PowerPoint slides). Преземено од: https://www.slideshare.net/jkdange/professional-ethics-36780698
17. Delors, J. (1995). *Learning: the Treasure within*. Report to UNESCO of the International Commission on Education for the Twenty-first Century.
18. Dembo, M. H. (2004). *Motivation and Learning Strategies for College Success: A Self-management Approach*. New Jersey: Lawrence erlbaum associates. Преземено од: https://books.google.mk/books?id=liORAgAAQBAJ&pg=PT4&dq=Dembo,+Myron+H.,+Motivation+and+Learning+Strategies+for+College+Success:+A+Self-management+Approach,+Lawrence+erlbaum+associates,+Mahwah,+New+Jersey&hl=en&sa=X&ved=2ahUKEwjw9v6RxZnwAhUAhf0HHYSqBFcQ6AEwAHoECAQQAg#v=onepage&q=Dembo%2C%20Myron%20H.%2C%20Motivation%20and%20Learning%20Strategies%20for%20College%20Success%3A%20A%20Self-management%20Approach%2C%20Lawrence%20erlbaum%20associates%2C%20Mahwah%2C%20New%20Jersey&f=false
19. Донев, Д. (2011). *Етика во новинарството*. Скопје: УКИМ.
20. Донев, Д. (2018). *Вовед во етика*. Скопје: УКИМ.
21. Донев, Д. (2019). *Прирачник за етика*. Скопје: УКИМ.
22. EduNova. (2019). *Student Achievement*. Преземено од: http://www.edu-nova.com/articles/student-achievement/
23. Epidemiol, E. J. (2016). Statistical tests, P values, confidence intervals, and power: a guide to misinterpretations. *Springer: European Journal of Epidemiology*, 31, 337–350. doi: 10.1007/s10654-016-0149-3. Преземено од: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC4877414/#Sec12title

24. Forster, D. J. (2019). Teaching Through Ethical Tensions: Between Social Justice, Authority and Professional Codes. In R. S. Webster & R. D. Whelen, *Rethinking Reflection and Ethics for Teachers*. Basingstoke: Springer Nature.
25. Global Academy Jobs. *The world's first university was founded by a woman.* Преземено од: https://blog.globalacademyjobs.com/the-worlds-first-university-was-founded-by-a-woman/
26. Guinness World Records.*Oldest higher-learning institution, oldest university*. Преземено од: https://www.guinnessworldrecords.com/world-records/oldest-university
27. Гулевска, В. (2010). *Образовна етика* (материјали за интерна употреба). Битола: Педагошки факултет.
28. Гулевска, В. (2012). Балансирање помеѓу системите на вредности и модерната образовна политика. *Учител, 4,* 121-126.
29. Gulevska, V. (2013). Ethics in Macedonian Educational Curricula: Conference: Teaching and Learning: the Quality of the Educational Process. Užice, (1), 111-120. Преземено од: (PDF) Ethics in Macedonian Educational Curricula (researchgate.net)
30. Гулевска, В. (2015). Јакнење на интеркултурните компетенции на наставниците: етички основи. Кај В. Гулевска и другите (уредници), *Интеркултурните компетенции и нивното влијание во образовниот систем: Теориски и практични погледи за примена на меѓуетничката интеграција во наставничките факултети*. Скопје: УСАИД / Македонски центар за граѓанско образование.
31. Gulevska, V. (2015). Enhancing Teacher Competencies with Emotional and Ethical Capacity, in M. Szyszka, L. Tomczyk, V. Gulewska, D. Petrovski (Eds.), *Modern Social and Educational Challenges and Phenomena: Polish and Macedonian Perspectives*, Cracow – Bitola: Pedagogical University of Cracow and "St. Kliment Ohridski" University - Bitola, 261-270.
32. Gjoka, F. (2014). *Etika dhe komunikimi, garanci suksesi në mësuesi.* Преземено од: http://www.arkivalajmeve.com/ETIKA-DHE-KOMUNIKIMI-GARANCI-SUKSESI-NE-MESUESI.1047517943/
33. Gjyqi i Nyrëmbergut. (2019, 28 Јуни). *Morali në Islam wiki*. Преземено од: https://sq.wikipedia.org/wiki/Morali_n%C3%AB_Islam
34. Hand, M. (2018). *A Theory of Moral Education*. New York: Routledge.

35. Hill, C. (2019). *3 ways to maintain your professional integrity as a teacher*. Преземено од: https://ukedchat.com/2019/03/15/integrity-teacher/
36. Kadriu, L. L. (2016). *Komunikimi midis mësimdhënësve dhe nxënësve në shkollë*. Tetovë: Çabej.
37. Kalayci, Ş. (Redaktor). (2015). *Teknikat Statistikore me Shumë Ndryshore me Aplikim në SPSS* (K. Hameli, Përkthyes). Botimi i Gjashtë 2014. ResearchGate. Преземено од: https://www.researchgate.net/publication/319493569
38. Kohlberg, L. (1981). *The Philosophy of Moral Development: Moral Stages and the Idea of Justice*. San Francisco: Harper & Row.
39. Kraja, M. (2008). *Pedagogji e zbatuar:Edhe disa specifika të shkollave private.* Tiranë: Geer.
40. Kraja, M. (2012). *Personaliteti i mësuesit dhe pedagogut, etika profesionale e tyre*. Tiranë: Vllamasi.
41. Langlands, R (2018). *Exemplary Ethics in Ancient Rome*. Cambridge: Cambridge University Press.
42. Lattanzi - Licht, M. E. (1996). Helping Families with Adolescents Cope Loss. In C. Corr & D. Balk (Eds.), *Handbook of Adolescents Death and Bereavement*, New York: Springer.
43. Laura, T. (Updated 2021). *10 Of The Oldest Universities In The World*. Преземено од: https://www.topuniversities.com/blog/10-oldest-universities-world
44. Lines, D. A & Ebbersmeyer, S. (2013). Rethinking Virtue, Reforming Society: New Directions in Renaissance Ethics, C.1350-C.1650. London: ISD.
45. Лисман, К. Д. (2013). *Воведување на етиката во наставната програма на универзитетите: теорија и пракса*. Скопје: Арс Ламина.
46. Loreto, W. M. (2017). *Etika në sistemin arsimor shqiptar (Raport i studimit)*. Tiranë: Mirgeeralb. Преземено од: https://www.albaniahope.com/wp-content/uploads/2019/04/Raport-Studimin-%E2%80%9CEtika-n%C3%AB-Sistemin-Arsimor-n%C3%AB-Shqip%C3%ABri%E2%80%9D.pdf
47. Mandel, S. (2008). *The Parent-Teacher Partnership: How to Work Together for Student Achievement*. Chicago: Zephyr Press.

48. Matthews, B. & Ross, L. (2010). *Metodat e hulumtimit: Udhëzues praktik për shkencat sociale dhe humane*. Tiranë: Qendra për Arsim Demokratik (CDE).
49. Math is fun, Advanced. *Normal Distribution.* Преземено од: https://www.mathsisfun.com/data/standard-normal-distribution.html
50. Maxwell, B. & Schwimmer, M. (2016). Professional ethics education for future teachers: A narrative review of the scholarly writings. *Journal of Moral Education* 45(3), 354-371. DOI:10.1080/03057240.2016.1204271. Преземено од: https://www.researchgate.net/publication/305805786_Professional_ethics_education_for_future_teachers_A_narrative_review_of_the_scholarly_writings
51. Миовска-Спасева, С. (2010). *Историја на педагошките идеи: прирачник за интерна употреба*. Скопје: Филозофски факултет.
52. Ministry of Education, Guyana. *Ethics in the Teaching Profession.*Преземено од: https://education.gov.gy/web/index.php/teachers/tips-for-teaching/item/2760-ethics-in-the-teaching-profession
53. Ministry of Education, Guyana. *Code of Conduct for Teachers.* Преземено од: https://www.education.gov.gy/web/index.php/policies/discipline-of-teachers/item/523-code-of-conduct-for-teachers
54. Ministry of Education, Guyana. *Professional Code of Ethics for Teachers.* Преземено од: https://education.gov.gy/web/index.php/teachers/tips-for-teaching/item/2738-professional-code-of-ethics-for-teachers
55. Mohanty, P. S. (2012). Professional Ethics for Teachers (PowerPoint slides). Преземено од: https://www.slideshare.net/sankarprasadmohanty/professional-ethics-for-teachers
56. Moore, G. E. (2018). *Principia Ethica*. Seattle: Amazon Publishing.
57. Murati, Xh. (1998). *Metodologjia e kërkimit shkencor pedagogjik.* Tetovë: AZA – Sesoft
58. Murati, Xh. (2001). *Shkollat fillore: problemet dhe organizimi*. Shkup: Vatra.
59. Murati, Xh. (2002). *Didaktika: Matodologjia e mësimdhënies.* Tetovë: ÇABEJ.
60. Murati, Xh. (2003). *Metodologjia e krijimit të punimit shkencor.* Tetovë: ÇABEJ.
61. Murati, Xh. (2004). *Pedagogjia e përgjithshme*. Shkup: Logos-A.
62. Murati, Xh. (2013). *Didaktika e suksesit*. Tetovë: Luma grafik.
63. Mužić, V. (1982). *Metodologija pedagoškog istraživanja*. Sarajevo: Svijetlost.

64. Mužić, V. (1999). *Uvod u metodologiju istraživanja odgoja i obrazovanja.*. Zagreb: Educa.
65. My Accounting Course. Accounting Dictionary. *What are Ethical Standards*? Преземено од: https://www.myaccountingcourse.com/accounting-dictionary/ethical-standards
66. NASP-National Association of School Psychologists. (2010). *Principles for Professional Ethics*. Bethesda. Преземено од: file:///C:/Users/veNom/AppData/Local/Temp/1_%20Ethical%20Principles.pdf
67. Наставна програма по Етика за VII одделение, Програма за основно воспитание и образование (2009), *Биро за развој на образование*. Преземено од: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa_-Etika-_VII_odd-mkd.pdf
68. Наставна програма по Етика во релиите за VI одделение, Програма за основно воспитание и образование (2010), *Биро за развој на образование*. Преземено од: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa_-Etika_vo_religiite-VI_odd.pdf
69. Николоска, М. (1998).Теоријата на морален развој на Џ. Рест. *Просветно дело: Списание за педагошки прашања*,1998 (2), 77-81. ISSN 0350-6711.
70. Нирнбершки процес. (2019, 24 Јуни). *Етика wiki*. Преземено од: https://mk.wikipedia.org/wiki/Етика
71. Нирнбершки процес. (2021, 04 April). *Стандардно отстапување wiki*. Преземено од: https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A1%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%B4%D0%BD%D0%BE_%D0%BE%D1%82%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5
72. Nuremberg trials, (2020, March 04 ). *University of al-Qarawiyyin wiki*. Преземено од: https://en.wikipedia.org/wiki/University_of_al-Qarawiyyin
73. Nuzzi, R. J. & Narvaez, D. (2007). *Moral Education: A Handbook*. Westport: Greenwood Publishing Group.
74. OAJ, The Trade Union of Education in Finland. Education. Ethical principles of teaching. *Teacher's values and ethical principles*. Преземено од:

https://www.oaj.fi/en/education/ethical-principles-of-teaching/teachers-values-and-ethical-principles/#teachers-and-stakeholders

75. Ontario College of Teachers. Public protection. Professional Standards. *Ethical Standards*. Преземено од: https://www.oct.ca/public/professional-standards/ethical-standards
76. Oswald, G. (3[d] ed. 2017). Fifteen Oldest University Libraries in the World. In, *Library World Records*. North Carolina: Mc Farland & Company. Преземено од: https://books.google.mk/books?id=_ZAwDwAAQBAJ&pg=PA75&dq=Qarawiyin+University&hl=sq&sa=X&ved=2ahUKEwiRhL3WydnwAhXVgP0HHWUjCFkQ6AEwBXoECAcQAg#v=onepage&q=Qarawiyin%20University&f=false
77. Papa, K. (2015). Etika e punës në institucionet publike: Krahasim me ato jo-publike. (PowerPoint slides). Преземено од: https://www.slideshare.net/KristianaPapa/etika-e-punes
78. Pettijohn, T.F. (1996). *Psikologjia: Një hyrje koncize*. (Fondacioni SOROS: Karaj, Th., Panolli, J. & Tamo, A., Përkthyes). Botimi II. Tranë: LILO.
79. Поповска, Ј. (2018). Аристотеловиот концепт φρόνησις и етичкото воспитание и образование. *Годишен зборник*. Скопје: Филозофски факултет.
80. Поповска Налевска, Г. & Поповски, Ф. (2019). *Професионална и педагошка етика на наставниците*. Преземено од: https://www.researchgate.net/publication/333579149_PROFESSIONAL_AND_PEDAGOGICAL_ETHICS_OF_TEACHERS_PROFESIONALNA_I_PEDAGOSKA_ETIKA_NA_NASTAVNICITE
81. Поповска Налевска, Г. (2020). Развој на етичката педагошка мисла: Од минатото до денес. *Единаесета меѓународна научна конференција, Меѓународен дијалог: исток-запад*. 37.015.31:17(091). 31-36. Преземено од: https://www.researchgate.net/publication/342360496_Development_of_ethical_pedagogical_though_from_the_past_to_today
82. Poisson, M. (2014, May 26). Teacher's Professioanal Code of Conduct (PowerPoint slides). Преземено од: https://www.slideshare.net/CIEAzerbaijan/teachers-professional-code-of-conduct-aze
83. Portali shkollor Albas. *Kodi etikës: Etika e mësuesit, parime të kodit që përmirësojnë punën në shkolla dhe ngrenë figurën e mësuesit* **.** Преземено од:

https://www.portalishkollor.al/news/etika-e-mesuesit-parime-te-kodit-qe-permiresojne-punen-ne-shkolla-dhe-ngrene-figuren-e-mesuesit

84. *Professional ethics for the teaching profession: Basic values of the teaching profession, Ethical responsibility of the teaching profession*. Преземено од: https://skoleneslandsforbund.no/wp-content/uploads/2015/02/Profesjonsetisk_plattform_engelsk.pdf
85. Ramadani, R.B. (2014). *Etika e mësimdhënies*. Преземено од: http://www.mediaelire.net/lajm/1540/etika-e-mesimdhenies/
86. Sadovnik, A. R. (2010). *Theory and Research in the Sociology of Education*. New York: A Critical Reader.
87. Sallmani, A. & Selmani T. A. (2019). Education and Pedagogical Ethics in School. *EDUCATION: Journal of Educational Research*, 1(1-2), 26-31.
88. Sanford, D. R. (2020). *The Rowman & Littlefield Guide for Peer Tutors*. Lanham: Rowman & Littlefield.

89. Stojiljković, S. (2000). Moralni razvoj i moralno vaspitanje celovite osobe. *Beograd: Zbornik Instituta za pedagoska istrazivanja*, XXXII (32), 43-65. Преземено од: https://www.researchgate.net/publication/272493888_MORALNI_RAZVOJ_I_MORALNO_VASPITANJE_CELOVITE_OSOBE
90. Surbhi, S. (2017, July 15). *Difference Between Ethics and Values. Key differences*. Преземено од: https://keydifferences.com/difference-between-ethics-and-values.html
91. Surbhi, S. (2017, October 28). *Difference Between Attitude and Behavior. Key differences*. Преземено од: https://keydifferences.com/difference-between-attitude-and-behavior.html
92. Surbhi, S. (2018, July 26). *Difference Between Morals and Ethics. Key differences*. Преземено од: https://keydifferences.com/difference-between-morals-and-ethics.html
93. Sharma, H. L. & Sharma, L. (2013). Professional Ethics and Teacher Education: A Critique.*The Educand: Journal of Humanities and Social Sciences*, 3(1), 159-161. Преземено од:

https://www.researchgate.net/publication/323393056_Professional_Ethics_and_Teacher_Education_A_Critique

94. Shivangi, Z. *Moral Development in Children: Psychology*. Psychology discussion. Преземено од: https://www.psychologydiscussion.net/psychology/moral-development/moral-development-in-children-psychology/2441

95. Shobha, B.G. (2020). Professional Ethics and Issues in Teaching Profession OPEN ACCESS *Shanlax International Journal of Arts Science and Humanities*, 7(2),159-161. Преземено од: https://www.researchgate.net/publication/345178401_Professional_Ethics_and_Issues_in_Teaching_Profession_OPEN_ACCESS

96. Шотарова, Б. & Ѓеоргиевска, Т. (2010). *Запознавање со религиите (за петто одделение).* Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.

97. Шуклев Б. & Дракулевски Љ. (2001). *Стратегиски менаџмент*. Скопје: Економски факултет.

98. Темков, К. (2007). *Како да се биде добар: етика за млади*. Скопје: Охо.

99. Темков, К. (2010, 11 Јан). Основните вредности на заедничкото живеење. Скопје: *Нова Македонија,* бр. 2879.

100. Темков, К. (2010). *Етика за VI одделение*. Скопје: Министерство за образование и наукана Република Македонија: Графички центар дооел.

101. [The Maastricht Treaty] (1992). *Provisions amending the Treaty establishing the European Economic Community with a wiew to establishing the European Community*. Maastricht, 7 February 1992.

102. Thornton, L. F. (2015, June 17). *Which Values Are Ethical Values?.* Преземено од: https://leadingincontext.com/2015/06/17/ethical-values/

103. UNESCO. *Medina of Fez.* Преземено од: http://whc.unesco.org/en/list/170

104. Urh, M. & Jareb, E. (2014) Learning Habits in Higher Education. *Elsevier & Procedia-Social and Behavioral Sciences,* 116, 350-355. doi: 10.1016/j.sbspro.2014.01.220. Преземено од: Learning-Habits-in-Higher-Educati_2014_Procedia---Social-and-Behavioral-Scie.pdf

105. Viktor, A. (2013). Code of ethics for professional teacher (PowerPoint slides). Преземено од: https://www.slideshare.net/alicevictor1/code-of-ethics-for-professional-teacher-16460665?next_slideshow=1

106. Vukasoviç, A. (1978). Edukata morale. Кај P. Shimlesha & A. Ramaj (уредници), *Pedagogjia*. Prishtinë: Enti i Teksteve dhe i Mjeteve Mësimore i Krahinës Socialiste Autonome të Kosovës.

107. Wallance, S. (2015). *A Dictionary of Education* (2 ed.). United Kingdom: Oxford University Press. Преземено од: https://books.google.mk/books?id=udidBQAAQBAJ&printsec=frontcover&dq=A+dictionary+of+education&hl=en&sa=X&ved=2ahUKEwjXt9j3wZnwAhW2gP0HHTfHCSoQ6AEwAHoECAQQAg#v=onepage&q=A%20dictionary%20of%20education&f=false

108. Webster, R. S. & Whelen, R. D. (2019). The Importance of Rethinking Reflection and Ethics for Education. In R. S. Webster & R. D. Whelen, Rethinking Reflection and Ethics for Teachers. Basingstoke: Springer Nature.

109. Wolfsdorf, D. (2015). Sophistic Method and Practice. In W. M. Bloomer (Ed.). *A Companion to Ancient Education*. Hoboken: John Wiley & Sons.

110. World Sustainable, Sustainability Through Statistics and Research. (2020). *Descriptive Statistics on SPSS: With Interpretation.*

Преземено од: https://worldsustainable.org/descriptive-statistics-on-spss/

111. Xhambazi, G. & Adili, B. (2017). Edukimi moral dhe karakteri i mësuesit si faktorë të rëndësishëm në formimin e personalitetit të nxënësit. *PHILSOPHICA: International Journal of Social and Human Sciences,* 4(8), 59-62.

112. Xheladin Murati. (2019, March 21). Etika profesionale e mësuesit duhet në çdo rast të mbajë parasysh kombinimin e detyrimeve ligjore, vlerave etike, synimet pedagogjike dhe institucionale [Facebook update].
Превземено од: https://www.facebook.com/xheladin.murati

113. Закон за основно образование, Консолидиран текст. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012,

100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 127/16)

114. Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта. *Службен весник на РСМ,* бр. 161 од 5.8.2019 год.

115. Златески, П. (2010). *Етика во религиите: Учебник за V одделение*. Скопје: Министерство за образование и наукана Република Македонија: Графички центар дооел.

116. Zimberi, A. (2006). *Teoria e edukatës II*. Tetovë: Universiteti Shtetërorë i Tetovës, Fakulteti i Shkencave Humane dhe Arteve.

## СПИСОК НА ТАБЕЛИ

### Анализа на фактори на податоците од истражувањето со наставници

Табела бр. 1: Вредности на тестот КМО ........ 67

Табела бр. 2: KMO and Bartlett's Test ........ 67

